Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-1480/1
27.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ЗА 2023 ГОДИНА

март, 2024 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ... 4
РЕГУЛАТИВА ... 7
СТРАТЕШКИ ПЛАН НА АВМУ ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2028 ГОДИНА ... 9
ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 11
ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 22
ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 23
СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ... 26
ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ ... 31
ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ ... 37
ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ... 39
ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ... 44
ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ... 45
ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ... 46
УПРАВНИ СПОРОВИ ... 51
АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА ... 52
ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ... 55
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 57
ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ... 67
ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ... 71
ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ... 79
МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ... 80

ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ... 86
1. ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ И ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ ... 87
2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ПРОГРАМСКИ НАДЗОР ... 125
ВО 2023 ГОДИНА ... 125
3. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ, РАСХОДИ, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ ЗА 2023 ГОДИНА ... 136

# ВОВЕД

Во 2023 година, во тек беше процесот на медиумски реформи со кои постојниот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги требаше да се усогласи со изменетата ЕУ Директива за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018. Претставници на Агенцијата, како дел од Работната група за измени на Законот, формирана од Министерството за информатичко општество и администрација, активно работеа на изготвувањето на амандманите на Законот и учествуваа на јавните консултации и расправи. Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше усвоен од Собранието во јули 2023 година, со што се изврши негово усогласување изменетата ЕУ Директива. Покрај учеството во работната група, претставниците на регулаторното тело континуирано соработуваа со експертите од проектот *„ЕУ за слобода на изразување: Усогласување на националното законодавство за медиуми со законодавството на ЕУ и стандардите за медиуми“* така што даваа коментари на изготвените анализи и дадените предлози за законски измени и учествуваа на работни средби и конференции. Во извештајната година, претставници на Агенцијата учествуваа и во Работната група за реформи на изборното законодавство, а Агенцијата ја презеде и координацијата на нејзината помала работна група 3 – Изборна кампања и медиуми.

Една од поважните активности коишто регулаторот ги реализираше во 2023 година е изработката на Стратешкиот план на Агенцијата за периодот од 2024 до 2028 година. Во овој документ се утврдени целите коишто таа ќе се стреми да ги постигне во следните пет години, како и конкретните активности што ќе ги преземе заради остварување на тие цели. Со Стратешкиот план регулаторот утврди два вида на цели – организациски, кои се очекува да доведат до зголемување на ефикасноста и ефективноста на неговото работење, и регулаторни, со кои се очекува да се подобрат одредени аспекти на медиумската индустрија, како што се засилување на слободата на изразување и медиумскиот плурализам, зголемување на конкурентноста и одржливоста на медиумскиот пазар, понатамошен развој на медиумската писменост, транспарентност на медиумската сопственост и др. Составен дел на Стратешкиот план е и Акциски план, во кој за секоја стратешка цел, покрај активностите што ќе се преземат, утврдени се и индикатори, како и период кога е планирано активностите да се реализираат.

За да констатира дали радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги и издавачите на печатени медиуми ги исполнуваат обврските кои за нив произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), Законот за медиуми (ЗМ) и подзаконските акти кои произлегуваат од овие два закони, Агенцијата во текот на целата година вршеше надзор (програмски и админстративен) над нивното работење.

Врз радодифузерите беа извршени вкупно 369 надзори. Од нив, 164 беа извршени заради следење на исполнувањето на програмските обврски, административните обврски беа предмет на 202 надзори, а три надзори беа стручни, односно беа извршени со цел да се утврди дали радиодифузерите ги исполнуваат техничките услови во согласност со добиените дозволи за вршење на дејноста.

Над операторите на јавни електронски комуникациски мрежи беа направени 94 програмски надзори. Во текот на целата година, од страна на операторите до Агенцијата беа доставени 284 пријави за регистрација на пакет програмски сервиси, а беа издадени вкупно 286 потврди за регистрација (две потврди се издадени врз основа на пријави доставени во 2022 година).

Над давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање Агенцијата спроведе шест програмски надзори, а исто толку, но административни надзори, се спроведени и над издавачите на печатени медиуми.

За констатираните прекршување на ЗААВМУ, ЗМ и подзаконските акти, во текот на 2023 година беа изречени 82 мерки. Од нив, 53 биле јавни опомени кон радиодифузери, четири јавни опомени кон издавачи на печатени медиуми, шест решенија за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси на операторите, 10 прекршочни постапки, три одлуки за одземање дозволи и шест решенија за бришење од регистрите на радиодифузери.

Во извештајната година Агенцијата донесе 11 одлуки со кои дозволи промена во сопственичката структура на 10 радиодифузери (две одлуки се однесуваа на промена на сопственоста на ист радиодифузер), и тоа на три телевизии и седум радиостаници.

Во рамки на својата законска обврска да презема активности за поттикнување на медиумската писменост, во октомври, под мотото „Брз прст, лажни вести носи“, беа организирани „Деновите на медиумската писменост 2023“, во рамки на кои се одржаа голем број настани (конференции, работилници, дебати) организирани од страна на членки на Мрежата за медиумска писменост. Во организација на Агенцијата беше работилницата „Низ дигиталното – нови предизвици за медиумската писменост?“, на која учествуваа и лица со сетилна попреченост, кои ја искористија можноста на знаковен јазик да ги изнесат своите ставови во врска со темата. Надвор од ДМП 2023, Агенцијата во извештајната година иницираше истражување на компетенциите за медиумската писменост кај децата, кое имаше за цел да обезбеди корисни податоци за реформите што се спроведуваат во образованието, а како дел од своите напори за поттикнување на медиумската писменост кај децата, во Агенцијата беа одржани две работилници со ученици од две основни училишта. Во текот на целата година, претставници на Агенцијата учествуваа на повеќе настани кои третираа теми од областа на медиумската писменост.

Во врска со родовите прашања во медиумските содржини, беа изработени анализи поврзани со родот во медиумите, беше изработено видео „Родот во забавните програми на радиодифузерите“ и беше одржана работилницата „Унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите во Северна Македонија“. Покрај тоа, Агенцијата учествуваше и во изработката на Предлог-законот за родова еднаквост, Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и други стратешки документи, а претставници на Агенцијата учествуваа и на повеќе настани на кои се обработуваа родовите прашања.

Во 2023 година, согласно измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ги продолжи за уште три години дозволите на вкупно 90 телевизии и радија чија важност истекува заклучно со 31 декември 2024 година, а додели три нови дозволи - една за радио емитување (на РА Универзум) и две за телевизиско емитување (на ТВ Вистел и на ТВ КТВ). Во извештајната година престанаа да важат дозволите на шест радиодифузери.

За да обезбеди сеопфатни податоци за економските перформанси на радиодифузерите, Агенцијата ја изработи „Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година“. Во рамки на Јуфрекс 2 проектот беше изработена публикацијата „Проценка - Економска виталност и одржливост на аудиовизуелната медиумска индустрија во дигиталното опкружување - Северна Македонија“, која нуди повеќе предлози и препораки кои имаат за цел зајакнување на улогата на аудиовизуелните медиуми, а дава и примери на практики кои можат да послужат за креирање најсоодветен модел за поддршка на домашната продукција кај нас. Освен овие, беа изработени и анализата „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги во 2022 година“, извештајот „Сопственоста на медиумите во 2023 година“, три студии за утврдување оправданост за објавување јавни конкурси за доделување дозволи за телевизиско и радио емитување, „Анализа за утврдување на минималните кадровски услови кај радиодифузерите“ и др.

Во однос на меѓународната соработка, претставници на Агенцијата учествуваа во повеќе меѓународни активности организирани од Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услиги (ЕРГА), како и на повеќе состаноци во организација на Европската платформа на регулаторни тела во областа на електронските медиуми (ЕПРА). Соработката со ОБСЕ/ОДИХР главно беше во рамки на подготовката и промовирањето на Кодексот за однесување во онлајн процесот за време на изборни процеси и референдуми, кој го опфаќа однесувањето на политичките партии, нивните кандидати и независните кандидати во онлајн просторот, за време на избори и референдуми и со него се опфатени и интернет изданијата на радиодифузерите, онлајн медиумите, проверувачите на факти, инфлуенсерите и други субјекти кои можат да извршат влијание врз јавноста во функција на кампања.

Агенцијата во 2023 година учествуваше на неколку билатерални скрининзи со Европската комисија за различни поглавја, а во текот на целата година активно беше вклучена и во изработката на документите кои произлегоа како обврска за нашата држава од билатералните скрининзи за Функционирање демократски институции и за Поглавје 23 – Фундаментални права.

Во 2023 година Агенцијата одржа 42 редовни седници, 10 јавни седници и четири јавни состаноци (по еден во секој квартал од годината) на кои беа презентирани активностите кои ги презеде во секој изминат квартал и на кои сите заинтересирани страни имаа можност да ги изразат своите ставови и мислења во врска со разни прашања за развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги во земјата. Исто така, Агенцијата во текот на целата година објавуваше информации за своите активности на својата интернет страница, на веб страницата „Родот и медиумите“, како и на Youtube каналот и Facebook страницата на Агенцијата.

Иако со измените на ЗААВМУ од јули 2023 година, се укина дискреционото право во однос на утврдување на висината на средствата за радиодифузна дејност и точно се пропиша дека тие ќе изнесуваат 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на РС Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација, спротивно на одредбите од законот продолжи на Агенцијата да ѝ префрлува помалку средства од законски пропишаните. За месеците август, септември, октомври, ноември и декември 2023 година на Агенцијата и беа префрлени 3.685.270,00 денари помалку отколку што е со законот пропишано. Во врска со ова, Агенцијата во два наврати се обрати до Министерството, а потоа и до Собранието и надлежните собраниски комисии, но со оглед на тоа што се исцрпија сите можности, во јануари 2024 година Агенцијата поднесе тужба пред надлежен суд.

# РЕГУЛАТИВА

## Измени и дополнување на медиумската и изборната регулатива

Претставници на Агенцијата, минатата година, учествуваа во работните групи за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Изборниот законик, формирани од Министерството за информатичко општество и администрација, односно Министерството за правда.

Покрај учеството во работната група, претставниците на регулаторното тело континуирано соработуваа со експертите од проектот *„ЕУ за слобода на изразување: Усогласување на националното законодавство за медиуми со законодавството на ЕУ и стандардите за медиуми“* така што даваа коментари на изготвените анализи и дадените предлози за законски измени и учествуваа на работни средби и конференции. На 12 јануари, беше одржан онлајн работен состанок со Министерството за информатичко општество и администрација, Делегацијата на ЕУ и експертите од споменатиот проект, кој беше посветен на дотогаш реализираните активности во рамки на проектот и на подготовки за првиот јавен настан за негово претставување. Првиот јавен настан беше одржан на 25 јануари, на кој претставникот на Агенцијата, во рамки на воведното обраќање, се осврна на важноста на процесот на усогласување на медиумското законодавство, додека во рамки на панел дискусијата претставничка на Агенцијата говореше за новите обврски што ќе произлезат за регулаторот од усогласувањето на ЗААВМУ со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги. Во текот на февруари, во неколку наврати беа давани коментари за нацрт-амандманите на ЗААВМУ изготвени од страна на експерткитe. Освен ова, беа дадени коментари и на изработените ГАП и РИА анализите. На 22 февруари, се одржа онлајн средба меѓу претставници на Работната група за измена на ЗААВМУ и експерткитe ангажирани на Проектот, на кој се разгледуваа коментарите на нацрт-амандманите кои беа дадени на претходен состанок на работната група. На 8 март, претставници на Агенцијата одржаа состанок со експерткитe Кетрин Меткалф и Снежана Трпевска во врска со третата компонента од проектот, која се однесуваше на давање препораки за правни, регулаторни и саморегулаторни механизми со кои може да се одговори на предизвиците што ги поставува новото дигитално медиумско опкружување. На 15 јуни беше одржан состанок со експертите Диадре Кевин, Снежана Трпевска и Драган Секуловски во врска со третата компонента од проектот. На 12 и 13 октомври, претставници на Агенцијата учествуваа на работилница за медиумски реформи 2023 година „Кон одржлив, разновиден и безбеден медиумски сектор: поддршка на демократијата и плурализмот и во служба на граѓаните“, организирана во рамки на истиот проект.

Како дел од Работната група за спроведување на проектот *„ЕУ за слобода на изразување: Усогласување на националното законодавство за медиуми со законодавството на ЕУ и стандардите за медиуми“*, претставници на Агенцијата, заедно со претставниците на Министерството за информатичко општество и администрација активно работеа на изготвувањето на амандманите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и учествуваа на јавните консултации и расправи. Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше усвоен од Собранието во јули 2023 година, со што се изврши усогласување на Законот со изменетата ЕУ Директива за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018.

Откако Законот за изменување и дополнување на ЗААВМУ беше објавен во Службен весник на РС Македонија, Агенцијата констатираше дека при поднесувањето на текстот на предлог-законот во собраниска процедура, подносителот има направено пропусти од техничка природа. Имено, беше воочено дека одредени законски одредби се само делумно применливи, некои се неприменливи, недостасуваа измени и дополнувања во делот на прекршочните одредби за да се пропишат прекршочни одредби за прекршување на одредени членови од ЗААВМУ, а беше потребно и да се интервенира во преодните одредби со цел

доследно и непречено имплементирање на новата регулатива. Поради тоа, Агенцијата во август 2023 година до Министерството за информатичко општество и администрација достави Предлог за измена и дополнување на ЗААВМУ.

Во септември 2023 година, Министерството за информатичко општество и администрација од Агенцијата побара мислење во врска со нов Предлог на закон за изменување и дополнување на ЗААВМУ, кој се однесуваше на воведувањето и уредувањето на државните кампањи, а содржеше и одредби во врска со реемитувањето програмски сервиси. Законот беше предвидено да се донесе по скратена постапка. Агенцијата го достави своето мислење, при што посочи дека предложените измени не се во насока на усогласување на националното медиумско законодавство со европската легислатива, стандарди и практики и овие измени го поткопуваат развојот на аудиовизуелната област. Ставот на Агенцијата беше дека понудените законски одредби во врска со задолжително емитување кампањи на централната и локалната власт на приватни радиодифузери се апсолуно неприфатливи, дека тие се се дискриминаторски и непропорционални, односно дека се во функција на само неколку субјекти, како и дека оставаат можност за политичка злоупотреба на радиодифузерите. Во врска со предложените измени на одредбите што го уредуваат реемитувањето на програмските сервиси од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, чија цел е поголема заштита на авторските права и сродните права, Агенцијата посочи дека се согласува дека заштитата на авторските права и сродните права е од голема важност, но дека нивна поголема заштита не може да се постигне со било какви измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, туку само и единствено со измени и подобрувања на Законот за авторското право и сродните права. Ваквиот став на Агенцијата е потврден и од страна експертите од DG CONNECT, Уставниот суд на Република Северна Македонија, како и од домашните и странските експерти ангажирани за хармонизација на македонската медиумска регулатива. Во периодот на изработка на овој Извештај, предлогот за изменување и дополнување на ЗААВМУ е веќе усвоен во Собранието и објавен во Службен весник на РС Македонија.

Во однос на Изборниот законик, на барање на Работната група за реформи на изборното законодавство, Агенцијата ја презеде координацијата на нејзината помала работна група 3 – Изборна кампања и медиуми. Групата за изборна кампања и медиуми одржа пет состаноци во просториите на Агенцијата во текот на јули и август, а на 21 август до Министерството за правда и до претседателот на Работната група за реформи на изборното законодавство достави предлози за измена на Изборниот законик. Кон крајот од годината, на барање од Министерството за правда, Агенцијата достави забелешки и предлози на Предлог-текстот за измени на Изборниот законик.

Во 2023 година Агенцијата одржа работен состанок со Јавното претпријатие Национална радиодифузија, Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за електронски комуникации во однос на можноста и предизвиците за воведување дигитално радио во РС Македонија. На работниот состанок се дискутираше и за потешкотиите кои постојат за воведување на дигиталното радио, начинот на надминување, како и насоките за понатамошно делување. Во врска со ова, Агенцијата до Министерството за информатичко општество и администрација, како надлежен ресор, достави допис со предлог за изменување на Законот за електронските комуникации.

## Подзаконски акти од областа на медиумската регулатива

По стапувањето на сила на Законот за изменување и дополнување на ЗААВМУ во јули 2023 година, Агенцијата започна со активности за изработка на подзаконските акти со коишто треба да се разработат

одредени законски одредби за да се овозможи нивна примена. Иако, согласно преодните одредби од овој Закон, Агенцијата има обврска да ги донесе подзаконските акти најдоцна до крајот на јули 2025 година, имајќи предвид дека подзаконските акти се неопходни за да може непосредно и правилно да се спроведат одредбите од законот, Агенцијата веднаш започна со нивната изработка. Станува збор за повеќе подзаконски акти со кои треба да се допрецизираат и доуредат одредбите во врска со: начинот на обезбедување на уделот и видливоста на европски дела во каталогот на програми на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; правилник со кој ќе се пропише кое физичко лице ќе се смета за давател на аудиовизуелна медиумска услуга по барање и формата и содржината на образецот на пријавата за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; мерките што давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да ги спроведуваат за нивните услуги да бидат попристапни за лицата со попреченост, како и начинот на кој ќе се спроведуваат обврските за обезбедување социјална инклузија; заштитата на малолетните лица, одредбите во врска со пласирање производи; како и мониторинг на „говорот на омраза“. Дел од овие акти стручната служба на Агенцијата ги подготвува во соработка со експерти од Твининг проектот „Засилување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“, дел во соработка со експерти од проектот ПРОФРЕКС на Советот на Европа и на ЕУ, а дел ги подготвува самостојно.

Во извештајната година Агенцијата ги измени и дополни следните подзаконски акти:

- Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, изменет и дополнет во два наврати, и тоа во март и во август; и

- Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, изменет и дополнет во септември, по повод одлуката на Уставниот суд на РСМ, со која се укина член 9 став 6 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на РМ“ бр.172/2014 и бр.76/2015“).

Во текот на 2023 година беа донесени и нови акти од страна на Агенцијата, и тоа:

- Политика на интегритет на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во април);

- Годишен план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година (во декември) и

- Годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година (во декември).

## СТРАТЕШКИ ПЛАН НА АВМУ ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2028 ГОДИНА

Тргнувајќи од потребата да ги утврди своите приоритети и цели за следните пет години и своето постапување да го заснова врз стратешки обмислен документ, Агенцијата во март 2023 година ги започна активностите за изготвување на својот стратешки план за периодот од 2024 година до 2028 година. Уште на почетокот, Агенцијата овозможи широка вклученост и инклузивност на сите релевантни субјекти во дејноста

- давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, операторите кои реемитуваат програмски сервиси, невладините организации, новинарските здруженија и други релевантни субјекти, имајќи предвид колку се корисни и важни нивните ставови и мислења при изработката на стратешкиот план.

Општа смерница при поставувањето на целите за наредните пет години беше новиот циклус на медиумска политика и оттука, насоките за работењето на медиумскиот регулатор кореспондираат со општите јавни цели дефинирани со новата медиумска политика. При утврдување на стратешките цели Агенцијата ги користеше сознанијата од сопствените анализи, студии, извештаи, како и релевантните анализи и истражувања на невладините организации и други субјекти што работат во областа на медиумите. Беше изработен и Извештај за реализација на Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година, кој содржи детален преглед на реализираните активности предвидени за овие пет години. Од овој Извештај е видно дека иако овие пет години поминаа во услови на Ковид-19 пандемијата, општата енергетска и економска криза, Агенцијата успеа да ги реализира сите планирани активности. При изработката на Стратешкиот план, Агенцијата спроведе и SWOT анализа, односно проценката на внатрешните фактори (предностите и слабостите) и надворешните фактори (можности и закани) важни за функционирањето на Агенцијата, која покажа дека: 1. предности на Агенцијата претставуваат: стручноста и компетентноста на вработените; самостојноста и независноста во одлучувањето и остварувањето на надлежностите; континуирана и добра соработка со давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со операторите на јавни електронски комуникациски мрежи; активна вклученост во работата на Европската платформа на регулаторните тела и добро развиена соработка со меѓународните организации и со регулаторни тела од други држави; и отвореност и подготвеност за промени; 2. слабости на Агенцијата претставуваат: зголемените надлежности на АВМУ со новата медиумска регулатива, без соодветно зголемување на човечките и материјалните ресурси, како и фактот дека постојната ИТ опрема со која располага Агенцијата нема да биде соодветна за да се исполнат проширените надлежности; 3. можности за развој на Агенцијата претставуваат: понатамошно зајакнување на стручноста и компетентноста на вработените; подобрување на медиумската регулатива со измените што се во тек; и понатамошно зајакнување на соработката со меѓународните организации и дијалогот со давателите на аудиовизуелни медиумски услуги; и 4. закани за редовното функционирање на Агенцијата претставуваат: недостаток на стабилно и соодветно финансирање; непостоење на национална стратегија за развој на дејноста; и правни празнини поради брзиот развој на медиумските услуги.

Со Стратешкиот план се предвидени активности со чие остварување се очекува да се постигнат определени организациски цели – насочени кон зголемување на ефикасноста и ефективноста на работењето на Агенцијата (понатамошно зајакнување на стручноста и знаењата на вработените, унапредување на работните процеси, унапредување на внатрешната организација на Агенцијата и унапредување на соработката со медиумските регулатори од други земји) и регулаторни цели - насочени кон подобрување на одредени аспекти на медиумската индустрија (унапредување на медиумска регулатива, засилување на слободата на изразување и медиумскиот плурализам, зголемување на конкурентноста и одржливоста на медиумскиот пазар, понатамошен развој на медиумската писменост и поттикнување на социјалната инклузија, јакнење на саморегулација и корегулацијата, зајакнување на заштита на малолетната публика и транспарентност на медиумската сопственост).

Составен дел на Стратешкиот план е и Акциски план во кој за секоја утврдена стратешка цел се утврдени конкретните активности што ќе ги преземе Агенцијата, индикаторите и периодот кога е планирано активностите да се реализираат.

Во периодот што го опфаќа овој стратешки план ќе биде потребно да се направат измени и дополнувања на македонското медиумско законодавство за да се обезбеди соодветна примена на новите прописи на Европската Унија, како што се Актот за дигитални услуги/Digital Service Act (DSA), Европскиот акт за

медиумски слободи/European Media Freedom Act (EMFA), Регулативата за транспарентноста и таргетирањето на политичкото рекламирање/Regulation of the European Parliament and of the Council on the transparency and targeting of political advertising, и Европскиот акт за Вештачка интелегенција (EU AI Act). Агенцијата во континуитет го следи развојот на овие акти и е добро запознаена со нивната содржина и прашањата што тие ги уредуваат и ќе го ревидира овој Стратешки план соодветно со измените и дополнувањата на македонското медиумско законодавство.

## ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во текот на 2023 година, Агенцијата го следеше работењето и исполнувањето на обврските на радиодифузерите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, подзаконските акти, како и обврските утврдени со дозволата за емитување. Беа спроведени вкупно 369 надзори, од кои 164 за обврските во поглед на програмата, 202 за административните обврски (во однос на: објавувањето импресум и информации за идентификација кои радиодифузерот мора да ѝ ги направи достапни на својата публика, обезбедувањето јавност во работењето, исполнувањето на минималните кадровски услови, плаќањето на годишниот надоместок за дозволите за телевизиско или радиоемитување) и три заради утврдување на исполнувањето на техничките услови во согласност со дозволите.

### Програмски надзори

Беа реализирани сите надзори планирани во Годишниот план за вршење програмски надзор во 2023 година. Покрај овие редовни надзори, беа реализирани и еден вонреден програмски надзор, иницирaн по службена должност, како и контролни надзори по изречени мерки јавна опомена за констатирани прекршувања, коишто се реализираат по истекот на рокот утврден во решението за изрекување мерка. За неколку од мерките јавна опомена изречени во 2023 година, контролните надзори ќе бидат реализирани во 2024 година. Затоа тие не се опфатени во овој Извештај. Оттаму, реализираните програмски надзори резултираа со вкупно 164 извештаи - 130 од редовните, 33 од контролните и 1 од вонреден надзор.

Во прегледот на сите програмски надзори даден во продолжение, тие се претставени месец по месец, согласно периодот кога биле завршени. Прегледот не ги опфаќа единствено надзорите што се однесуваат на почитувањето на професионалните стандарди во известувањето и на забраната за поттикнување говор на омраза, кои се поместени во главата „Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите“.

#### Јануари

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5), при што беше констатирано прекршување на одредбите во врска со пласирањето производи од член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) кај МРТ2 и беше изречена мерка јавна опомена.
- **Три контролни програмски надзори** врз телевизискиот програмски сервис Дибра ТВ за почитување на: член 50 став 3 од ЗААВМУ, односно на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (аплицирање на предупредувачка сигнализација); потоа на член 98 став 1 од ЗААВМУ (услови за рекламирање и телешопинг); и на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со

првите два надзора беше утврдено дека ТВ Дибра ги отстранила прекршувањата, но третиот покажа дека и натаму не ги почитува одредбите за емитување изворно создадена програма, поради што повторно ѝ беше изречена мерка јавна опомена[1].

- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Плус за почитување на член 54 став 5 од ЗААВМУ (недозволено спонзорирање верска програма) и на членот 4 од Правилникот за спонзорство (забрането спонзорирање верски програми, служби и проповеди). Беше утврдено дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Протел за почитување на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот), со кој беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

**Февруари**

- **Редовни програмски надзори** врз радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3), со кои не беа констатирани прекршувања на ЗААВМУ и на подзаконските акти.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Плус за почитување на член 92 став 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролни програмски надзори** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Калтрина за почитување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ и за почитување на член 50 став 3 од ЗААВМУ, односно на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот делумно постапил по изречената мерка, односно ги отстранил повредите на член 50 став 3 (заштита на малолетниците од потенцијално штетни програми) и на член 92 став 3 (најмалку половина од изворно создадената програма да се емитува во периодот од 7:00 до 19:00 часот), но продолжил со повредата на членот 92 став 1 од ЗААВМУ (обврска дневно да емитува најмалку 30% изворно создадена програма). Повторно му беше изречена мерка јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Спектра за почитување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, при што беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка.

**Март**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси Наша ТВ и ТВ 24 Вести. Кај Наша ТВ беше констатирано прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (предупредувачка сигнализација) и Советот на Агенцијата изрече мерка јавна опомена.
- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Компани 21 - М, ТВ Шења, ТВ Клан Мацедониа и ТВ Сонце. Со нив, кај ТВ Клан Мацедониа и кај ТВ Компани 21–М беше констатирано прекршување на член 55 став 1 од ЗААВМУ (забрана за пласирање производи), односно на точката 30 од Упатството за пласирање производи (забрана за пласирање производи во одредени видови

[1] Станува збор за контролен надзор по јавна опомена изречена на крајот од 2022 година. Кога во ваков случај, со контролен надзор спроведен на почетокот од наредната година ќе се утврди дека субјектот продолжил со прекршувањето, согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, повторно му се изрекува мерка јавна опомена.

програма), и прекршување на член 92 ставови 1 и 3 (изворна програма), а кај ТВ Сонце прекршување на член 64 став 1 (употреба на јазикот). На сите им беше изречена мерка јавна опомена.

- **Контролен програмски надзор** врз Јавниот радиодифузен сервис МРТ2 за почитување на член 55 став 5 од ЗААВМУ, при што беше констатирано дека програмскиот сервис постапил по мерката и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Спектра за почитување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка, отстранувајќи го прекршувањето.

**Април**

- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Дибра за почитување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот делумно постапил по изречената опомена, односно дека и понатаму го прекршува членот 92 став 1 од ЗААВМУ, поради што Советот на Агенцијата покрена прекршочна постапка.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Ускана Медиа за почитување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма), кој покажа дека медиумот во целост постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Калтрина за почитување на член 92 став 1 од ЗААВМУ (обврска дневно да емитува најмалку 30% изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот продолжил со прекршувањето, поради што Советот на Агенцијата покрена прекршочна постапка.

**Мај**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на државно ниво ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма. Кај ТВ Телма беше констатирано прекршување на членот 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ (неозначено пласирање производи, посебно промотивно препорачување и придавање претерана важност на пласираните производи во програмата); а кај ТВ Алсат-М на член 53 став 2 од ЗААВМУ (недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации), за што им беа изречени јавни опомени.
- **Редовни програмски надзори** врз 12 телевизиски програмски сервиси на државно ниво (МРТ1, Сител, Канал 5, Телма, Алфа, Алсат-М, 24 Вести, Наша ТВ, Сонце, Компани 21-М, Шења и Клан Мацедониа) во однос на годишната обврска за емитување европски аудиовизуелни дела која сите ја исполниле во 2022 година.
- **Редовни програмски надзори** врз 12 телевизиски програмски сервиси на државно ниво (МРТ1, Сител, Канал 5, Телма, Алфа, Алсат-М, 24 Вести, Наша ТВ, Сонце, Компани 21-М, Шења и Клан Мацедониа) во однос на обврската, во годишниот буџет за програма да одвојат најмалку 10% за набавка на европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, како и во однос на тоа дека најмалку половина од емитуваните вакви дела нема да бидат постари од пет години. Надзорот покажа дека сите радиодифузери ја исполниле оваа обврска во 2022 година.
- **Контролен програмски надзор** врз Наша ТВ за почитување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (програми во кои се аплицира предупредувачка сигнализација). Беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка.

- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Клан Мацедониа за почитувањето на член 55 став 1 од ЗААВМУ (забрана за пласирање производи). Беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Сонце за почитување на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот), кој покажа дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Компани 21-М за почитување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Беше констатирано дека радиодифузерот во целост го отстранил прекршувањето.

**Јуни**

- **Редовни програмски надзори** врз радио програмските сервиси Радио Антена 5, Радио Метрополис, Радио Канал 77 и ЈОН-РАДИО. Со надзорот беа констатирани прекршувања кај Радио Метрополис на член 54 став 5 (недозволено спонзорство на вести) и на член 100 став 1 (надминување на лимити за рекламирање) од ЗААВМУ, за што Советот на Агенцијата изрече мерки јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Клан Мацедониа за почитување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

**Јули**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Канал Вис, ТВ Кисс и Менада, ТВ 3, ТВ Полог, ТВ М НЕТ–ХД и ТВ Топестрада. Со надзорите беа констатирани прекршувања на член 64 став 1 (употреба на јазикот) кај ТВ Канал Вис и ТВ Кисс и Менада, а кај ТВ Полог - на член 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма), поради што беа изречени мерки јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Алсат-М за почитување на членот 53 став 2 од ЗААВМУ (недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации), со кој беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Телма за почитување на членот 55 ставови 5, 6 и 7[2] од ЗААВМУ (неозначено пласирање производи, посебно промотивно препорачување и придавање претерана важност на пласираните производи во програмата). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот и натаму ги прекршува одредбите, поради што Советот на Агенцијата покрена прекршочна постапка.

**Август**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси Г-ТВ, ТВ Канал 8, ТВ Гурра, ТВ Здравкин и ТВ Плус. Со надзорите беа констатирани следниве прекршувања: на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (предупредувачка сигнализација) кај Г-ТВ и кај ТВ Гурра; на член 98 став 1 од ЗААВМУ (услови за рекламирање и

[2] Со влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на ЗААВМУ „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23, одредбите од член 55 кои претходно беа ставови 5, 6 и 7, станаа член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4.

телешопинг) кај ТВ Гурра, како и на член 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма) кај Г-ТВ, ТВ Гурра и ТВ Здравкин. За сите констатирани прекршувања беа изречени мерки јавна опомена.

**Октомври**

- **Редовни програмски надзори** врз радио програмските сервиси Радио Роса – АБ, Радио РФМ, Радио Зона М1, ЕФ-ЕМ 90,3 - Спортско радио и Скај Радио. Со надзорот, кај Скај Радио беше констатирано прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика (радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 до 00 часот) и му беше изречена мерка јавна опомена.
- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5), со кои беа констатирани прекршувања на членот 92 став 1 (изворно создадена програма) кај МРТ4 и МРТ5.
- **Вонреден програмски надзор, реализиран по службена должност**, врз Радио Канал 77 за почитување на член 68 (дозволата за телевизиско или радио емитување ја доделува Агенцијата за одредено ниво на гледаност или слушаност (државно, регионално или локално), а иметелот на дозволата стекнува право да го емитува радио или телевизискиот програмски сервис во подрачјето за кое ја добил дозволата), а во врска со член 3 став 1 точка 12 од ЗААВМУ (програмски сервис или програмски канал е целина од програми и други елементи на една единствена аудио или аудиовизуелна медиумска услуга што ја обезбедува конкретен радиодифузер и што е наменета за прием од страна на јавноста). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот на две различни фреквенции емитува различни реклами, односно дека на целата територија на земјата не емитува еден/единствен програмски сервис емитуван како целина од програми и други елементи на една единствена аудио медиумска услуга што е наменета за прием од страна на јавноста - со што го прекршил член 68 од ЗААВМУ. Со оглед на фактот дека со ваквото постапување на Радио Канал 77, по издавањето на дозволата се настанати околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно член 82 став 1 алинеја 5 од ЗААВМУ, Советот одлучи да започне постапка за одземање на дозволата.
- **Контролни програмски надзори** врз радио програмскиот сервис Радио Метрополис за почитување на членот 100 став 1 (надминување на лимити за рекламирање) и на членот 54 став 5 (недозволено спонзорство на вести) од ЗААВМУ. Беше констатирано дека радиото повеќе не ги надминува лимитите за рекламирање, но и понатаму емитува спонзорирани вести, поради што Советот на Агенцијата покрена прекршочна постапка.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Кисс и Менада за почитување на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот). Беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.

**Ноември**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма. Со надзорите, кај ТВ Алсат-М беше констатирано прекршување на членот 98 став 2 од ЗААВМУ (услови за рекламирање и телешопинг), односно на членот 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники; кај ТВ Сител, на член 53 став 2 од ЗААВМУ (забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации); и кај ТВ Телма на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 22

став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (предупредувачка сигнализација). За сите прекршувања беа изречени јавни опомени.

- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Канал Вис за почитување на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот), при кој беше утврдено дека телевизијата го отстранила прекршувањето.
- **Два контролни програмски надзори** врз телевизискиот програмски сервис Г-ТВ - едниот за почитување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма), а другиот за член 50 став 3 од ЗААВМУ и членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (програми во кои се аплицира предупредувачка сигнализација). Беше констатирано дека радиодифузерот ги отстранил прекршувањата.
- **Контролен програмски надзор** врз радио програмскиот сервис Радио Канал 77 за почитување на член 68 (дозволата за телевизиско или радио емитување ја доделува Агенцијата за одредено ниво на гледаност или слушаност (државно, регионално или локално), а имателот на дозволата стекнува право да го емитува радио или телевизискиот програмски сервис во подрачјето за кое ја добил дозволата), а во врска со член 3 став 1 точка 12 од ЗААВМУ (програмски сервис или програмски канал е целина од програми и други елементи на една единствена аудио или аудиовизуелна медиумска услуга што ја обезбедува конкретен радиодифузер и што е наменета за прием од страна на јавноста). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето, по што Советот на Агенцијата ја запре постапката за одземање на дозволата.
- **Контролниот програмски надзор** врз ТВ Здравкин за почитување на членот 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма) не беше реализиран бидејќи радиодифузерот во ноември 2023 година престана да емитува програма.

**Декември**

- **Редовни програмски надзори** врз програмските сервиси на непрофитните радиодифузни установи Радио Марија – Благовест, Универзитетско Радио Студент ФМ 92.9, Универзитетско Радио УКЛО ФМ и Универзитетско Радио УГД ФМ. Со надзорот не беа констатирани прекршувања.
- **Контролни програмски надзори** врз МРТ 4 и МРТ 5 за обврските од членот 92 став 1 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Обата сервиса постапиле по изречените мерки и ги отстраниле прекршувањата.
- **Контролен програмски надзор** врз радио програмскиот сервис Скај Радио за обврските од членот 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ (емитување домашна музика). Беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Алсат - М за обврските од членот 98 став 2 од ЗААВМУ (услови за рекламирање и телешопинг) и членот 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники (реклама на поделен екран). Беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Сител за обврските од членот 53 став 2 од ЗААВМУ (забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации). Беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

**Административни надзори**

- **Назори над исполнувањето на обврската за објавување импресум и информации за идентификација**

Во 2023 година редовните административни надзори врз радиодифузерите во однос на објавувањето импресум и информации за идентификација кои радиодифузерот мора да ѝ ги направи достапни на својата публика беа реализирани согласно планираното во годишниот План за вршење административен надзор. Со оглед на тоа дека со редовните надзори кај некои радиодифузери беа констатирани прекршувања и им беа изречени мерки јавна опомена, по истекот на рокот за отстранување на повредата на законот, утврден во решението за изрекување мерка, беа реализирани и контролни надзори. За оние радиодифузери на кои мерките јавна опомена им беа изречени на крајот на 2023 година, контролните надзори ќе бидат реализирани во 2024 година и тие не се опфатени во овој Извештај. Од спроведените вкупно 75 административни надзори, 55 беа редовни, а 20 контролни.

Редовниот административен надзор врз радиодифузерите за достава на извештаите за почитување на програмскиот концепт во 2022 година, беше спроведен врз вкупно 105 медиуми (42 телевизиски и 63 радио сервиси).

Прегледот на сите административни надзори претставен подолу, е организиран според периодот на нивното завршување.

**Јануари**

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5), при што не беа констатирани прекршувања.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис Дибра ТВ за член 51 став 1 од ЗААВМУ (објавување информации за корисниците) и за членот 14 од Законот за медиуми (импресум). Беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречените мерки и ги отстранил прекршувањата.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Канал Феста за почитување на член 51 став 1 од ЗААВМУ (објавување информации за корисниците). Со надзорот беше констатирано дека телевизијата продолжила со прекршувањето, поради што Советот на Агенција ѝ изрече мерка јавна опомена[3].

**Февруари**

- **Редовни административни надзори** врз радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3), при што не беа констатирани прекршувања.

[3] Станува збор за контролен надзор по јавна опомена изречена на крајот од 2022 година. Кога во ваков случај, со контролен надзор спроведен на почетокот од наредната година ќе се утврди дека субјектот продолжил со прекршувањето, согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, повторно му се изрекува мерка јавна опомена.

- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Калтрина за член 51 став 1 од ЗААВМУ (објавување информации за корисниците) и за членот 14 од Законот за медиуми (импресум). Беше констатирано дека радиодифузерот го усогласил своето работење.
- **Контролен административен надзор** врз радио програмскиот сервис Универзитетско Радио Студент ФМ 92.9 за почитување член 97 став 2 од ЗААВМУ (идентификација на радиодифузер) и за членот 14 од Законот за медиуми (импресум). Беше констатирано дека радиото постапило по изречените мерки.
- **Контролен административен надзор** врз радио програмскиот сервис Универзитетско Радио УГД ФМ за почитување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, со кој беше утврдено дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Плус за почитување на член 14 од Законот за медиуми, при кој беше констатирано дека радиодифузерот го усогласил работењето.

**Март**

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси Наша ТВ и ТВ 24 Вести, со кои не беа констатирани прекршувања.
- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Компани 21 - М, ТВ Шења, ТВ Клан Македониа и ТВ Сонце. Прекршување на член 14 од Законот за медиуми (импресум) беше констатирано кај ТВ Компани 21-М и беше изречена мерка јавна опомена.
- **Контролен административен надзор** врз радио програмскиот сервис РА Марија Благовест за почитување на член 51 став 1 од ЗААВМУ. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ КАНАЛ ФЕСТА за почитување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, кој покажа дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.

**Април**

- **Редовни административни надзори** врз сите радиодифузери што емитувале радио и телевизиска програма во 2022 година за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми (доставување извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување во 2022 година). Од вкупно 106 радиодифузери, со надзорот беа опфатени 105 бидејќи ТВ Њуз ја доби дозволата за емитување во ноември 2022 година, а законската обврска од член 15 став 5 се исполнува на годишно ниво. Вкупно 104 радиодифузери ја исполнија обврската, од нив 42 телевизии и 62 радија (извештаите во законски утврдениот рок, до 31 март во тековната година, ги доставија вкупно 36 телевизии и 56 радија). Според податоците од доставените извештаи, сите радиодифузери генерално биле во рамки на програмските концепти утврдени во дозволите за емитување. Радио ПРО-ФМ воопшто не достави писмен извештај, поради што му беше изречена мерка јавна опомена.

**Мај**

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма, при кои не беа констатирани прекршувања.

- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Компани 21-М за почитување на членот 14 од Законот за медиуми (објавување импресум), со кој беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.

**Јуни**

- **Редовни административни надзори** врз радио програмските сервиси Радио Антена 5, Радио Канал 77, Метрополис Радио и Јон Радио. Со надзорите беа констатирани прекршувања кај: Радио Канал 77 на член 14 од Законот за медиуми и на член 51 став 1 од ЗААВМУ; и кај Радио Метрополис на член 14 од Законот за медиуми и им беа изречени мерки јавна опомена.

**Јули**

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Канал Вис, ТВ Кисс и Менада, ТВ 3, ТВ Полог, ТВ М НЕТ–ХД и ТВ Топестрада. Со надзорите беа констатирани прекршувања кај: ТВ Кисс и Менада на член 14 од Законот за медиуми и на член 51 став 1 од ЗААВМУ; и кај ТВ Полог на член 14 од Законот за медиуми, поради што им беа изречени мерки јавна опомена.
- **Контролен административен надзор** врз радио програмскиот сервис Радио ПРО-ФМ за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми (доставување извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување во 2022 година). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената јавна опомена и во дополнителниот рок го достави до Агенцијата писмениот извештај.

**Август**

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси Г-ТВ, ТВ Канал 8, ТВ Гурра, ТВ Здравкин и ТВ Плус. Со надзорите беа констатирани прекршувања кај: ТВ Гурра на член 14 од Законот за медиуми и на член 51 став 1 од ЗААВМУ; кај Г-ТВ и ТВ Здравкин на член 14 од Законот за медиуми; а кај ТВ Плус на член 51 став 1 од ЗААВМУ. На сите им беа изречени јавни опомени.

**Септември**

- **Контролни административни надзори** врз радио програмскиот сервис Радио Канал 77 за член 14 од Законот за медиуми (објавување импресум) и за член 51 став 1 од ЗААВМУ (објавување информации за корисниците), со кои беше констатирано дека радиодифузерот ги отстранил прекршувањата.

**Октомври**

- **Редовни административни надзори** врз радио програмските сервиси Радио Роса – АБ, Радио РФМ, Радио Зона М1, ЕФ-ЕМ 90,3 - Спортско радио и Скај Радио. Со надзорите беше констатирано прекршување на членот 14 од Законот за медиуми кај ЕФ-ЕМ 90,3 - Спортско радио и му беше изречена мерка јавна опомена.

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5). Со надзорите беше констатирано прекршување на членот 14 од Законот за медиуми (објавување импресум) кај МРТ3 и му беше изречена мерка јавна опомена.
- **Контролен административен надзор** врз радио програмскиот сервис Радио Метрополис за почитување на членот 14 од Законот за медиуми (објавување импресум). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не постапил по изречената мерка опомена и Советот на Агенцијата покрена прекршочна постапка.
- **Контролни административни надзори** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Кисс и Менада за почитување на член 14 од Законот за медиуми (објавување импресум) и на член 51 став 1 од ЗААВМУ (објавување информации за корисниците). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречените мерки и ги отстранил прекршувањата.

**Ноември**

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма. Со надзорите, кај ТВ Телма беше констатирано прекршување на членот 14 од Законот за медиуми (импресум) и Советот на Агенцијата ѝ изрече мерка јавна опомена.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис Г-ТВ за почитување на член 14 од Законот за медиуми (импресум). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролниот административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Здравкин за почитување на членот 14 од Законот за медиуми (импресум) не беше реализиран бидејќи ТВ Здравкин во ноември 2023 година престана да емитува програма.

**Декември**

- **Редовни административни надзори** врз непрофитните радиодифузни установи Радио Марија – Благовест, Универзитетско Радио Студент ФМ 92.9, Универзитетско Радио УКЛО ФМ и Универзитетско Радио УГД ФМ, при што не беа констатирани прекршувања.
- **Контролни административни надзори** врз телевизискиот програмски сервис МРТ3 и радио програмскиот сервис ЕФ-ЕМ 90.3-Спортско Радио за обврските од членот 14 од Законот за медиуми (објавување импресум). Со надзорите беше констатирано дека програмските сервиси постапиле по изречените мерки.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Плус за обврските од членот 51 став 1 од ЗААВМУ (објавување информации за корисниците). Беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

- **Надзори над исполнувањето на минималните кадровски услови**

Постапувајќи согласно одлука на Уставниот суд на РСМ, во 2023 година беше изменет „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“, при што беа утврдени нови кадровски услови што треба да ги исполнат телевизиите и радиостаниците за да емитуваат програма.

Агенцијата го измени и дополни Правилникот на начин што пропиша минималните кадровски услови да не се однесуваат за сите лица ангажирани во радиодифузерите, туку само за оние кои учествуваат во создавањето на програмата, и тие лица да бидат во редовен работен однос и со полно работно време вработени во радиодифузерот.

Измените на правилникот стапија на сила во октомври, а истиот месец Агенцијата испрати допис до сите радиодифузери со кој побара, во рок од 30 дена од денот на приемот на дописот, да и достават документи (М1/М2 обрасци, издадени од Агенцијата за вработување на РС Македонија) од кои ќе може да констатира дали ги исполнуваат минималните кадровски услови утврдени во правилникот.

Врз основа на доставената документација од страна на радиодифузерите, во текот на ноември и декември беа направени 92 вонредни административни надзори и беше констатирано дека минималните кадровски услови се исполнети кај сите 92 радиодифузери кои беа предмет на надзор.

Во врска со исполнувањето на минималните кадровски услови утврдени претходно во Правилникот (пред да биде изменет во октомври 2023 година), Агенцијата во извештајната година изврши еден вонреден и два контролни надзора. Вонреден надзор беше направен над регионалната телевизија Шутел (во јануари 2023 година) и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови, односно нема ангажирано десет лица, од кои пет со високо образование вработени како новинари. Имајќи го предвид ова, а постапувајќи согласно своите законски надлежности, Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ Шутел. Оваа постапка беше запрена поради тоа што телевизијата, истиот ден кога постапката беше покрената, до Агенцијата достави документи врз основа на кои беше извршен контролен надзор и од кои беше видно дека ги исполнува кадровските услови потребни за вршење на дејноста.

На почетокот од 2023 година беше направен контролен надзор и над регионалната телевизија Ирис, со кој беше утврдено дека овој радиодифузер ги исполнува минималните кадровски услови од Правилникот кој тогаш беше во важност. Имајќи го предвид ова, Агенцијата донесе одлука со која беше запрена постапката за одземање на дозволата на ТВ Ирис, која беше покрената во декември 2022 година.

- **Следење на обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозвола за телевизиско или радио емитување за 2023 година**

Во насока на следење на обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување, Агенцијата во 2023 година спроведе вкупно 22 надзори над радиодифузери коишто не го платија надоместокот во законски утврдениот. Станува збор за следните: ТВ Шутел, ТВ Калтрина, ТВ Спектра, ТВ Ера, ТВ Здравкин, ТВ Плус, ТВ Канал Вис, ТВ Полог, ТВ Кобра, РА Метрополис, РА Канал 77, РА РФМ, РА 5 Чоки, РА Ла Коста, РА Арачина, РА Ред ФМ, РА Медисон, РА Кавадарци, РА Галакси 2002, РА Валандово, РА Јон и РА Балкан ФМ. Од овие, ТВ Канал Вис, ТВ Кобра и РА РФМ го платија надоместокот пред да се покренат постапки за одземање на дозволите, а за останатите 19 Агенцијата покрена постапки за одземање на дозволите. Постапките за 18 од овие 19 радиодифузери беа запрени со оглед на тоа што во целост ја исполнија обврската пред истекот на рокот за донесување на одлуките за одземање на дозволите, а ТВ Полог не ја исполни обврската, поради што ѝ беше одземена дозволата.

- **Надзори во врска со други обврски на радиодифузерите**

Во 2023 година Агенцијата изврши вонреден административен надзор над ТВ Ирис, со кој беше констатирано дека радиодифузерот не емитувал програма повеќе од 30 дена, поради што беше покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување, а на радиодифузерот му беше укажано дека доколку веднаш не започне со емитување програма, Агенцијата ќе му ја одземе дозволата за вршење на дејноста. За да утврди дали го усогласила своето работење со одредбите од ЗААВМУ, Агенцијата изврши контролен административен надзор со кој беше констатирано дека телевизијата не почнала да емитува програма, поради што Советот на Агенцијата донесе одлука со која ѝ ја одзеде дозволата.

**Стручен надзор**

Агенцијата изврши три стручни надзори - над локалната телевизија Њуз (која започна со емитување програма во декември 2022 година), над регионалната телевизија Вистел (која започна да емитува во мај 2023 година) и над регионалното радио Универзум (кое започна да ја врши дејноста во октомври 2023 година). Со надзорите беше констатирано дека телевизиите Њуз и Вистел ги исполнуваат техничките и просторните услови, додека радио Универзум не ги исполнува, односно тие не се во согласност со просторните и техничките услови кои радиодифузерот ги понудил во постапката за доделување на дозволата, поради што Агенцијата му ја одзеде дозволата за радиоемитување.

Имајќи предвид дека за обезбедување телевизиско или радио емитување радиодифузерите треба да исполнуваат и посебни минимални кадровски услови, беше извршен увид во документацијата за бројот и структурата на вработените во ТВ Њуз и ТВ Вистел, врз основа на што беше утврдено дека и двете ги исполнуваат минималните кадровски услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“.

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Исполнувањето на обврските на радиодифузерите во врска со обезбедувањето јавност во нивното работење во 2023 година Агенцијата го следеше на начин што во текот на годината спроведе четири редовни и два контролни административни надзори над нивната работа.

Предмет на еден редовен надзор беше обврската од член 15 став 1 од Законот за медими, според која радиодифузерите се должни, до 31 март во тековната година, на Агенцијата да и достават податоци за сопственичката структура, уредништвото, изворите на финансирање во претходната година, остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година. Овој надзор беше спроведен во април над сите 106 радиодифузери кои емитуваа телевизиска и радиопрограма, а обврската не ја исполни само регионалната телевизија Ирис. Агенцијата писмено го опомена овој радиодифузер и му наложи во рок од 45 дена да го усогласи своето работење со Законот за медиуми, но контролниот надзор не беше спроведен поради тоа што во меѓувреме дозволата на оваа телевизија беше одземена поради неемитување програма подолго од 30 дена,.

Предмет на  другите три редовни надзори беше обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, за одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година да ги објават најмалку три пати на

својата програма и снимка од објавата да доставaт до регулаторот во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

- Согласно „Годишиот план за вршење административен надзор во 2023 година“, **првиот надзор** беше спроведен во април, со цел да се констатира дали радиодифузерите ја исполниле оваа обврска во првиот рок утврден од страна на Агенијата (најдоцна до 31 март 2023 година). Беше констатирано дека од 106 радиодифузери, обврската не ја исполниле само ТВ Ирис и ТВ Компани 21-М, поради што Агенцијата им изрече мерки – јавни опомени и им даде дополнителен рок од 45 дена да ја отстранат сторената повреда на законските одредби. Со цел да утврди дали постапила по изречената мерка, во мај беше извршен контролен административен надзор над ТВ Компани 21-М, со кој беше констатирано дека во целост ја исполнила обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми. Над ТВ Ирис не беше спроведен контролен надзор поради тоа што Агенцијата и ја одзеде дозволата за емитување програма.

- **Вториот надзор** Агенцијата го изврши во јули, исто така над сите 106 радиодифузери, и со него беше констатирано дека во вториот рок определен за исполнување на горенаведената обврска (најдоцна до 30 јуни 2023 година), обврската не ја исполни само една радиостаница – локалното радио Про-ФМ. Агенцијата писмено го опомена овој радиодифузер, а по извршениот контролен надзор во октомври, беше констатирано дека во целост ја исполнил обврската за чиешто прекршување беше опоменет и го усогласил своето работење со Законот за медиуми.

- **Третиот надзор** беше спроведен во ноември, а со цел да се утврди дали радиодифузерите ја исполниле обврската во третиот утврден рок, односно најдоцна до 31 октомври 2023 година. Со овој надзор не беа констатирани прекршувања кај ниту еден радиодифузер.

# ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## Следење на промените на сопственоста на радиодифузерите

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, пред спроведување на каква било промена на сопственичката структура, радиодифузерот е должен да ја извести Агенцијата и тој не смее да ја спроведе промената пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

Имајќи го предвид ова, а со цел да констатира дали некој радиодифузер извршил промена на сопственоста спротивно на овие законски одредби, во јуни беше спроведен вонреден административен надзор над сите 107 радиодифузери, на начин што беа споредени податоците за сопствениците на телевизиите и на радиостаниците со коишто располагаше Агенцијата и податоците за сопственоста од тековните состојби на радиодифузерите, издадени од Централниот регистар на РС Македонија (тековните состојби во АВМУ ги доставија радиодифузерите како дел од обврската за обезбедување јавност во нивното работење во 2023 година). Прекршувања не беа констатирани кај ниту еден радиодифузер.

Освен ова, промените во сопственоста на радиодифузерите Агенцијата редовно ги следи и преку веб страницата на Централниот регистар на РС Македонија, каде што секојдневно се објавуваат сите промени на трговските друштва.

**Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичката структура**

Во 2023 година, десет радиодифузери побараа од Агенцијата согласност за промена на сопственичката структура, при што беа донесени 11 одлуки со кои регулаторот дозволи да се реализираат побараните промени (две одлуки се однесуваа на радиостаницата Џез ФМ, затоа што што овој радиодифузер два пати достави до Агенцијата известување за промена на сопственоста). Станува збор за следните:

- Во јануари беше донесена одлука за промена на сопственичката структура на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, и тоа за иступување на физичкото лице Андреј Стојков од Кочани и пренос на неговиот удел на физичкото лице Гоце Стојковски од Гостивар, кое веќе поседуваше удел во сопственоста на радиото од 37,5% од основната главнина;

- Во март Агенцијата дозволи промена во сопственоста на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, односно дозволи иступување на правното лице Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ 92 ЕКСКЛУЗИВ ДООЕЛ Гостивар и пристапување на физичките лица Пајтим Саити и Астрит Садику, двете од Гостивар;

- Во мај беше донесена одлука со која од сопственичата структура на ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје беше дозволено да иступи физичкото лице Енвер Иљаз од Скопје и да пристапи физичкото лице Антоние Стојчески, исто така од Скопје;

- Истиот месец Агенцијата ја одобри и побараната промена во сопственичката структура на ТРД УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, и тоа за иступување на физичкото лице Митко Арнаудов од Скопје и за пристапување на физичкото лице Робин Зимбаков од Скопје;

- Во мај Агенцијата одлучуваше и по поднесено известување за промена на сопственичката структура на ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, при што донесе одлука со која дозволи иступување на физичкото лице Јанко Мицев од Струмица и пристапување на правното лице Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица;

- Во септември беше донесена одлука со којашто во сопственоста на ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје, поради смрт на сопственикот на радиото, беше дозволено пристапување на физичкото лице Ален Хаџи – Стефанов од Скопје;

- Истиот месец Агенцијата донесе одлука со која дозволи иступување од сопственоста на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово на физичкото лице Арба Мехмети од Тетово и пристапување на физичкото лице Фјона Мехмети, исто така од Тетово;

- Во октомври, по претходно доставено Известување за промена на сопственичката структура на ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, беше донесена одлука со која, поради смрт на сопственикот на радиодифузерот, Агенцијата дозволи нов сопственик да биде физичкото лице Афердита Фетау од Скопје;

- Во ноември Агенцијата донесе одлука со која дозволи иступување на физичкото лице Муарем Исмаили од сопственоста на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново и пристапување на правното лице Друштво за трговија, производство, угостителство и услуги УМАЈА-БТ ДООЕЛ Скопје;

- Истиот месец донесе одлука со која ја одобри и промената на сопственичката структура на ТРД ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и тоа за иступување на правното лице Друштво за производство, туризам,

промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје и за пристапување на физичкото лице Петар Каревски од Битола;

- Во декември беше донесена одлука за истапување на физичкото лице Ален Хаџи-Стефанов од Скопје и за пристапување на физичкото лице Дарко Фиданоски од Скопје во сопственоста на ТРД Џез ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје.

**Следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост и спречување недозволена медиумска концентрација**

Во 2022 година Агенцијата ја извести Управата за финансиско разузнавање дека постојат индиции за скриена сопственост кај ТВ 24 Вести, односно дека нејзин вистински сопственик не е лицето кое е впишано во Регистарот на вистински сопственици, и притоа побара информација дали при примената на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам Управата има добиено сознанија во врска со вистинскиот сопственик на оваа телевизија. Бидејќи после речиси една година не доби одговор, во јануари 2023 година Агенцијата повторно писмено се обрати до Управата и побара најитно да ја достави бараната информација, а истовремено достави и допис до Владата на РС Македонија со кој побара таа да ургира до Управата да постапи по барањето на АВМУ од 2022 година.

Освен тоа, Агенцијата со писмен допис се обрати и до Управата за финансиска полиција, во кој и посочи неколку факти кои укажуваат на тоа кој е вистински сопственик на ТВ 24 Вести и побара да ја извести дали Управата има механизми за постапување кога постои сомневање дека кај одредено трговско друштво постои скриена сопственост, односно дека во официјалните документи доставени до надлежните државни институции се наведени неточни податоци за сопствениците. До Агенцијата не беше доставен одговор на ова барање.

Во март 2023 година Управата за финансиско разузнавање ја информираше Агенцијата дека извршила редовен надзор за утврдување на вистинскиот сопственик на ТВ 24 Вести. Во Информацијата, меѓу другото, беа наведени податоци дека вистински сопственик на телевизијата е физичкото лице впишано во официјалните документи со кои располага Агенцијата.

**Транспарентност на медиумската сопственост**

За да обезбеди повисок степен на транспарентност на медиумската сопственост, Агенцијата и во 2023 година изработи Извештај за сопственоста на медиумите[4], кој содржи податоци за сопственичката структура на телевизиите, радиостаниците и издавачите на печатени медиуми до нивните крајни сопственици, за промените на сопственичката структура на радиодифузерите коишто Агенцијата ги одобрила во текот на 2022 година и за интеграцијата на капиталот кај радиодифузерите.

Покрај тоа, на својата веб страница Агенцијата води посебни регистри за сопственичката структура на телевизиите и радиостаниците, кои содржат податоци за физичките и правните лица кои се сопственици на радиодифузерите, податоци за уделите што ги поседуваат, а тогаш кога сопственик е правно лице – и податоци за неговите сопственици, односно податоци за крајните сопственици на радиодифузерите. Овие

[4] Достапен на следниот линк: https://avmu.mk/wp -content/uploads/2023/06/Сопственоста-на-медиумите-во-2023-година.pdf

регистри се достапни за јавноста бесплатно, податоците се отворени и лесни за користење, а Агенцијата редовно ги ажурира.

## СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

### Мрежа за медиумска писменост

Мрежата за медиумска писменост на крајот на 2023 година броеше вкупно 85 членови, односно две нови членки повеќе во однос на крајот на 2022 година. Во 2023 година, СУГС „Никола Карев“ и Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип станаа членки на Мрежата. Комуникацијата и споделувањето на информациите помеѓу членовите на Мрежата продолжи да се одвива преку посебна мејл-група чие администрирање, како и одржувањето на веб-сајтот www.mediumskapismenost.mk, го спроведува АВМУ, во рамките на својата законска обврска да ја поттикнува медиумската писменост во земјава низ соработка со релевантните чинители (член 26 од ЗААВМУ). И во 2023 година сите информации за настани организирани од членовите на Мрежата, како и изработени видео материјали и други ресурси, беа споделувани и на профилите на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм, како и на Јутјуб каналот на Мрежата кои се администрирани од страна на вработени во Агенцијата.

### Денови на медиумска писменост 2023

Мрежата за медиумска писменост во периодот од 24-31 октомври ги организираше „Деновите на медиумска писменост 2023“, со кои прослави мал јубилеј, 5-то издание на најзначајниот национален настан за мобилизирање на граѓаните, образовните установи, граѓанските организации, медиумите и државните институции и за подигнување на свеста за важноста на медиумската и информациската писменост.

„Деновите на медиумска писменост 2023“ се одржаа под мотото: „БРЗ ПРСТ, ЛАЖНИ ВЕСТИ НОСИ“, со голем број разновидни настани, преку кои Мрежата даде свој придонес кон одбележувањето на Глобалната недела на медиумска и информациска писменост во организација на Алијансата за медиумска и информациска писменост на УНЕСКО. Оваа година темата на ДМП беше: „Медиумска писменост во дигиталните простори“ и, како и обично, беше произлезена од темата на Глобалната недела.

Свои активности за време на ДМП 2023 организираа повеќе членки на Мрежата за медиумска писменост: Фондацијата Метаморфозис, Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии, Здружението на новинари, Советот за етика во медиумите, Институтот РЕСИС, Младинскиот образовен форум и Радио МОФ, Проектот на УСАИД „Младите размислуваат“ што го раководи ИРЕКС и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Паралелно со програмата на настани, Јавниот радиодифузен сервис МРТ ги збогати своите програмски содржини со повеќе емисии посветени на темата медиумска писменост и зачестено ги емитуваше најавите за одржувањето на манифестацијата. Новинската агенција МИА, исто така, ја презеде улогата на медиумски поддржувач на манифестацијата со серија прилози за настаните, а информации објавуваа и онлајн медиумите portalb.mk, vistinomer.mk и meta.mk. Поддршка при организирањето на некои од настаните дадоа Делегацијата на Европската Унија и Претседателскиот центар за политичко образование.

ДМП 2023 започнаа на 24 октомври со отворање на конференцијата насловена „Медиумска писменост во дигиталните простори“ на која свое обраќање имаше директорот на АВМУ д-р Зоран Трајчевски, кој ја претстави програмата и говореше за значењето на медиумската писменост и беше прикажан кус документарен филм кој ги сублимираше петте години Денови на медиумска писменост. Конференцијата

продолжи со три работни сесии. На панелот „Градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите“ (на Метаморфозис) се дискутираше за тоа како граѓаните и медиумите да им се спротивстават на дезинформациите и штетите кои тие можат да ги предизвикаат. Панел - дискусијата „Постојано поврзани: Влијанието на дигиталниот свет врз децата и младите” (на МИМ и ИРЕКС, во рамки на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“) беше посветен на позитивните и негативните аспекти од животот на децата и младите во дигиталните простори. На работилницата „Низ дигиталното – нови предизвици за медиумската писменост?“ (на АВМУ во рамките на твининг проектот Зајакнување на капацитетите на регулаторното тело и на јавниот сервис), д-р Мајке Исенберг, експертка од регулаторното тело на Северна Рајна-Вестфалија се осврна на новите предизвици со кои се соочуваме поради брзо менување на дигиталната средина и алатките кои ќе ни помогнат да се справиме со нив.

На 25 октомври имаше три настани. Во Агенцијата беше организирана работилница за вработените во АВМУ „Од радиодифузија до интернет – пат кон модерна медиумска регулатива“ посветена на модернизацијата и новите трендови на регулација во новото дигитално опкружување, која ја одржа д-р Мајке Исенберг, експертка од регулаторното тело на Северна Рајна-Вестфалија во рамки на Твининг проектот. Институтот РЕСИС организираше онлајн дебата „Медиумите на заедницата и плуралистичката демократија“ за наодите од истражувањето што, во соработка со Институтот, го спроведоа самите граѓански организации од Источниот и Југоисточниот регион, а се однесува на факторите кои го попречуваат вклучувањето во јавната сфера на граѓаните со различни облици на попреченост. Македонскиот институт за медиуми, со поддршка на Делегацијата на ЕУ, во Europe House Skopje ја реализираше мултимедијалната изложба „Стаклена соба: Дигиталниот свет – стапица за вашите лични податоци“ составена од илустрирани постери и видео анимации, осмислени и подготвени од Тактикал Тек (Tactical Tech), меѓународна невладина организација со седиште во Берлин, коишто сликовито доловуваат какви сѐ типови податоци оставаме зад нас додека секојдневно користиме интернет.

На 26 октомври, со учество на професори, наставници и ученици од повеќе средни училишта од државата, Институтот за комуникациски студии одржа презентација на Водичот за обучувачи: „Развивање вештини за медиумска писменост“, а на Радио МОФ беше емитуван подкаст со гостинот Дејан Георгиевски од Центарот за развој на медиуми за „Медиумската писменост во дигиталниот простор“.

На 27 октомври се одржаа четири настани: академски час – Прес агол за расветлување на состојбите со медиумската писменост, со компаративни анализи и препораки (проф. д-р Марјан Танушевски, новинар на МИА, во Битола); Отворен ден во Радио МОФ за време на кој заинтересираните можеа да дојдат, влезат и ѕирнат во редакцијата на Радио МОФ, да ги запознаат новинарите и уредништвото, да дознаат како се создава новинарски производ, но и да се обидат самите да го создадат; Јавна седница на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија на која присуствуваа студенти од неколку универзитети, кои беа охрабрени да се вклучат во дискусијата и во препознавањето на евентуални прекршувања на Кодексот на новинарите на Македонија и на Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, во медиумските содржини за кои беа поднесени жалби; додека во Охрид се одржа обука „Градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите“, во организација на Метаморфозис и Претседателскиот центар за политичко образование, со предавања за дезинформациите и говорот на омраза кои продолжија и во текот на наредните два дена.

На 29 октомври, во Охрид започна со работа Студентска школа за медиумска и информациска писменост на УНЕСКО на која учествуваа седумнаесетина студенти од Македонија и Албанија и која продолжи и наредните три дена. Организатор на школата беше Институтот за комуникациски студии во рамки на Катедрата на УНЕСКО за писменост за иднината (futures literacy) и медиумска писменост и на регионалната иницијатива на Обединетите нации „Млади за инклузија, еднаквост и доверба“, предводена од УНДП Србија во соработка со УНЕСКО, Институтот за комуникациски студии и Центарот за образование и социјален

напредок од Албанија. На 30 октомври, во просториите на Агенцијата се одржа настанот „Медиумска писменост: Многу лица една мисија – прогрес и безбедност“, во организација на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), Европската федерација на новинари (ЕФН) и Иницијативата за Европска Перспектива (ИЕП), во чии рамки ја презентираа „Тренинг-академијата за новинари и медиумски работници – Т-АЈМ“, која има за цел да придонесе кон создавање поволна средина во која ќе се негува слободата на изразување и слободата на медиумите. За време на овој собир беа презентирани наодите од извештајот „Слободата на медиумите во Северна Македонија: Прогрес на стаклени нозе“.

На 31 октомври, Деновите на медиумска писменост се заокружија со настанот „Младите дебатираат: Медиумите (не) придонесуваат кон медиумската писменост“, организиран во рамките на проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“ (YouThink), на ИРЕКС и Младински образовен форум. Традиционално, како и во претходните изданија на Деновите на медиумска писменост, програмата се заокружи со Годишен состанок на Мрежата за медиумска писменост кој се одржа во просториите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

За потребите на промовирање на Деновите на медиумска писменост беше спроведена кампања која ја реализираше маркетинг агенцијата Сајн ап, ангажирана преку јавна набавка. Беа изработени промотивни видео и аудио спотови на македонски, албански и англиски јазик, како и документарен филм со кој се одбележаа пет години Денови на медиумска писменост. Со цел да се обезбеди поголема видливост и достапност на активностите на Мрежата, промотивниот видео спот и документарниот филм беа прилагодени и за лицата со оштетен слух со додадено толкување на македонски знаковен јазик. Сите промотивни материјали може да се најдат на веб-страната на Мрежата за медиумска писменост – mediumskapismenost.mk, како и на ЈуТјуб каналот на Мрежата. Промотивните активности, како и одржувањето на Конференцијата беа финансирани од страна АВМУ, преку јавна набавка.

### Подготвителни активности за истражувањето на компетенциите за медиумска писменост на децата

Во 2023 година, Агенцијата инициираше истражување на компетенциите кај децата со кое треба за прв пат да се добијат методолошки втемелени наоди. Беше договорена соработка со ИРЕКС, кој го води проектот за медиумска писменост „Младите размислуваат“, и со Министерството за образование со цел планираното истражување на Агенцијата да обезбеди податоци кои ќе бидат најкорисни за реформите што се спроведуваат во образованието. Беше утврдено дека би било најсоодветно истражувањето да се спроведе врз примерок од средношколците од прва и втора година средно образование (стручно и гимназиско) бидејќи се работи на концепт за воведување на медиумската писменост во ова образовно ниво, така што ова би било основно истражување кое би дало податоци за сегашната состојба, па при повторувањето (по 3 до 4 години) ќе може да се увиди каков бил ефектот.

Во текот на втората половина од годината беа реализирани неколку консултативни состаноци (со физичко присуство и онлајн), на кои беа договорени примерокот и прашалникот, а Министерството за образование обезбеди соработка од средните стручни училишта и гимназиите при спроведувањето на истражувањето.

Во текот на октомври беше потпишан договор со Агенцијата Рејтинг која беше избрана на јавна набавка за да го реализира истражувањето. Теренскиот дел, т.е. анкетирањето на учениците се реализираше во периодот од 27 ноември до средината на декември, по што започна обработката на податоците. Извештајот ќе биде презентиран во 2024 година.

### Други активности на АВМУ за медиумска писменост

Претставници на Агенцијата, во текот на годината беа активни во поддршката на развојот на медиумската писменост и во земјата и во странство.

Од домашните активности, на почетокот од годината група вработени во Агенцијата учествуваа на меѓународниот симпозиум „Да си го вратиме назад просторот за дигитални информации“, кој се одржа во организација на Институтот за комуникациски студии (ИКС) и ИРЕКС, во рамки на проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“. На симпозиумот учествуваа истакнати говорници – вклучувајќи ги Ирене Андриополу, заменичка-генерална секретарка на Меѓународниот управен комитет на Алијансата за медиумска и информациска писменост на УНЕСКО, Паоло Челот, основач и генерален секретар на EAVI, Џеф Шер, предавач и едукатор во UCLA, Дамасо Рејес, меѓународен консултант на News Literacy Project, а модераторка беше Емилија Петреска – Камењарова од АВМУ. Пролетта присуствуваа на настанот за Претставување на Речникот на медиумската писменост, на покана од Институтот за комуникациски студии, кој претставува дел од проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“, а есента, претставничка на Агенцијата учествуваше на панел дискусијата „Вклучување на медиумската писменост во основното образование – искуства и предизвици“ организирана од МИМ и ИРЕКС, во рамки на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“.

Како дел од напорите за поттикнување на медиумската писменост кај децата, во Агенцијата беа одржани две работилници за медиумска писменост со ученици од ООУ „Јан Амос Коменски“ и од ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ од Скопје.

Во мај, претставничка на Агенцијата беше интервјуирана од Македонскиот институт за медиуми во рамки на истражување кое е дел од регионалниот проект „Нашите медиуми“ што се спроведува во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција и кое направи критичка проценка на постојните етички кодекси и на саморегулаторната рамка и понуди препораки за натамошно промовирање на регулативата во областа на медиумите и дигиталните сервиси, како и на медиумската писменост.

Како дел од подигањето на свеста за медиумската писменост, Агенцијата соработуваше и со медиумите преку изјави, интервјуа (за МРТ1) и учество во дебатна емисија (Клик Плус на ТВ 21-М) на теми поврзани со важноста на медиумската писменост и борбата против дезинформациите. Меѓународните активности се однесуваа особено на соработката во рамките на ЕМИЛ, ЕРГА, МНРА и др. Така, во март, претставници на Агенцијата онлајн учествуваа на првиот состанок на Акциската група 2 на ЕРГА за медиумска писменост (ERGA Action Group 2 – Media Literacy). Меѓу другото, на состанокот се разговараше за обврските на регулаторите за известување за преземените активности за медиумска писменост од земјите до Европската Комисија што произлегуваат од член 33а од Директивата, како и за планираната работилница за медиумска писменост. Во мај, претставничката на Агенцијата во ЕРГА учествуваше на вториот состанок на Подгрупата 3 на ЕРГА за справување со дезинформациите и за зајакнување на демократијата во дигиталната средина. На состанокот трите работни групи информираа за активностите меѓу состаноците. Првата работна група го претстави планот и временската рамка за подготовка на извештајот од мониторингот на зајакнатиот Кодекс на практики против дезинформации. Втората работна група го претстави новиот документ со ставовите на ЕРГА за регулативата за транспарентноста и таргетирањето на политичкото рекламирање што е во легислативна процедура во телата на ЕУ, кој беше усвоен со писмена процедура во меѓувреме и информираше за идните чекори. Третата работна група извести за прашалникот чија дистрибуција меѓу членките на ЕРГА има за цел подготовка на планираниот извештај за интерна употреба за надлежностите на регулаторните тела и за нивните аналитички капацитети за справувањето со дезинформации. Гостин на состанокот беше претставник на агенцијата Kantar Public, ангажирана од ЕК да подготви методологија за мониторинг на Кодексот на практики против дезинформации. Тој го објасни принципот на работа и временската рамка за подготовка на финалниот документ. Во јуни, претставничката на Агенцијата

учествуваше на вториот онлајн состанок на Акциската група 2 на ЕРГА за медиумска писменост (ERGA Action Group 2 – Media Literacy). На состанокот се разговараше за начинот на пополнување на прашалникот подготвен од претседавачот на акциската група со цел собирање информации поврзани со обврската од член 33а од Директивата. Беше договорено планираната работилница за медиумска писменост да се одржи во рамки на неделата на медиумска писменост на УНЕСКО во октомври. Во ноември, претставничка на Агенцијата учествуваше на четвртиот онлајн состанок на Акциската група 2 на ЕРГА за медиумска писменост (ERGA Action Group 2 – Media Literacy). На состанокот беше презентиран нацрт-извештајот за начинот на имплементација на обврската од член 33а од Директивата, а се разговараше и за улогата на Акциската група за време на неделата на медиумска писменост, како и за програмата за работа на групата за следната година.

Претставничката на Агенцијата во Управувачката група (УГ) на ЕМИЛ, мрежата за медиумска писменост на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), учествуваше на состаноците на УГ и на пленарните состаноци на ЕМИЛ (сите се одржаа онлајн). Состаноците беа посветени на изработката на стратешки документи за медиумска писменост и соработката меѓу ЕМИЛ и Групата на ЕПРА за Вештачката интелигенција и регулаторните тела.

Во ноември, претставник на Агенцијата учествуваше на онлајн состанок на Работната група за медиумска писменост на МНРА, на кој ги запозна колегите од другите регулатори со тековното истражување на нивото на медиумска писменост кај учениците од прва и втора година средно образование.

Во текот на годината, претставничка на Агенцијата учествуваше на состаноците на Советодавниот одбор на проектот Инклузивно и креативно медиумско образование (ИКМЕ) што заеднички го спроведуваат Институтот за комуникациски студии, Националниот аудиовизуелен институт – KAVI од Финска и Универзитетот во Фиренца од Италија, а се имплементира во периодот 2023 – 2024 година со поддршка на програмата Креативна Европа на Европската Унија. На првиот состанок беше претставен проектот генерално, на вториот беа претставени трите поединечни проекти. Во меѓувреме, таа учествуваше и на презентација на моделот на проект за медиумска писменост што го подготви Институтот за комуникациски студии како дел од проектот и го спроведе со Гимназијата „Никола Карев“ од Скопје.

Во рамки на соработката со други организации, претставници на АВМУ учествуваа на: онлајн настанот на британскиот регулатор ОФКОМ на кој беа презентирани наодите од неговото истражување за медиумската писменост кај возрасните и децата; вебинарот „Дезинформацискиот пејсаж во Европа“ организиран од ЕУ Дезинфо Лаб; онлајн конференцијата MLA4MedLit за стандардите и добрите практики за медиумската и информациската писменост, организирана од Работната група за стандарди и добри практики за медиумска писменост на ЕДМО и Асоцијацијата за медиуми и учење. Летото, беа доставени детални одговори на прашалникот за „Состојбата на медиумска писменост на национално ниво“ до грчката експертка Ирене Андриополу за докторска теза „Развој и индикатори за оценување на медиумската писменост и предлог државен модел за медиумска писменост кон општество со конкурентно знаење“, на Факултетот за новинарство и масовни комуникации, Аристотел Универзитетот во Солун, Грција. Прашалникот беше одговорен како дел од активностите кои произлегуваат од членството во ГАПМИЛ и ЕМИЛ.

**Обезбедување достапност до програмите за лицата со сетилна попреченост**

Најзначајното случување на полето на пристапноста на програмите за лицата со попреченост во 2023 година произлезе од усогласувањето на домашното законодавство со изменетата европска Директива за аудиовизуелни медиумски услуги (во јули 2023 година). Една од клучните измени беше онаа на членот 26 од ЗААВМУ со која, барањето медиумските услуги да ги направат своите програми достапни за лицата со попреченост, се издигна од заложба на ниво на обврска. За да се обезбеди нејзино спроведување,

Агенцијата треба да усвои подзаконски акт со кој ќе осигура дека давателите на медиумски услуги ќе спроведат соодветни и пропорционални мерки за нивните услуги, континуирано и прогресивно да бидат попристапни за лицата со попреченост, што ќе го потврдуваат со годишни планови и извештаи кои ќе ги поднесуваат до Агенцијата.

По усвојувањето на законските измени, во рамки на проектот ПРОФРЕКС на Советот на Европа и на ЕУ, беше ангажирана експертката Диадре Кевин како консултантка во процесот во кој вработените во Агенцијата го подготвуваат овој подзаконски акт. На крајот од 2023 година текстот беше во фаза на финализирање. Се очекува да биде усвоен од Советот на Агенцијата во текот на 2024 година.

Агенцијата беше активно вклучена и во процесите поврзани со спроведувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост на национално ниво. Така, на почетокот од годината до Националното координативно тело на лица со попреченост беше доставен придонес од АВМУ за постигнатите резултати во однос на пристапноста на лицата со попреченост, а претставник на Агенцијата учествуваше на работилница за подготовка на „Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 – 2030“ и на соодветен акциски план за спроведување на истата, организирана од Германското друштво за интернационална соработка – ГИЗ во соработка со Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост при Владата на Р.С. Македонија и Министерството за труд и социјална политика. Непосредно по тоа, на почетокот од февруари, до координаторката надлежна за подготовка на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост и на акцискиот план за нејзиното спроведување во периодот 2023-2025, беа доставени коментари и забелешки од АВМУ.

За поефективно следење на реализацијата на Стратегијата за правата на лицата со попреченост, на национално ниво беше изработена дигитална алатка во која ќе се внесува напредокот и реализацијата на активностите. За таа цел беа направени консултации и состаноци и со претставник на АВМУ кој даде придонес за да се разработат подетално индикаторите, односно внесот на информациите да биде повеќе низ факти и бројки, а помалку низ наративно објаснување.

Сите материјали за медиумско покривање на Деновите на медиумска писменост, како и Конференцијата „Медиумска писменост во дигиталните простори“ што се одржа на 24 октомври, беа достапни за лицата со оштетен слух преку интерпретација на знаковен јазик. Покрај тоа, особено значајно е што во рамките на работилницата организирана од АВМУ: „Низ дигиталното – нови предизвици за медиумската писменост?“ учествуваше група лица со сетилна попреченост кои ја искористија можноста преку гласот на интерпретаторката на знаковен јазик, да ги соопштат своите ставови и искуства во врска со темата. Исто така, во рамките на ДМП 2023 се одржа и онлајн дебата во организација на Институтот РЕСИС за факторите кои го попречуваат вклучувањето на граѓаните со различни облици на попреченост во јавната сфера.

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ

### Почитување на начелата за вршење на дејноста и на посебните забрани

Во 2023 година, Агенцијата во неколку наврати одговараше на претставки поврзани со начелата за вршење на дејноста. Во првиот случај беше одговорено на претставка за известувањето во Дневникот на ТВ Сител од 5 мај 2023 година во врска со убиствата што се случија во Србија. До телевизијата беше испратен допис во кој беше потсетена дека има обврска да ги почитува начелата за *„негување и развој на хуманите и*

*моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста*“ и за „*заштита на идентитетот на жртвите на насилство*“, како и обврските за заштита на малолетниците при известување за трагични настани.

Исто така во мај, Агенцијата одговори на реакциите на 11 подносители на претставки кои беа вознемирени од содржината и терминот на емитување на реалното шоу „Гола привлечност“ кое тогаш почна да се емитува на ТВ Канал 5. Агенцијата укажа дека според ЗААВМУ, телевизиите се независни во својата уредувачка политика и самостојно одлучуваат за своите програми и периодите на нивно емитување, и ги информираше подносителите на претставките дека со управителот на ТВ Канал 5 беше разговарано, шоуто да се означи како програма што не се препорачува за лица под 18 години и да се емитува по полноќ.

Имаше и две претставки во врска со почитувањето на посебните забрани за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз која било од законски забранетите основи од член 48 од ЗААВМУ.

Во текот на август, Агенцијата одговори на претставка за Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, која се однесуваше на содржини објавени онлајн. Иако Агенцијата нема надлежност да врши надзор врз социјалните мрежи и веб страниците на медиумите, не ја отфрли Претставката туку по службена должност направи увид во програмата на радиодифузерот и идентификуваше дека дел од содржините од линковите од Претставката соодветствуваат на прилозите емитувани во централното издание на Вестите на ТВ Алфа во 17:30 часот во периодот од 3 мај до 21 јуни, како и на премиерното издание на актуелноинформативната емисија „За или против“ од 12 мај 2023 година. Притоа утврди дека содржините на програмите беа во рамки на правото на слободата на изразување и слободата на политичка дебата во медиумите. За Претставката и одговорот од Агенцијата писмено беше информиран и радиодифузерот.

Потоа, во текот на октомври, беше одговорено на Претставка во која беше посочено дека Арена Спорт, сервис кој се реемитува во нашата земја и не е под јурисдикција на македонското регулаторно тело, шири говор на омраза. Откако беше направен увид во емитуваната содржина на која се однесуваше претставката, беше утврдено дека програмските сервиси Арена Спорт не ги прекршиле отворено, сериозно и тешко посебните забрани утврдени во членот 48 од Законот, што би било предуслов за да може Агенцијата да преземе соодветни мерки за ограничување на слободата на прием, односно реемитување на сервиси кои не се под нејзина јурисдикција (член 45 од ЗААВМУ).

Регулаторното тело, во неколку наврати во текот на годината одговараше на барања за пристап до информации од јавен карактер од Институтот за европска политика (ЕПИ), за тоа дека на програмата на медиумските сервиси не беше констатиран говор на омраза за чие ширење би бил одговорен медиумот.

## Родот и радиодифузијата

Како и секоја година, АВМУ и во 2023 година беше особено проактивна во поглед на родовите прашања во медиумските содржини, првенствено преку изработката и промоцијата на три анализи поврзани со родот во медиумите, а потоа и преку свои придонеси и учество во изработката и оценувањето на повеќе стратешки документи, како и преку учеството на настани на кои се обработуваа родовите прашања и во други активности.

На првиот јавен состанок на Агенцијата (во март) беа презентирани наодите од истражувањето „Родот во медиумите 2022: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите", кое за потребите на Агенцијата го изработи Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. Наодите од истражувањето покажаа дека во дел од анализираните телевизиски програми отсуствуваше родова сензитивност, додека пак наспроти тоа, забележани беа содржини во кои се преиспитуваа традиционално поставените родови улоги и норми, а жените се промовираа во различните општествени сфери. Во програмите со забавна функција, жените беа ангажирани почесто како уреднички или како водителки и новинарки во емисиите отколку мажите. Во однос на гостите/гостинките или соговорниците/соговорничките претставени во овие емисии постоеше изедначеност помеѓу мажите и жените. Оваа публикација беше објавена на веб страницата www.rodotimediumite.mk, а потоа отпечатена и доставена до Собранието, до собраниската Комисија за еднакви можности на жените и на мажите, до Министерството за труд и социјална политика (МТСП), уредниците на радиодифузерите кои беа анализирани, како и до Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. Исто така, беше изработено видео „Родот во забавните програми на радиодифузерите", кое претставува сублимат од спроведеното истражување кое беше објавено на социјалните мрежи на АВМУ.

Во текот на 2023 година беа започнати две истражувања за родот и медиумите – првото се однесува на известувањето на медиумите за родово заснованото и семејното насилство, а второто на родовата структура на вработените во медиумската индустрија за 2019, 2020, 2021 и 2022 година и за родовата структура на сопствениците/чките на медиумите за 2020, 2021 и 2022 година. Истражувањето за медиумското известување на медиумите за родово заснованото и семејното насилство се базира на Водичот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примена на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите, кој беше подготвен од проф. Катерине Сарикакис како дел од проектот ЈУФРЕКС2 на Советот на Европа и ЕУ, и целосно усклaден со Истанбулската конвенција. Второто истражување пак е продолжение на публикацијата „Родот во телевизиите и радијата: Кој ги носи одлуките, а кој ги спроведува?", во кое беа опфатени податоците за родовата структура во сопственоста на медиумите до 2019 година, како и за родовата структура кај вработените во телевизиите и радијата до 2018 година. Двете истражувања ќе бидат финализирани и презентирани на почетокот на 2024 година.

Во декември, во просториите на Агенцијата беше одржана работилницата „Унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите во Северна Македонија", која примарно беше наменета за професионалци/ки од регионалните медиуми, но на неа учествуваа и вработените во Секторот за програмски работи. На работилницата учествуваа Ана Нушкова – Аврамовска од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, медиумската експертка д-р Марина Тунева, Драгана Дрндаревска од Коалиција Маргини и д-р Катерине Сарикакис, експертка на Советот на Европа, а беше организирана во рамки на проектот Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите (ПРО-ФРЕКС). Впрочем, ваква работилница беше организирана и во текот на 2022 година, но нејзина примарна публика беа медиумските професионалци/ки од медиумите на национално ниво.

Како и секоја година, продолжи меѓуинституционалната соработка со МТСП, па така, во текот на февруари, до Министерството беше испратено Мислењето од Агенцијата за Националниот акциски план (НАП-от) за родова еднаквост 2022-2024. Во март беше доставен и Извештајот на координаторката и заменик – координаторот за еднакви можности во Агенцијата за 2022, а беше објавен и на веб страницата www.rodotimediumite.mk. Претставници на АВМУ беа членови на работните групи за изработка на Предлог – законот за родова еднаквост и Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027. Во текот на ноември, претставници/чки на Секторот за програмски работи беа номинирани да учествуваат во изработката на

Националната стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство врз жените и семејно насилство.

Претставници и претставнички на АВМУ учествуваа и на неколку настани кои беа во организација или коорганизација на МТСП. Во текот на март, претставничка на АВМУ учествуваше на работна средба за коментирање на Нацрт - извештајот за Република Северна Македонија на ГРЕВИО (Група експерти за акција против насилство врз жени и семејно насилство). Истиот месец, претставници/чки на Агенцијата учествуваа на работилницата „Основна обука за родово одговорно буџетирање и негова примена во секторските политики и програми“, организирана од Министерството за труд и социјална политика во соработка со Канцеларијата на УН – Жени во Скопје, во рамки на проектот „Унапредување на институнационализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Северна Македонија“. Како дел од активностите во рамки на обуките за спроведување родова анализа за родовоодговорно буџетирање на кои претставници на Агенцијата учествуваа во мај, во текот на ноември, до МТСП беше испратена Родово буџетска изјава, со назнака дека е неофицијален документ бидејќи Агенцијата не користи средства директно од буџетот и не изготвува буџетска изјава. Оваа обука беше организирана од МТСП како дел од проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, имплементиран од онлајн УН – Жени, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска.

Во контекст на соработката на АВМУ со државните институции, нејзини претставници/чки учествуваа на промотивниот настан на кој беа претставени резултатите од националниот Индекс за родова еднаквост за Република Северна Македонија за 2022 година, којшто е втор изработен во земјава.

Освен ова, во текот на ноември беше изготвен одговор на Барањето за информации од јавен карактер од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилството, а во врска со активностите на АВМУ согласно Националниот акциски план за Истанбулската конвенција. Информациите беа побарани како дел од мониторингот на Националниот акциски план (2018-2023) за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство (Истанбулска Конвенција), што Мрежата го спроведува во рамките на проектот „На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во Република Северна Македонија“. Понатаму, во декември, регулаторното тело одговори и на онлајн прашалникот на Канцеларијата на УН – Жени во Северна Македонија, во рамки на спроведувањето на анализата „Мапирање на состојбата со родовата еднаквост во земјата“. Целта на анализата е да се согледаат главните достигнувања на полето на родовата еднаквост, како и најголемите пречки во постигнувањето напредок, особено во поглед на отпорот што се појави во последниов период. Кон самиот крај на годината, Агенцијата одговори на Барањето за информации од јавен карактер поднесено од страна на Реактор – Истражување во акција, кое беше во форма на прашалник, а се однесуваше на завршените активности на АВМУ предвидени во Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 и Националниот акциски план 2022 - 2024.

Во рамки на соработката со меѓународните организации и други субјекти, во март, претставник на Агенцијата учествуваше на конференција на тема „Жените и дигитализацијата – надминување на бариерите, отворање можности за унапредување на родовата еднаквост” во организација на УН – Жени и УНДП. Исто така, во април, претставници/чки на Агенцијата учествуваа на онлајн валидациската сесија за Нацрт - профилот на родова еднаквост за Северна Македонија (Country Gender Equality Profile), клучен документ кој се подготвува во рамки на Инструментот за родова еднаквост – ГЕФ- (Gender Equality Facility) на Канцеларијата на УН – Жени во Скопје. Во текот на септември пак, преставничка на Агенцијата учествуваше на панел дискусијата на тема „Справување со дезинформации како закана за изборниот

процес“, организирана од УНДП што се одржа по повод Меѓународниот ден на демократијата, а говореше за претставувањето на жените и мажите во изборните процеси.

Агенцијата ја продолжи традиционалната соработка со организациите од невладиниот сектор, која овозможува инклузивност и координиран пристап во процесот на подигнување на свеста за родовите прашања во сите релевантни сфери. Така, во март, претставничка на Агенцијата учествуваше на конференцијата „Политики на страв: родот, сексуалноста и десниот популизам денес“, која беше дел од проектот „Зајакнување на овозможувачката средина за ЛГБТИ заедницата“ што го спроведува Хелсиншкиот Комитет за човекови права – Скопје/ЛГБТИ Центар за поддршка во партнерство со Коалиција Маргини, а финансиски е поддржан од Британската Амбасада во Скопје. Во текот на октомври, претставнички на регулаторното тело учествуваа на Самитот за родови прашања „The New Gen(D)eration“, во организација на Коалицијата Маргини, а во соработка со фондацијата Kvinna till Kvinna. На Самитот учествуваа истражувач(к)и, активист(к)и, академици и лица од институциите од земјата и регионот, а се обработуваа теми како анти-родовите движења во светот и феминистичките приоди на демократијата. Во декември, претставник на АВМУ беше говорник на панел дискусијата „Што правиме со родово (не)сензитивното известување?“, на која се дискутираше за начинот на кој медиумите известуваат за родовите прашања, организирана од Институтот за комуникациски студии. Истиот месец, претставничка на Агенцијата учествуваше на презентација на Извештајот за следниот Универзален периодичен извештај (2024) специфично насочен кон приоритетот: „Насилство насочено кон жени и деца, со фокус на спроведување на закони и акциони планови во Р. Северна Македонија“, изготвен од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.

Конечно, годината беше заокружена со изработката на Извештајот за реализирани активности на АВМУ за 2022 – 2023 согласно Стратегијата за родова еднаквост.

## Кампањи од јавен интерес

Во текот на годината беше позитивно одговорено на барањето од СОС Детско село за бесплатно емитување на видео материјалот од кампањата „Семејство за секое дете“.

## Други активности

Во текот на 2023 година, се одржаа повеќе средби на работни групи на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите и онлајн просторот од која АВМУ е дел, од нејзиното основање во 2019 година. Тогаш, Мрежата беше основана со потпишување на Декларација против говор на омраза во медиумите, по иницијатива на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), а поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Нејзината основна цел е да применува координиран, колаборативен и сеопфатен пристап во превенирањето и справувањето со говорот на омраза, опфаќајќи ги сите релевантни јавни институции, истражувачки организации, високо-образовни институции и индивидуални експерт(к)и, вклучително и групите кои се најчесто предмет на говорот на омраза.

На средбите беше договорен нацрт-текстот на Меморандумот на Мрежата со кој ќе се операционализираат активностите во наредниот период. Потпишувањето на Меморандумот е планирано за почетокот на 2024 година на највисоко ниво, за да се искористи периодот пред изборите кога најчесто е евидентиран потпалувачки говор во медиумите и на социјалните мрежи. Целта на овој Меморандум е воспоставување и одржување координација меѓу членките на Мрежата во ефективното справување со говорот на омраза во медиумите и на интернет.

Исто така, беше договорено дека Мрежата ќе одржува работни состаноци најмалку 4 пати годишно и секој член редовно ќе споделува информации за своите активности во справувањето со говорот на омраза.

Дополнително, предвидено е Мрежата да ги разгледува пристигнатите претставки до СЕММ, случаите кои ги има евидентирано Хелсиншкиот Комитет, КВИР центарот и други невладини организации кои поднесуваат кривични пријави до Јавното обвинителство и до Секторот за компјутерски криминал во МВР. Како дополнителни предлог активности за 2024 година беа наведени медиумски кампањи, изработка на прирачник за јавноста за тоа што се подразбира под говор на омраза и организирање обука за членовите на работната група која, веројатно, финансиски ќе ја поддржи Канцеларијата на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Секретаријатот на Владата најави дека активностите на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите и онлајн просторот се влезени во новата Стратегија за периодот 2024-2028 година и во неа се предвидени финансиски средства кои можат да се искористат за поддршка на работата на Мрежата.

Претставници на Агенцијата активно учествуваа на повеќе настани поврзани со изборните процеси и тоа: работна средба на тема „Изборни реформи во РС Македонија“, организирана од Националниот демократски институт за меѓународни прашања (НДИ) и од Министерството за правда; панел дискусија на тема „Справување со дезинформации како закана за изборниот процес“, организирана од УНДП по повод Меѓународниот ден на демократија; обука на тема: „Медиуми и избори“, организирана од страна на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС); и Работилница за олеснување на меѓу-институционалната комуникација и размена во врска со извештаите и надзорот за финансирањето на политичките партии организирана од ИФЕС. На првиот ден од работилницата беше презентиран ставот на Агенцијата околу финансирањето на политичките партии, платеното политичко рекламирање и улогата на АВМУ во процесот на мониторирање на изборното медиумско претставување.

Како дел од соработката со Агенцијата за млади и спорт, АВМУ учествуваше на Пленарната дискусија по предлог текстот на националната стратегија за млади 2023 – 2027 година, а подоцна беше договорено регулаторното тело да се вклучи во изработката на Акцискиот план за млади 2023 – 2025 во понапредна фаза.

Во услови кога во јавноста беше покренато прашањето за негативното влијание на социјалните мрежи врз младите, Агенцијата, по барање од МИОА, до Министерството достави мислење во врска со заштитата на малолетниците од содржини на ТикТок.

Агенцијата и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпишаа Меморандум чија цел е продлабочување на соработката особено во спречувањето дискриминација во програмите на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на платформите за споделување видеа.

Регулаторното тело редовно одговара на барањата од експерт(к)и за споделување ставови и мислења при изработка на различни истражувања, анализи и студии. Во 2023 таков беше случајот со истражувањето на различни аспекти поврзани со интегритетот на медиумите во државата поддржано од проектот „Miss the misinformation - Strengthening the capacities of local communities to respond to misinformation and gender-based disinformation“ (спроведуван од Канцеларијата на UNDP во Северна Македонија) и со регионалниот проект „Нашите медиуми“ што го спроведува МИМ (како дел од Мрежата на Југоисточна Европа за професионализација на медиумите со финансиска поддршка од Европската Унија).

Во контекст на спроведувањето на законските обврски за спречување корупција и одржување на интегритетот на вработените во Агенцијата, претставнички на регулаторот учествуваа на обука во Државната комисија за спречување корупција за имплементација на системот за интегритет, како лица задолжени за интегритет во Агенцијата.

# ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ

## Доделување дозволи по пат на јавен конкурс[5]

Во 2023 година Агенцијата додели една дозвола по пат на јавен конкурс, и тоа за емитување радио програмски сервис наменет за студентската популација на подрачјето на Скопје (град Скопје и општините Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште). Јавниот конкурс беше објавен по претходно доставено барање од страна на приватната високообразовна установа - Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (Универзитет Скопје) и врз основа на Студијата што ја изработи Агенцијата, а со која беше утврдено дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на регионално ниво на ова подрачје. По завршувањето на конкурсот, на кој беше поднесена само една пријава, дозволата беше доделена на непрофитно радио (РА Универзум).

Во јануари Агенцијата по вторпат одлучуваше по писменото барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, што во 2020 година го поднесе ТРД 24 Вести. Повторното разгледување и одлучување по овој предмет следеше откако Управниот суд на РСМ, во ноември 2022 година, донесе Пресуда со која ја поништи одлуката на АВМУ од 2020 година за одбивање на горенаведеното барање од ТРД 24 Вести. Во повторната постапка Агенцијата ги разгледа укажувањата на судот и донесе Одлука со која го одби писменото барање на радиодифузерот. Со оваа одлука истовремено се утврди и дека во рок од 30 (триесет) дена од објавувањето на Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, Агенцијата по службена должност ќе започне постапка за доделување договор за јавна набавка за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Студијата беше изработена во октомври 2023 година, и со неа беше утврдено дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиските програмски сервиси за кои се однесуваше поднесеното Барање и следствено на тоа донесе Одлука за необјавување на јавен конкурс.

Во февруари до Агенцијата беше доставено писмено барање од Универзитетот во Тетово за отворање непрофитно студентско радио на подрачјето на општина Тетово. Имајќи го предвид доставеното барање, а со оглед на тоа што постоеја слободни фреквенции за радиоемитување на ова подрачје, Агенцијата изработи Студија која покажа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, на албански и македонски јазик. Во законски предвидениот рок за поднесување на пријави за учество на јавниот конкурс, до Агенцијата беше доставена една Пријава (од Тетовскиот универзитет), која не ги исполнуваше програмските услови утврдени во Одлуката за објавување на јавен конкурс, поради што беше донесена одлука дека јавниот конкурс не е успешен.

Во август до Агенцијата беше доставено Барање за доделување на дозвола за радио емитување на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје, од страна на физичкото лице Гзим Шаќири од Скопје. Постапувајќи по писменото барање и Известувањето од Агенцијата за електронски комуникации во кое беше наведено дека нема можност за определување на нова фреквенциска доделба, односно дека нема слободна фреквенција за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на подрачјето на градот Скопје, Агенцијата донесе Одлука со која се одби поднесеното барање за доделување на дозвола за радио емитување.

[5] Детални податоци за постапките за доделување дозволи со објавување на јавен конкурс се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Доделување дозволи по пат на јавен конкурс“ (Прилог бр. 1.1.)

## Доделување дозволи без јавен конкурс[6]

Во извештајната година Агенцијата додели две дозволи за телевизиско емитување без објавување јавен конкурс – на Трговското радиодифузно друштво ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје и на Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци.

Во февруари, по претходно доставено барање од Друштвото за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје, откако беше утврдено дека барателот ги исполнува условите и обврските утврдени со ЗААВМУ и со прописите донесени врз основа на него, Агенцијата донесе одлука со која додели дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, која ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа на регионално ниво, на подрачјето на регионот Д1 Црн Врв-Скопје.

Во јуни до Агенцијата беше доставено барање за доделување дозвола без објавување јавен конкурс, за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс во регионот Д1 Црн Врв-Велес, од  страна на правното лице Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, кое поседуваше дозвола за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс во истиот регион. Постапувајќи по поднесеното барање, Советот на Агенцијата донесе одлука со која на наведениот радиодифузер му се додели дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на регионално ниво, по што дозволата за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс престана да важи.

## Продолжување на дозволите за телевизиско или радиоемитување

Во јули 2023 година влезе во сила Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23) со кој се утврди дека дозволите за телевизиско или радиоемитување на трговските радиодифузни друштва и на непрофитните радиодифузни установи чијашто важност од девет години истекува заклучно со 31 декември 2024 година, се продолжуваат за период од дополнителни три години од денот на истекот на дозволата. Советот на Агенцијата, во врска со предметното законско решение, во август донесе Одлука за продолжување на дозволите за телевизиско или радиоемитување (наш Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 година)[7]. По донесување на предметната одлука, Агенцијата на 90-те радиодифузери поименично наведени во Одлуката за продолжување на дозволите им издаде нови дозволи за телевизиско и радио емитување.

## Давање согласност за промена на програмскиот концепт од дозволата за радио емитување

Во јули 2023 година, ТРД ЈОН-РАДИО од Струга достави Барање на согласност за промена и дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување. Одлучувајќи по предметното барање, Советот на Агенцијата следниот месец донесе Одлука за давање согласност за промена и

[6] Детални податоци за постапките за доделување дозволи без објавување на јавен конкурс се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Доделување дозволи без објавување јавен конкурс“ (Прилог бр. 1.2.)

[7] Одлуката за продолжување на дозволите за телевизиско или радиоемитување (наш Уп1 бр. 08-258 од 15.08.2023 г.) е дадена како Прилог бр. 1.3. од Извештајот.

дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување на овој радиодифузер, во делот што се однесува на јазикот на емитување, односно покрај емитување програма на албански јазик и на македонски јазик, радиодифузерот да емитува програма и на турски јазик. По донесување на предметната одлука, Агенцијата на радиодифузерот му издаде усогласена дозвола за радио емитување.

### Престанок на важност на дозволи за телевизиско и радио емитување по сила на закон

Во 2023 година, по сила на закон престана важноста на дозволите за телевизиско и радио емитување на пет телевизии и едно радио, и тоа:

- на телевизијата - ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата;
- на телевизијата - ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата;
- на телевизијата - ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ Велес, по сила на закон - со писмена изјава на имателот на дозволата со која се известува Агенцијата дека престанува со емитување на телевизиска програма;
- на телевизијата - ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, по сила на закон - со писмена изјава на имателот на дозволата со која се известува Агенцијата дека престанува со емитување на телевизиска програма;
- на телевизијата - ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, по сила на закон - со писмена изјава на имателот на дозволата дека се откажува од постојната дозвола за телевизиско емитување на регионално ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, со доделувањето на дозволата за телевизиско емитување преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и
- на радиото - ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, по сила на закон - со писмена изјава на имателот на дозволата со која се известува Агенцијата дека престанува со емитување на радио програма.

## ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

### Евидентирање во регистарот

Во извештајната година, во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети беше евидентиран еден нов субјект - Друштво за трговија и услуги ДАТАКОМ ЈВ ДООЕЛ Скопје (во август), а беа избришани два субјекти, и тоа: Друштво за производство трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДООЕЛ Гевгелија (во јануари) и Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабловска мрежа КАНАЛ 16 ДОО Ресен (во февруари), откако овие оператори ја известија Агенцијата дека престануваат со вршење на дејноста. На крајот од годината, во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети, вкупниот број на евидентирани субјекти изнесуваше 32.

### Регистрација на програмски пакети

Во 2023 година, до Агенцијата беа доставени вкупно 284 пријави за регистрација на пакет програмски сервиси од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. Постапувајќи согласно својата законска надлежност утврдена во членот 141 од ЗААВМУ, откако изврши проверка на комплетноста

и уредноста на доставените пријави, Агенцијата издаде вкупно 286 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси (две потврди се издадени врз основа на пријави доставени на крајот од 2022 година). Во извештајниот период Агенцијата донесе едно решение за запирање на постапката за издавање потврда за регистрација на пакет програмски сервиси. Исто така, Агенцијата издаде една потврда за измена на потврдата за регистрирање на збирен програмски пакет по доставено известување за раскинување на договорот за реемитување на ТВ програми, како и барањето да биде избришан програмскиот сервис ТВ Телма од страна на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје.

## Програмски надзор

Во извештајната година Агенцијата спроведе вкупно 94 надзори на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, од кои 87 редовни, еден вонреден и шест контролни надзори.

Редовните надзори беа спроведени за да се констатира дали операторите ги исполнуваат обврските од ЗААВМУ, односно од член 64 став 2 (доколку програмските сервиси што ги реемитуваат се титлуваат на јазик различен од оној на кој оригинално се произведени, задолжително да бидат титлувани или на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните), член 141 (програмските сервиси што ги емитуваат да бидат претходно регистрирани во Агенцијата) и член 143 став 3 (операторот задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис). Со оглед на тоа дека Друштвото за производство трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДООЕЛ Гевгелија беше избришан од регистарот во јануари, а Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабловска мрежа КАНАЛ 16 ДОО Ресен беше избришан во февруари во тековната година, врз нив не се направи надзор. Врз операторот Друштвото за трговија и услуги ДАТАКОМ ЈВ ДООЕЛ Скопје не беше извршен редовен надзор бидејќи истиот не започна со вршење на дејноста во тековната година. Врз сите други оператори редовниот надзор беше спроведен согласно Годишниот план за програмски надзор.

Подолу во текстот се наведени сите надзори според месецот кога беа спроведени:

### Јануари

- Пет редовни надзори на четири оператори, и тоа: Инел Интернационал од Кавадарци, Телекабел од Штип, Пет Нет од Гевгелија и Глобалсат од Скопје. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.
- Контролен надзор на операторот Каблекалл од Кичево, со кој беше констатирано дека операторот постапил по претходно изречената мерка.

### Февруари

- 10 редовни надзори на осум оператори, и тоа: Кабел Л Нет од Лабуништа, Кабел Нет од Прилеп, Мултимедија од Куманово, Сигнал Нет од Куманово, МТЕЛ од Скопје, Каблекалл од Кичево, Кабел ДОО од Струмица и Траншпед Трејд од Скопје. Само кај операторот Сигнал Нет од Куманово беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

- Контролен надзор на операторот Сигнал Нет од Куманово, со кој беше констатирано дека операторот постапил по претходно изречената мерка.

**Март**

- Осум редовни надзори на шест оператори, и тоа: Бив Пирамида од Делчево, Кабел Нет од Струмица, Инфел од Охрид, Скрембл од Ново Село, ИП Системс од Куманово и Алтра Сат од Охрид. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- Вонреден надзор на Македонски Телеком, со кој не беа констатирани прекршувања.

**Април**

- Седум редовни надзори на пет оператори, и тоа: Винсат Кабел од Виница, Комбо од Куманово, Неотел од Скопје, Нафи и Беко од Гостивар и Дрим сат од с.Чегране-Гостивар. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

**Мај**

- Пет редовни надзори на четири оператори, и тоа: Вива нет од Берово, Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Теленет Ком од Тетово и Скупи Кабле од Скопје. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

**Јуни**

- Седум редовни надзори на четири оператори, и тоа: А1 Македонија од Скопје, Македонски Телеком од Скопје, Тотал ТВ од Скопје и Спајдер од Гевгелија. Само кај операторот Тотал ТВ од Скопје беа констатирани прекршувања на членовите 141 и 143 став 3 од ЗААВМУ.

**Јули**

- Девет редовни надзори на шест оператори, и тоа: Телекабел од Штип, Пет Нет од Гевгелија, Каблекалл од Кичево, Кабел Л Нет од Лабуништа, Инфел од Охрид и Кабел ДОО од Струмица. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- Два контролни надзори на Тотал ТВ од Скопје. Со контролниот надзор за член 141 од ЗААВМУ беше констатирано дека операторот постапил по претходно изречената мерка, а со надзорот за член 143 став 3 од ЗААВМУ беше констатирано дека продолжува со вршење на истата повреда, за што и беше иницирана постапка за порамнување која беше успешно спроведена.

**Август**

- Шест редовни надзори на пет оператори, и тоа: Кабел Нет од Струмица, Инел Интернационал од Кавадарци, Глобалсат од Скопје, Бив Пирамида од Делчево и Алтра Сат од Охрид. Само кај операторот Алтра Сат од Охрид беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата

му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

**Септември**

- Осум редовни надзори на шест оператори, и тоа: А1 Македонија од Скопје, Македонски Телеком од Скопје, Кабел Нет од Прилеп, Комбо од Куманово, Мултимедиа Нет од Скопје и Траншпед Трејд од Скопје. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- Контролен надзор на операторот Алтра Сат од Охрид, со кој беше констатирано дека операторот постапил по претходно изречената мерка.

**Октомври**

- 12 редовни надзори на осум оператори, и тоа: Сигнал Нет од Куманово, Скрембл од Ново Село, Теленет Ком од Тетово, Мултимедиа Нетворк Л од Гостивар, Скупи Кабле од Скопје, Винсат Кабел од Виница, Нафи и Беко од Гостивар и Дрим сат од с.Чегране-Гостивар. Само кај операторот Винсат Кабел од Виница беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

**Ноември**

- 10 редовни надзори на шест оператори, и тоа: ИП Системс од Куманово, Вива Нет од Берово, МТЕЛ од Скопје, Неотел од Скопје, Спајдер од Гевгелија и Тотал ТВ од Скопје. Само кај операторот Тотал ТВ беше констатирано прекршување на член 143 став 3 од ЗААВМУ, при што беше констатирано дека продолжува со вршење на истата повреда од ЗААВМУ за кој е опоменат, за што беше иницирана постапка за порамнување која беше успешно спроведена.

- Контролен надзор на операторот Винсат Кабел од Виница, со кој беше констатирано дека операторот постапил по претходно изречената мерка.

**Други активности на Агенцијата во врска со реемитувањето програмски сервиси**

**Известувања до имателите на права**

Согласно законската обврска утврдена во член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, до имателите на права се доставени три известувања врз основа на извршени програмски надзори каде Агенцијата утврдила дека операторите на јавна електронска комуникациска мрежа бесправно реемитуваат програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата, и тоа:

1. Известување до Digitalb Sh.a. поради бесправно реемитување на програмските сервиси „SCAN“, „Cufo“ и „Super Sport News“ од страна на СИГНАЛ-НЕТ ДОО Куманово.
2. Известување до Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје поради бесправно реемитување на програмскиот сервис „АЛФА ТВ” од страна на АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид.
3. Известување до Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП поради бесправно реемитување на програмскиот сервис „Super RTL“ од страна на ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО Виница.

**Активности на Агенцијата во насока на заштита на имателите на авторски и сродни права**

- Во февруари Агенцијата достави до Министерството за внатрешни работи - Центар за сузбивање организиран и сериозен криминал, информација со барање за преземање службени дејствија. Информацијата се однесуваше на постоење основи за сомневање за сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на правното лице – оператор EON TV International Ltd, Limassol Kipar, како оператор-сопственик на платформата Net TV Plus.

- Во март до Агенцијата пристигнаа две претставки од страна на граѓани во врска со титлувањето на странските програмски сервиси што ги реемитуваа операторот Македонски Телеком. Врз основа на овие претставки Агенцијата до операторите на јавна електронска комуникациска мрежа испрати известување, со кое им укажа дека е потребно доследно да го почитуваат член 64 став 2 од ЗААВМУ и изврши вонреден програмски надзор врз работата на Македонски Телеком со цел да се провери дали операторот реемитува странски програмски сервиси со титл спротивно на член 64 од ЗААВМУ, а за преземените активности ги извести подносителите на претставките.

- Истиот месец, Владата на РС Македонија до Агенцијата достави *„Одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2478 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/2474 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина“*. Со оваа одлука се прошири опфатот на медиумски субјекти кон кои се насочуваат рестриктивните мерки поради дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбите во Украина, односно се забрани реемитување на програмските сервиси *„NTV/NTV Mir, Rossiya 1, REN TV и Pervyi Kanal“*. Поради ова, Агенцијата на, се обрати до сите ОЈЕКМ и побара од нив да ја почитуваат одлуката на Владата и веднаш да престанат со реемитување на претходно наведените програмски сервиси.

- Во март, со два писмени дописа United Media ја информираше Агенцијата дека програмските сервиси „Sport Klub“ и „Nova TV“ немаат регулирани авторски права за територијата на Република Северна Македонија, односно немаат права за пренос на натпревари за квалификации за Европско првенство во фудбал (UEFA EURO 2024), како и пријателските натпревари во рамки на овие квалификации. Имајќи ја предвид важноста на заштитата на авторските и сродните права, Агенцијата ги извести за ова сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и во прилог им го достави распоредот на термините на одигрување на релевантните натпревари.

- Во мај Агенцијата достави до Министерството за внатрешни работи - Центар за сузбивање организиран и сериозен криминал, информација со барање за преземање на службени дејствија. Информацијата се однесуваше на постоење основи за сомневање за сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Македонски Телеком, за ексклузивните аудиовизуелни содржини на ТВ серијата „Гомора“, отстапени само за програмскиот сервис на ТВ Телма врз основа на склучен договор помеѓу телевизија Телма и Visionary Thinking Lda.

- Во мај, United Media ја информираше Агенцијата дека програмските сервиси „Sport Klub“немаат регулирани права за пренос на територијата на Република Северна Македонија на натпреварите за квалификации за Европско првенство во фудбал (UEFA EURO 2024 QUALIFIERS) и пријателските натпревари, како и на

натпреварите на Лига на нации (UEFA Nations League). Имајќи ја предвид важноста на заштитата на авторските и сродните права, Агенцијата ги извести за ова сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и во прилог им го достави распоредот на термините на одигрување на релевантните натпревари.

- Во август, септември и октомври, правното лице Јунајтед Медија во неколку наврати достави дописи до Агенцијата со кои бараше затемнувања или на кој било друг начин да се направат недостапни одредени канали на Спорт Клуб и Нова ТВ во време на емитување, како и снимки од натпреварите за квалификации за Европско првенство во фудбал (UEFA EURO 2024 QUALIFIERS) и пријателските натпревари, поради тоа што овие канали немаат права за пренос на натпреварите на територијата на Р.С. Македонија. Со воспоставената пракса во изминатите години station наназад, имајќи ја предвид важноста на заштитата на авторските и сродните права, Агенцијата редовно, во рамки на своите надлежности, ги информираше сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи.

- Во ноември, Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје побара од Агенцијата да ги извести сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои го реемитуваат програмскиот сервис „Happy TV“, да ја затемнат програмата во терминот кога се емитува тв серијата „Yali Capkini“ („Golden Boy“, на програмата на Канал 5 преведена со наслов „Женкар“), поради заштита на пренесените авторски права. Агенцијата веднаш постапи по барањето на радиодифузерот и испрати Известување до операторите за потреба од затемнување на програмска содржина на програмскиот сервис „Happy TV“, врз основа на доставена документација во која беше приложен склучен договор за лиценца со правното лице ECCHO RIGHTS AB – Кралство Шведска (сопственик на лиценцата) за ексклузивно право за емитување на серијата на територијата на РС Македонија.

## ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

### Евидентирање во регистарот

Во извештајната година, во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање беше евидентиран еден нов субјект - Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје. Во мај, Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје ја извести Агенцијата дека нема сервис за аудиовизуелни медиумски услуги по барање и истиот беше избришан од регистарот. На крајот од годината, во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, вкупниот број на евидентирани субјекти изнесуваше четири, и тоа: Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје (Max TV Видеотека), Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје (Vip Now), Друштво за услуги СВОД МАСТЕР ДОО Скопје (GLEY/ГЛЕЈ) и Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје (Move TV).

### Програмски надзор

Во Годишниот план за вршење програмски надзор во 2023 година беше предвидено редовниот програмски надзор врз давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање да се спроведе двапати во текот на годината. Имајќи го предвид ова, надзорите на Акционерското друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје, на Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и на Друштвото за услуги СВОД МАСТЕР ДОО Скопје беа направени во мај и ноември. Предмет на надзорите беше исполнувањето на обврските од ЗААВМУ коишто се однесуваат на забраната за пренесување кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права (член 49),

заштитата на малолетни лица (член 50 став 1) и промоцијата на производство и пристап до европски дела (член 60). Со шестте редовни надзори беше констатирано дека давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во целост ги исполнуваат обврските од законот. Со оглед на тоа дека Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје се евидентираше во ноември во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, на истиот не му беше направен надзор.

## ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Во извештајната година, врз издавачите на печатени медиуми беа извршени шест административни надзори, од кои еден (редовен) во врска со исполнувањето на обврската за јавност во работењето и пет (три редовни, еден вонреден и еден контролен) во врска со исполнувањето на обврската за објавување импресум.

Редовниот надзор во однос на првата обврска (член 15 став 2 од Законот за медиуми) беше спроведен во април, согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2023 година. Целта на надзорот беше да се констатира дали до 31 март 2023 година, издавачите на печатени медиуми ги објавиле во дневен весник податоците за сопственичката структура и дали до Агенцијата доставиле исечок од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Со надзорот беа опфатени 22 издавачи на печатени медиуми и беше констатирано дека сите во целост ја исполниле оваа обврска.

Во февруари беше извршен првиот редовен административен надзор во однос на обврската за објавување импресум (член 14 став 1 од Законот за медиуми), според која издавачите на печатени медиуми се должни на видно место, во секој печатен примерок од печатен медиум да ги објават податоците за: називот и адресата на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, името на одговорното лице на издавачот на медиум, името и презимето на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото, називот и адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци. Предмет на овој надзор беа 21 издавач, односно вкупно 22 печатени медиуми кои тие ги издаваат, и тоа: „Нова Македонија“, „Слободен печат“, „Вечер“, „Коха“, „Лајм“, „Капитал“, „Зенит“, „Фокус“, „Скопско Ехо“, „Битолски весник“, „Бахче“, „Економија и бизнис“, „Убавина и здравје“, „Шења“, „InStore“, „Портрет“, „Штипски глас“, „Порта 3“, „Македонско Ехо“, „Лице в лице“, „Емитер“ и „Народен лекар“. Обврската за објавување импресум беше во целост исполнета кај сите нив.

Вториот редовен административен надзор во врска со истата обврска беше извршен во јуни и со него беа опфатени 20 од горенаведените 22 печатени медиуми. Имено, надзор не беше направен само на „Лице в лице“ и на „Емитер“, од причина што не беа издадени нови броеви од овие медиуми, а на постоечките Агенцијата веќе спроведе надзор во февруари. И со овој надзор не беа констатирани прекршувања кај ниту еден издавач.

Во октомври беше извршен третиот редовен надзор над издавачите на печатени медиуми во врска со член 14 став 1 од Законот за медиуми. Надзорот беше направен над 22 издавачи, а беа опфатени вкупно 23 медиуми, и тоа: „Нова Македонија“, „Слободен печат“, „Вечер“, „Коха“, „Лајм“, „Капитал“, „Фокус“, „Зенит“, „Битолски весник“, „Народен лекар“, „Порта 3“, „Штипски глас“, „Економија и бизнис“, „Шења“, „Убавина и здравје“, „InStore“, „Бахче“, „Портрет“, „Скопско Ехо“, „Македонско Ехо“, „Лице в лице“, „Емитер“ и „Слово“. Обврската не беше во целост исполнета кај три медиуми - „Нова Македонија“, „Народен лекар“ и „Слово“. Агенцијата писмено ги опомена издавапчите на овие медиуми (Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Друштвото за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје и Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА

Скопје) и им даде дополнителен рок од 30 дена да го усогласат своето работење со Законот за медиуми. Во извештајната година беше направен контролен надзор на РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, а контролниот надзор над НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје Агенцијата го изврши во јануари 2024 година, при што беше констатирано дека двата издавачи на печатени медиуми постапиле по изречените опомени и ги отстраниле сторените прекршувања. До моментот на пишување на овој извештај не е спроведен контролен надзор над СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА.

Откако во регистарот на издавачи на печатени медиуми беше евидентиран магазинот „The Economist“, Агенцијата во април спроведе вонреден надзор на овој печатен медиум. Обврската за објавување импресум не беше во целост исполнета, поради што Агенцијата му изрече мерка опомена на неговиот издавач - Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје. До крајот на 2023 година не беше направен контролен надзор над овој субјект.

## ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

Во 2023 година, за констатирани непочитувања на ЗААВМУ, ЗМ и подзаконските акти донесени врз основа на нив, Агенцијата против радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа изрече вкупно 82 мерки, од кои:

- 63 (шеесет и три) решенија за преземање мерка – јавна опомена (од кои: 53 решенија за преземање мерка – јавна опомена кон радиодифузерите[8], 4 решенија за преземање мерка – јавна опомена кон издавачите на печатени медиуми[9] и 6[10] решенија за преземање мерка – јавна опомена/јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавни електронски комуникациски мрежи[11]);
- 10 (десет) прекршочни постапки/постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог, и тоа (5 прекршочни постапки против четири радиодифузери и 5 успешно завршени постапки за порамнување - постапки за издавање на прекршочен платен налог (две постапки против два радиодифузера и три постапки против еден оператор на јавна електронска комуникациска мрежа))[12];
- 3 (три) одлуки за одземање на дозвола[13] и
- 6 (шест) решенија за бришење од регистарот на радиодифузери[14].

---

[8] Деталните податоци за изречените мерки – јавни опомени кон радиодифузерите се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за преземање мерка – јавна опомена кон радиодифузери во 2023 година“ (Прилог бр. 1.4.)

[9] Деталните податоци за изречените мерки – јавни опомени кон издавачите на печатени медиуми се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за преземање мерка – јавна опомена кон издавачи на печатени медиуми во 2023 година“ (Прилог бр. 1.5.)

[10] Од 6-те Решенија за преземање мерка – јавна опомена, 1 (едно) решение за прекршување на член 141 од ЗААВМУ беше поништено во целост.

[11] Деталните податоци за изречените мерки - опомени кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за преземање мерка – јавна опомена и јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во 2023 година“ (Прилог бр. 1.6.).

[12] Деталните податоци за поведените прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување против радиодифузери и оператори на јавна електронска комуникациска мрежа за констатирани прекршувања на ЗААВМУ, ЗМ и подзаконските акти во 2023 година“ (Прилог бр. 1.7.).

[13] Деталните податоци за доставените предлози до Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско/радио емитување се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Постапки во врска со одземање дозволи за телевизиско/радио емитување во 2023 година“ (Прилог бр. 1.8.).

[14] Деталните податоци за донесените решенија за бришење од регистарот на радиодифузери се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери во 2023 година“ (Прилог бр. 1.9.).

**Преземени мерки против радиодифузерите**

**Изречени мерки – јавни опомени**

Агенцијата во текот на 2023 година донесе вкупно 53 решенија за преземање мерка – јавна опомена, и тоа:

- едно решение за преземање мерка – јавна опомена, заради констатирана повреда на член 97 став 2 од ЗААВМУ, односно поради необезбедување на идентификацијата согласно член 97 од ЗААВМУ и необјавување на знакот за идентификација најмалку еднаш во текот на еден реален час на радиопрограмата;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на член 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники, односно поради непочитување на правилата за нови рекламни техники – емитување на поп-ап реклами на поделен екран што покриваа суштински делови од драмското дејствие;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 98 став 1 од ЗААВМУ, поради емитување рекламни огласи што не се јасно одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства на почетокот од рекламниот блок;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ, односно поради непочитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации – емитување забавно документарна емисија која не е означена како програма во која се пласирани производи, а пласираните производи од одредени спонзори посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 55 став 5 од ЗААВМУ, односно поради емитување програма во која се пласирани производи без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 54 став 5 од ЗААВМУ, односно поради емитување спонзорирани вести, односно изданија на куси дневно-информативни емисии за тековните настани, спротивно на одредбите од член 54 став 5 од ЗААВМУ;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на členовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – емитување програма со погрешна предупредувачка сигнализација и во несоодветен временски период од денонокието, односно пред 20 часот;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 15 став 1 од ЗМ, односно поради неисполнување на обврската за доставување податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2022 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2022 година и за просечната гледаност во 2022 година;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 15 став 5 од ЗМ - неисполнување на обврската за доставување писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, на начин и во законски предвидениот рок (31-ви март 2023 година);
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 55 став 1 од ЗАВМУ и точка 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, односно поради

прекршување на забраната за пласирање производи во одредени видови програма, и тоа: документарна програма, забавно-информативна програма и актуелно-информативна говорна-шоу програма;

- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ), односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – емитување играна програма која пред почетокот на емитувањето не е означена со соодветна предупредувачка сигнализација за класификација на категорија програма планирана за прикажување;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 100 став 1 од ЗААВМУ, односно поради тоа што во неколку реални часови времетраењето на рекламирањето во програмата на радиодифузерот изнесуваше повеќе од 12 минути на еден реален час;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радија за емитување домашна музика, односно поради неемитување најмалку 10% музика на македонски јазик во периодот од 06:00 до 00:00 часот, од вкупно емитуваната музика во анализираното деноноќие;
- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 53 став 2 од ЗААВМУ, односно поради емитување на прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации;
- три решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 92 став 1 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30%, односно 40% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела;
- три решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 15 став 3 од ЗМ, односно поради необјавување на сопствената програма на податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и недоставување снимка од објавата до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето;
- три решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од ПЗМЛ, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика – емитување програми кои пред почетокот и за време на нивното емитување не беа означени со соодветна предупредувачка сигнализација;
- три решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 64 став 1 од ЗААВМУ, односно заради употреба на јазик (емитување програма изворно на бугарски јазик, српски јазик, англиски јазик без превод на македонски јазик) спротивно на пропишаниот начин во законот.
- седум решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 51 став 1 од ЗААВМУ, односно поради тоа што радиодифузерите не ги обезбедија информациите што треба да им се направат достапни на корисниците согласно член 51 став 1 од ЗААВМУ;
- осум решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, од која најмалку половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот и
- единаесет решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 14 од ЗМ - неисполнување на обврската за објавување податоци што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис, односно необјавување податоци за импресум.

**Покренати прекршочни постапки/спроведни постапки за порамнување**

Во согласност со Законот за прекршоците, Агенцијата спроведе вкупно шест постапки за порамнување против радиодифузери, откако со контролен надзор беше утврдено дека и покрај изречената јавна опомена тие продолжиле со вршење на истата повреда за која претходно беа опоменати. Пет од овие постапки беа спроведени за прекршување на одредбите на ЗААВМУ, а една за прекршување на одредбите од ЗМ. Од шесте покренати постапки, две завршија успешно, односно сторителите на прекршокот во законски утврдениот рок ги платија глобите утврдени во прекршочниот платен налог, а за останатите четири Агенцијата поднесе барања за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд.

Дополнително, Агенцијата поднесе и едно барање за спроведување прекршочна постапка врз основа на Решение од Основниот кривичен суд од Скопје, за кое барање веќе имаше спроведено постапка за порамнување во 2020 година.

**Одземање на дозволата на радиодифузерите**

Во извештајната година, Советот на Агенцијата покрена вкупно 24 постапки за одземање на дозволите за телевизиско или радио емитување, од кои 21 беа запрени, а за три донесе одлуки за одземање на дозволите (одземени беа дозволите на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ од Тетово, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ИРИС од Штип и непрофитното радио УНИВЕРЗУМ од Скопје). Станува збор за следните постапки за одземање на дозволата:

- 19 постапки беа покренати поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата. Од нив, 18 беа запрени, со оглед на тоа што радиодифузерите го платија во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско/радио емитување, а за една покрената постапка беше донесена Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, бидејќи радиодифузерот не ја исполнил оваа обврска (одземена беше дозволата на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ од Тетово).
- две постапки беа покренати поради неисполнување на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст) арх.бр.01-3747/1 од 06.10.2022 година, но истите по исполнувањето на условите во цитираниот правилник беа запрени во јануари 2023 година.
- една постапка беше покрената затоа што радиодифузерот престанал со емитување на телевизискиот програмски сервис повеќе од 30 дена, по што од страна на Агенцијата беше донесена Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, со оглед на тоа што радиодифузерот не го усогласи работењето со ЗААВМУ и не отпочна со емитување телевизиска програма во законски утврдениот рок (одземена беше дозволата на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ИРИС од Штип).
- една постапка беше покрената поради констатирани законски пречки за вршење на дејноста - обезбедување емитување на еден/единствен програмски сервис емитуван како целина од програми и други елементи на една единствена аудио медиумска услуга на подрачјето за кое му е доделена дозволата – целата територија на РСМ. За покренатата постапка Агенцијата донесе Решение со кое се продолжи рокот за донесување одлука поради сложеноста на предметот. Покренатата постапка беше запрена, со оглед на тоа што радиодифузерот ги отстранил законски предвидените пречки за вршење на дејноста.
- една постапка беше покрената поради тоа што техничките и просторните услови на радиодифузерот не беа во согласност со понудените технички и просторни услови во постапката

за доделување на дозволата, поради што беше донесена Одлука за одземање на дозволата за радио емитување, со оглед на тоа што радиодифузерот не го усогласи работењето со ЗАВМУ (одземена беше дозволата на непрофитното радио УНИВЕРЗУМ од Скопје).

**Бришење од регистарот на радиодифузери**

Агенцијата во 2023 година донесе шест решенија за бришење од регистарот на радиодифузери, врз основа на кои од регистарот беа избришани:

- ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, на кое му престана важноста на дозволата за радио емитување по сила на закон – со писмена изјава на имателот на дозволата со која се известува Агенцијата дека престанува со емитување радио програма (член 85 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ);
- ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, на кое му престана важноста на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон - со одземање на дозволата поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини (член 82 став 1 алинеја 2 и член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ);
- ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, на кое му престана важноста на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон - со одземање на дозволата поради тоа што радиодифузерот, во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување (член 80 став 5 и член 85 став 1 алинеја 4 од ЗАВАМУ);
- ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес и ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, на кои им престана важноста на дозволите за телевизиско емитување по сила на закон - со писмена изјава на имателите на дозволите со кoi се известува Агенцијата дека престануваат со емитување телевизиска програма (член 85 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ); и
- ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, на кое му престана важноста на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон - со писмена изјава на имателот на дозволата дека се откажува од постојната дозвола за телевизиско емитување на регионално ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, со доделувањето на дозволата за телевизиско емитување преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа (член 85 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ).

**Преземени мерки против издавачите на печатени медиуми**

**Изречени мерки – јавни опомени**

Во извештајниот период, поради неисполнување во целост на обврската од член 14 став 1 од ЗМ, односно поради необјавување на сите податоци кои секој издавач на печатен медиум е должен да ги објави во импресумот на секој примерок од печатен медиум, Агенцијата донесе четири решенија за преземање мерка – јавна опомена кон четири издавачи на печатени медиуми.

**Преземени мерки против операторите на јавни електронски комуникациски мрежи**

**Изречени мерки – јавни опомени**

Поради прекршувања на ЗААВМУ констатирани со извршен програмски надзор на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во 2023 година Агенцијата донесе шест решенија за изрекување мерка

јавна опомена, од кои пет поради реемитување програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата (прекршување на член 141 од ЗААВМУ) и едно поради тоа што операторот во својот програмски пакет не ги обезбедил програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис (прекршување на член 143 став 3 од ЗААВМУ).

**Покренати прекршочни постапки/спроведни постапки за порамнување**

Во текот на 2023 година, во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, беа спроведени вкупно три постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог со еден оператор на јавна електронска комуникациска мрежа (Тотал ТВ) и одговорното лице на операторот. Спроведените постапки завршија успешно, односно сторителите на прекршокот во законски утврдениот рок ги платија глобите утврдени во прекршочниот платен налог. Една од спроведените постапки за порамнување, беше започната во 2022 година.

## УПРАВНИ СПОРОВИ

Во 2023 година беа поведени два управни спора[15] против акти донесени од страна на Агенцијата.

Едниот спор беше поведен од страна на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, кое поднесе тужба против Одлуката на Агенцијата (Уп1 бр.08-55 од 10.01.2023 година) за одбивање на писменото барање за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестијален мултиплекс. Агенцијата ја донесе оспорената Одлука при повторно одлучување по писмено барање што оваа телевизија го достави во 2020 година, а постапувајќи по Пресудата У-3 бр.22/2021 од 14.11.2022 г. на Управниот суд на РСМ, со која тужбата што во 2021 година ја поднесе ТРД 24 ВЕСТИ Штип се уважи, а Одлуката на Агецијата (Уп1 бр.08-55 од 18.12.2020 година) се поништи. Во однос на оваа постапка, Управниот суд во февруари 2024 година донесе Пресуда со која ја одби тужбата на ТРД 24 ВЕСТИ Штип како неоснована.

Вториот спор беше поведен од страна на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, кое поднесе тужба против Одлуката на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско емитување на овој радиодифузер и Решението за бришење од регистарот на радиодифузери. Агенцијата до судот достави одговор на поднесената тужба. Оваа постапка е сè уште во тек пред Управниот суд на РСМ.

Во 2023 година, до Судскиот совет на РСМ Агенцијата достави Барање за поведување постапка за утврдување на одговорност на судија на Управен суд поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција на Претседател на совет – судија. Барањето беше поднесено во врска со Пресудата У-3 бр.22/2021 од 14.11.2022 година на Управниот суд на РСМ, поради тоа што пријавената судијка нестручно и несовесно постапила при анализа на материјалното право и позитивните законски прописи, занемарила законски одредби кои се од суштинско значење за решавање на спорното прашање во овој управен спор, на начин што донесената пресуда ја темели на паушални наводи и хипотетички нереални ситуации, при што погрешно ја утврдила фактичка состојба, односно погрешно го утврдила решителниот факт. Од страна на Судскиот Совет до Агенцијата беше доставено Решение со кое се отфрла Барањето на Агенцијата како

[15] Деталните податоци за поведените управни спорови се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Управни спорови во 2023 година“ (Прилог бр. 1.10.).

нецелосно и неосновано, поради тоа што Агенцијата претходно не поднела жалба до Вишиот управен суд. Со оглед на тоа дека Судскиот Совет при носењето на Решението, немал предвид дека пријавената судијка не и дала ваква можност на Агенцијата, односно во правната поука на Пресудата јасно навела дека „против оваа пресуда не е дозволена жалба“, Агенцијата поднесе Барање за повторно разгледување до Судскиот совет.

## АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА

### Анализа на пазарот на аудио и аудиоизуелни медиумски услуги за 2022 година[16]

Во првата половина од годината Агенцијата ја изработи Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, која се однесува на економското работење на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во 2022 година. Во неа се прикажани податоците за: вкупните остварени приходи на телевизиите и радијата во анализираната година и структурата на приходите; вкупните трошоци и структурата на трошоците; финансискиот резултат од работењето; бројот на вработените; и податоци за гледаноста на телевизиите и слушаноста на радиостаниците во 2022 година. За изработка на Анализата Агенцијата ги користеше податоците коишто радиодифузерите самите ги доставија до регулаторот во рамки на нивната законска обврска да обезбедат јавност во своето работење, но и нивните завршни сметки издадени од Централниот регистар на РС Македонија. За анализата на економските перформанси на Македонската радиотелевизија беше користен и „Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП Македонска радиотелевизија за 2022 година“. Клучните наоди од оваа Анализа Агенцијата ги презентираше на вториот јавен состанок, кој се одржа во јуни 2023 година.

### Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2022 година[17]

Агенцијата во август ја изработи анализата „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2022 година“, која содржи податоци за бројот на вработените во јавниот радиодифузен сервис и во комерцијалните радиодифузери, анализирани според работните места на кои тие се ангажирани, нивниот статус, односно дали се во редовен работен однос или се хонорарно ангажирани, и од демографски аспект. Оваа анализа Агенцијата редовно ја изработува уште од 2010 година.

### Сопственоста на медиумите во 2023 година[18]

За да обезбеди повисоко ниво на транспарентност на сопственоста на радиодифузерите, во јуни беше изработен извештајот „Сопственоста на медиумите во 2023 година“, во кој се претставени податоците за сопственоста на радиодифузерите и на издавачите на печатени медиуми до нивните крајни сопственици, но и податоци за одобрените промени во сопственичката структура на радиодифузерите во 2022 година и податоци за интеграцијата на капиталот меѓу радиодифузерите.

[16] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2023/12/Analiza-na-pazarot-za-22-god-v.3-003.pdf
[17] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/01/Структура-на-вработени-2022-година.pdf
[18] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2023/06/Сопственоста-на-медиумите-во-2023-година.pdf

**Проценка - Економска виталност и одржливост на аудиовизуелната медиумска индустрија во дигиталното опкружување [19]**

Во 2023 година, во рамки на проектот „Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна Македонија" (ЈУФРЕКС 2) беше изработена публикацијата „Проценка - Економска виталност и одржливост на аудиовизуелната медиумска индустрија во дигиталното опкружување - Северна Македонија", која нуди повеќе предлози и препораки кои имаат за цел зајакнување на улогата на аудиовизуелните медиуми во општеството. Препораките се однесуваат на: следење на трендовите во ЕУ и приспособување на правните инструменти на ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги; формирање меѓуинституционална мрежа за одржливост на медиумите, со широк партиципативен пристап на релевантните чинители; подготовка на национален акциски план за развој на аудиовизуелниот сектор; и обезбедување услови за консолидација на телевизиското емитување за да се обезбеди квалитетна и разновидна содржина. Меѓу другото, во публикацијата се дадени практични примери кои вклучуваат различни видови програми за поддршка на медиумите, мерки за поддршка на истражувачкото новинарство, како и даночни стимулации за поттикнување на инвестициите во аудиовизуелната продукција. Добрите практики анализирани во публикацијата можат да послужат како пример за креирање најсоодветен модел за поддршка на домашната продукција во Македонија.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс[20]**

За потребите на Агенцијата, во октомври беше изработена „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс". Студијата се состои од три дела – економска анализа, анализа на постоечката медиумска понуда и анализа на потребите на публиката. За спроведување на економската анализа се користени постоечките податоци за пазарот и финансиските податоци за учесниците на релевантниот пазар, односно завршните сметки на терестријалните телевизии на државно ниво. Анализата на медиумската понуда беше направена врз основа на податоците на Агенцијата за програмските формати и видовите програмски содржини кои се емитуваат на програмските сервиси на петте терестријални ТВ на државно ниво, а за анализата на потребите на публиката беше спроведено истражување на навиките, потребите и преференциите на гледачите во однос на телевизиската понуда, со коешто истражување беа опфатени вкупно 1200 испитаници. Врз основа на добиените сознанија од спроведените анализи, Студијата покажа дека не постои оправданост за објавување конкурс за телевизиски програмски сервиси со претежно забавен општ формат, претежно информативен општ формат и општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, како и дека програмски сервиси кои би придонеле кон поголема разновидност на ТВ понудата се специјализирани сервиси за филмски, спортски и образовни/документарни содржини.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на регионално ниво, на подрачјето на Скопје[21]**

[19] Достапна на: https://rm.coe.int/assessment-media-viability-and-sustainability-north-macedonia-mkd-/1680ac5bcf
[20] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2023/12/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-јавен-конкурс-за-ТВ-на-државно-ниво.pdf
[21] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2023/12/Studija-za-utvrduvanje-na-opravdanosta-za-objavuvanje-javen-konkurs-za-dodeluvanje-dozvola-za-neprofitno-radio-na-Skopje.pdf

Врз основа на доставено барање од Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во март беше изработена „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за непрофитно радио на регионално ниво на подрачјето на Скопје“, која имаше за цел да утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс од аспект на исполнувањето на целта на ЗАВМУ и од аспект на потребите на публиката. Студијата покажа дека постои оправданост за доделување дозвола за регионално непрофитно радио чија целна група ќе бидат студентите на подрачјето на Скопје (градот Скопје и општините Сопиште, Арачиново, Зелениково, Чучер Сандево, Илинден, Петровец и Студеничани), говорните содржини да бидат застапени со 10% до 15% во вкупно емитуваната програма во текот на неделата и јазикот на емитување на говорните содржини да биде македонски.

### Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово[22]

Оваа студија Агенцијата ја изработи по прием на писмено барање од Тетовскиот универзитет, а со цел да утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за непрофитно радио на подрачјето на Тетово. Во неа се претставени законската рамка за непрофитните радија, податоци за програмската понуда на постојните радиостаници кои емитуваат програма на подрачјето на Тетово, за нивната слушаност и за потенцијалната публика. Анализата на податоците покажа дека постои оправданост, и тоа целна група на радиото да биде студентската популација на подрачјето на Тетово и од 10% до 15% од вкупно емитуваната неделна програма да бидат говорни содржини на албански и македонски јазик.

### Извештај за реализација на Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година[23]

Во извештајната година Агенцијата изработи Извештај за реализација на „Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година“, кој содржи детален преглед на реализираните активности предвидени во овој стратешки документ. И покрај тоа што две од петте години што ги опфаќа оваа Стратегија поминаа во услови на Ковид-19 пандемијата, а веднаш по неа следеше општата енергетска и економска криза, Агенцијата успеа да ги реализира сите планирани активности. Беа изработени голем број студии, анализи и други релевантни документи, а беа одржани и повеќе работилници, дебати и обуки во врска со разни аспекти од работењето на медиумите. Активностите од Стратегијата кои беа реализирани заклучно со јуни 2023 година, Агенцијата накратко ги презентираше на вториот јавен состанок во 2023 година.

### Анализа за утврдување на минималните кадровски услови кај радиодифузерите

Имајќи ја предвид потребата од изменување на „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“, која произлезе од Одлуката на Уставниот суд со која се укина одредба од овој правилник, Агенцијата изработи сеопфатна „Анализа за утврдување на минималните кадровски кај радиодифузерите“, во која ги зеде предвид следните аспекти: видот на програмскиот сервис (телевизија или радио), програмскиот формат на радиодифузерите (општ или специјализиран), потенцијалната публика (вкупно резидентно население во подрачјето на кое ТВ или РА емитува програма), потенцијалните огласувачи на радиодифузерите (број на активни деловни

[22] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2023/12/Studija-za-utvrduvanje-na-opravdanosta-za-objavuvanje-javen-konkurs-za-dodeluvanje-dozvola-za-neprofitno-radio-na-lokalno-nivo-na-opstina-Tetovo.pdf
[23] Достапен на: https://avmu.mk/strategija-na-razvoj/

субјекти во подрачјето на кое радиодифузерот емитува програма) и просечниот број на вработени кај секој радиодифузер во последните пет години.

**Родот во медиумите 2022: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите**[24]

Во 2023 година беа презентирани наодите од истражувањето „Родот во медиумите 2022: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите", кое за потребите на Агенцијата го изработи Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, а во голем дел се заврши и изработката на уште три анализи чие промовирање ќе биде во 2024 година. Станува збор за анализата на начинот на известување за родово заснованото насилство на националните телевизии и за споредбената анализа на родовата структура на сопственоста и на вработените во радиодифузијата, како и за истражувањето на нивото на компетенциите за медиумска писменост на учениците од прва и втора година средно образование. Повеќе информации за овие истражувања има во делот од овој извештај посветен на родот и радиодифузијата, односно на медиумската писменост.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА

### Мерење на гледаноста и слушаноста на програмските сервиси на радиодифузерите[25]

По нарачка на Агенцијата, во првата половина од годината беа спроведени две истражувања на публиката преку кои беа обезбедени податоци за гледаноста на телевизиите и за слушаноста на радиостаниците во првиот и во вториот квартал од 2023 година.Овие податоци вклучуваат просечен дневен и неделен досег на телевизиите и радијата, удел во гледаноста на телевизиите, место каде испитаниците гледале ТВ и слушале радио, вид на програмската содржина што ја слушале или гледале и др. Агенцијата не обезбеди вакви податоци за останатите два квартали од годината поради тоа што со измените на ЗААВМУ од јули 2023 година престана и обврската на регулаторот да врши мерење на гледаност и слушаност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите.

Покрај овие, во јануари 2023 година до Агенцијата беа доставени квартален извештај за гледаноста и за слушаноста на радиодидузерите во четвртиот квартал од 2022 година и годишен извештај за цела 2022 година. Овие податоци за АВМУ ги обезбеди специјализирана истражувачка агенција, исто така преку истражувања на побликата спроведени во текот на 2022 година (четири истражувања, по едно во секој квартал).

### Подигнување на институционалниот капацитет на Агенцијата

Во текот на 2023 година, вработените во Агенцијата учествуваа на повеќе обуки, работилници и конференции:

[24] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2023/12/Publikacija-rodot-vo-zabavnite-programi-v.5-so-korica.pdf
[25] Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2023/12/AVMU-doseg-2023.Q1.pdf и на https://avmu.mk/wp-content/uploads/2023/12/Податоци-за-досегот-на-радиостаниците-и-за-уделот-во-вкупната-гледаност-на-телевизиските-станици-за-периодот-април-јуни-2023.pdf

- „Основна обука за род, родова еднаквост и воведување на родовата перспектива во јавните политики“, организирана од страна на Министерството за труд и социјална политика во рамки на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, со поддршка на UN Women.;
- Обука на тема: „Родово одговорно буџетирање и негова примена во секторските политики и програми“, исто така во организација на Министерството за труд и социјална политика, во рамки на погоренаведениот проект“;
- Основна обука за спроведување родова анализа (за родовоодговорно буџетирање), организирана од Министерството за труд и социјална политика и реализирана од Центарот за управување со промени;
- Обуки на тема: „Примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“, во организација на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.;
- „Презентација за евалуација на задоволството на вработените“ во Клуб на пратеници, во организација на Министерството за информатичко општество и администрација;
- Обука спроведена од Бирото за јавни набавки (БЈН) и полагање на испити за јавни набавки, согласно со Програмата за едукација за јавни набавки – Наставна програма за обука на лица за јавни набавки;
- Обука за едукација во јавните набавки, во организација на БЈН;
- 85-та Средба на правниците (Правна конференција), во организација на Здружението на правници на РСМ и АЦТ! ДОО Скопје;
- 86-та Средба на правниците, во организација на Здружението на правници на РСМ;
- „Конференција за унапредување на медиумската независност и медиумска етика“, во организација на Министерството за култура и медиуми на Црна Гора, во рамки на претседавањето на Црна Гора со „Процесот на соработка во Југоисточна Европа“;
- Прв „Отворен форум за антикорупција“, во рамките на програмата „Граѓаните против корупцијата“ и „Регионална мрежа за антикорупција (СЕЛДИ), по повод меѓународниот ден за борба против корупција;
- Обука за спроведување на системот на интегритет во институциите, наменета за лицата за интегритет, организирана од Државната комисија за спречување на корупција во рамки на проектот „Активност за антикорупција и интегритет“, финансиран од УСАИД;
- Обука на тема: „Јавна набавка од А до Ш, од теорија до пракса, се што треба да се знае“, организирана од страна на Институтот Концепт;

**Стандарди за управување со квалитет**

Во ноември 2023 година беше спроведена втората редовна надзорна проверка од сертификациско тело во однос на стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015, во која Агенцијата покажа дека работи согласно барањата на стандарот.

**Постапувања по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер**

До Агенцијата, како имател на информации од јавен карактер, во текот на 2023 година беа поднесени 6 (шест) барања за информации од јавен карактер. Агенцијата за 5 (пет) барања овозможи целосен пристап до бараните информации, а за 1 (едно) барање овозможи делумен пристап со оглед на тоа што делумно располагаше со бараната информација. Станува збор за следните барања:

- Во јануари, Институтот за европска политика Скопје побара од Агенцијата информација дали во периодот од 01.10.2022 година до 31.12.2022 година Агенцијата констатирала напад на новинари и говор на омраза;

- Институтот за европска политика Скопје и во април поднесе до Агенцијата барање за пристап до информации од јавен карактер, при што овојпат побара информација дали Агенцијата констатирала напад на новинари и говор на омраза во периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година;

- Во мај, од страна на Здружението на граѓани - Центар за граѓански комуникации беа побарани податоци во врска со јавната набавка „Изнајмено печатење“;

- Истиот месец, до Агенцијата беше доставено барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на физичкото лице Нинослав Нанков од Гостивар, кој побара информација за износот на надоместоците за дозволи за сите телевизии во регистарот на телевизии кој го води Агенцијата;

- Во октомври, Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство побара информација од Агенцијата дали за претставници на Советот за етика во медиумите, на Агенцијата, како и за медиумски професионалци се спроведени обуки за начинот на известување за прашања поврзани со родовобазирано насилство, колку обуки се спроведени и колку лица се опфатени со нив;

- Во декември, Васка Лешоска од Здружението на граѓани Реактор – Истражување во акција поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кое побара пополнување прашалник во однос на имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Националниот акциски план 2022-2024. На ова Барање АВМУ одговори на почетокот од 2024 година.

Подетални податоци во врска со поднесените барања и одговорите на барањата се достапни на веб страната на Агенцијата, на следниот линк: https://avmu.mk/2023-%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b0-2/.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област: Европска платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранска мрежа на регулаторни тела (MNRA), Група на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, остварување соработка и билатерални односи со регулаторни тела во Европа, особено со регулаторните тела од регионот**

Меѓународната соработка на Агенцијата во 2023 година на билатерално и на меѓународно ниво се одвиваше комбинирано, односно со физичко и со онлајн присуство. Претставниците на Агенцијата активно учествуваа во работата на меѓународните регулаторни платформи, групи и организации.

**ЕРГА**

Претставници на Агенцијата, во текот на годината учествуваа во повеќе меѓународни активности организирани од Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги - ЕРГА.

На 13 февруари, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на првиот состанок на Подгрупата 1 на ЕРГА за конзистентна примена и спроведување на европската рамка за аудиовизуелни медиумски услуги, што се одржа во хибриден формат во Брисел, Кралство Белгија. Состанокот беше посветен на договор за аспектите што би биле опфатени и на поделба на задолженијата за секоја од планираните активности на Подгрупата за 2023 година, во согласност со Програмата на ЕРГА, кои во голема мера се посветени на процедурите за прекугранично спроведување на регулативата, односот кон радиодифузерите од трети земји и соработката со регулаторите и Мрежите на трети земји.

Претставничка на Агенцијата на 14 февруари онлајн учествуваше на првиот состанок на Подгрупата 2 на ЕРГА за комплетирање на регулаторната рамка за медиуми на ЕУ, што се одржа во хибриден формат во Брисел, Кралство Белгија. На состанокот се разговараше за планот за работа на Подгрупата за 2023 година и за предвидените активности. Сепак, клучни теми беа новините поврзани со Актот за дигитални услуги (DSA) и Предлог Европскиот акт за слобода на медиумите (EMFA). Во однос на Актот за дигитални услуги се дискутираше за улогата на ЕРГА и на регулаторните тела за медиуми во имплементација на Актот. Во однос на Предлог Европскиот акт за слобода на медиумите, регулаторите дискутираа за подготовка на документот на ЕРГА со забелешки и предлози за измена.

На 20 февруари, претставници на Агенцијата онлајн учествуваа на првиот состанок на Подгрупата 3 на ЕРГА за справување со дезинформациите и за зајакнување на демократијата во дигиталната средина што се одржа во хибриден формат во Брисел, Кралство Белгија. На состанокот се разговараше за планот за работа на Подгрупата за 2023 година и за предвидените активности. Беше договорено во рамки на Подгрупата да работат три работни групи кои ќе бидат посветени на неколку прашања. Првата работна група да работи на подготовка на извештај од мониторингот на зајакнатиот Кодекс на практики против дезинформации што ЕРГА ќе го спроведе за Европската комисија. Втората работна група да изготви нов документ за ставовите на ЕРГА за регулативата за транспарентноста и таргетирањето на политичкото рекламирање која е во легислативна процедура во телата на ЕУ. Третата работна група да подготви извештај за надлежностите на регулаторните тела и за нивните аналитички капацитети за справувањето со дезинформации кој ќе биде само за интерна употреба на членките на ЕРГА.

Претставници на Агенцијата на 15 март онлајн учествуваа на првиот состанок на Акциската група 1 на ЕРГА за внатрешните процедури. На состанокот се разговараше за планираните активности на групата за тековната година и за роковите за нивно завршување. Се дискутираше и за предложените идеи на португалскиот регулатор, како претседавач на акциската група, за измена на веб страната на ЕРГА и на документот во кои се уредени внатрешните процедури на ЕРГА.

На 17 март, претставници на Агенцијата онлајн учествуваа на првиот состанок на Акциската група 2 на ЕРГА за медиумска писменост. Освен за планираните активности на групата за 2023 година и за роковите за нивно завршување, на состанокот се разговараше и за обврските на регулаторите за известување на Европската комисија што произлегуваат од член 33а од Директивата, како и за планираната работилница за медиумска писменост во септември.

Претставник на Агенцијата на 4 мај учествуваше на онлајн состанок на Подгрупата 3 на ЕРГА за справување со дезинформациите и за зајакнување на демократијата во дигиталната средина. На состанокот трите работни групи информираа за активностите меѓу состаноците. Првата работна група го претстави планот и

временската рамка за подготовка на извештајот од мониторингот на зајакнатиот Кодекс на практики против дезинформации. Втората работна група го претстави новиот документ со ставовите на ЕРГА за регулативата за транспарентноста и таргетирањето на политичкото рекламирање што е во легислативна процедура во телата на ЕУ, кој беше усвоен со писмена процедура во меѓувреме и информираше за идните чекори. Третата работна група извести за прашалникот што ќе биде дистрибуиран меѓу членките на ЕРГА во функција на подготовка на планираниот извештај за интерна употреба за надлежностите на регулаторните тела и за нивните аналитички капацитети за справувањето со дезинформации. На состанокот беше присутен и претставник на агенцијата Kantar Public, ангажирана од ЕК да подготви методологија за мониторинг на Кодексот на практики против дезинформации, кој го објасни принципот на работа и временската рамка за подготовка на финалниот документ.

На 10 мај, претставничка на Агенцијата учествуваше на вториот состанок на Подгрупата 1 на ЕРГА за конзистентна примена и спроведување на европската рамка за аудиовизуелни медиумски услуги. На состанокот претставник на германскиот регулатор информираше за резултатите од спроведените интервјуа со членки на ЕРГА во врска со процедурите за прекугранично спроведување на регулативата и искуствата од нивна примена, како и за наредните чекори во овој контекст. Работната група што треба да изработи анализа на поврзаноста на старите со новите процедури од Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги за прекугранично постапување, информираше за досегашните активности, а тоа го стори и претставникот на работната група која врши оценка на ефикасноста на Меморандумот за разбирање на ЕРГА. За досегашната имплементација на Директивата говореа претставник на групата која подготвува ваков извештај за ЕРГА и претставник на канцеларијата на пратеникот во Европскиот парламент кој е репортер за извештајот за примената на Директивата во Парламентот.

Претставничка на Агенцијата на 11 мај учествуваше на вториот состанок на Подгрупата 2 на ЕРГА за комплетирање на регулаторната рамка за медиуми на ЕУ. Членките на Подгрупата главно разговараа за статусот на дискусиите во рамки на легислативната процедура за Предлог Европскиот акт за слобода на медиумите во однос на ставовите на ЕРГА, како и за новините поврзани со имплементацијата на Актот за дигитални услуги во земјите членки на ЕУ.

На 15 мај, претставничка на Агенцијата учествуваше на онлајн работилницата на Подгрупата 3 на ЕРГА за справување со дезинформациите и за зајакнување на демократијата во дигиталната средина. Работилницата беше посветена на мониторингот на зајакнатиот Кодекс на практики против дезинформации. Европската комисија информираше за новостите во овој поглед, а членките на ЕРГА, потоа ЕДМО и центрите на ЕДМО известија за своите активности и разменија мислења за аспектите во однос на кои е потребна заедничка соработка.

На 5 јуни, претставничка на Агенцијата учествуваше на вториот онлајн состанок на Акциската група 2 на ЕРГА за медиумска писменост. На состанокот се разговараше за начинот на пополнување на прашалникот подготвен од претседавачот на акциската група со цел собирање информации поврзани со обврската од член 33а од Директивата за известување на Европската комисија за преземените активности за медиумска писменост. Одговорите на прашалникот беа основа за подготовка на извештај за вториот пленарен состанок на ЕРГА во декември 2023 година. Учесниците на состанокот разменија мислења и за агендата на планираната работилница за медиумска писменост, која покрај извештајот е една од обврските на Акциската група 2 според програмата за работа. Беше договорено работилницата да се одржи во рамки на неделата на медиумска писменост на УНЕСКО во октомври, по направени консултации со Европската комисија за точниот датум.

На 8 јуни, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на првиот состанок на Контакт мрежата на ЕРГА за 2023 година, што се одржа во хибриден формат во Брисел, Кралство Белгија. Целта на состанокот беше

разгледување на материјалите што во првата половина од годината ги подготвуваа подгрупите и акциските групи. На состанокот учествуваа и претставници на Европската комисија кои ги информираа членовите на Контакт мрежата за статусот и за активностите поврзани со некои од легислативните иницијативи на ЕК: за првиот состанок на Групата на високо ниво формирана според Актот за дигитален пазар, за регулативата за транспарентноста и таргетирањето на политичкото рекламирање и за Европскиот акт за слобода на медиумите. Беа разменети и првични мислења околу активностите што би требало да се најдат во програмата за работа на ЕРГА за следната година, за што подетално се дискутираше на следниот состанок на Контакт мрежата во ноември.

Претставник на Агенцијата на 28 и 29 јуни учествуваше на два настани организирани од Секретаријатот на ЕРГА во Неапол, Италија. На 28 јуни се одржа работилница на Академијата на ЕРГА посветена на ефикасното регулирање на влогерите и на алатките за потврда на возраста. Целта на првата панел-дискусија на работилницата, посветена на ефикасно регулирање на активностите на влогерите и инфлуенсерите, беше да се презентираат на едно место перспективите и на регулаторите и на индустријата, со цел да се обезбедат информации и анализи за влијанието на инфлуенсерите врз рекламирањето и заштитата на потрошувачите, да се утврдат најдобрите регулаторни практики (во Холандија, Франција, Австрија и Шпанија) и да се продискутираат препораките за покоординиран настап на регулаторите. На 29 јуни се одржа 19-та пленарна средба на ЕРГА, прва за 2023 година, на која беа мапирани задачите и активностите на ЕРГА во 2023 година, а присутните ги разгледаа и иницијативите за актуелните политики и моменталните трендови и збиднувања во сферата на регулирањето на аудиовизуелните медиумски услуги. На втората панел дискусија од работилницата се разговараше за мерките за обезбедување ефикасна потврда на возраста, земајќи ја предвид важноста од заштита на малолетниците на интернет.

На 25 септември, претставничка на Агенцијата учествуваше на состанок на Подгрупата 2 на ЕРГА, на кој се разговараше за статусот на Европскиот Акт за слобода на медиумите (EMFA), за подготовките за имплементација на Актот за дигитални услуги, како и за поврзаноста на иницијативата на ЕК за усвојување на Акт за вештачка интелигенција со медиумска регулација.

На 28 септември, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на третиот состанок на Акциската група на ЕРГА за медиумска писменост, на кој се разговараше за планираната работилница во организација на групата која се одржа на 11 октомври, како и за првичните наоди од истражувањето на групата за искуството на регулаторите од првата достава на податоци на ЕК за медиумска писменост во согласност со обврските од Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги.

На 3 октомври, претставничка на Агенцијата учествуваше на третиот онлајн состанок на Подгрупата 3 на ЕРГА за справување со дезинформациите и за зајакнување на демократијата во дигиталната средина. На состанокот, трите работни групи информираа за активностите меѓу состаноците. Третата работна група информираше за резултатите од прашалникот што беше дистрибуиран меѓу членките на ЕРГА во функција на подготовка на извештај за интерна употреба за надлежностите на регулаторните тела и за нивните аналитички капацитети за справувањето со дезинформации. Во времето одвоено за активностите на втората работна група, Европската комисија информираше за статусот на Предлог-регулативата за транспарентноста и таргетирањето на политичкото рекламирање. Во врска со активностите на првата работна група за мониторинг на Кодексот на практики против дезинформации, Европската комисија и агенцијата Kantar Public, ангажирана од ЕК да подготви методологија за мониторинг на Кодексот на практики против дезинформации, информираа за статусот на активностите, а GADMO и EDMO од Ирска го презентираа извештајот направен врз основа на основните извештаи доставени од платформите во согласност со обврските од Кодексот на практики против дезинформации.

На 12 октомври, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на третиот хибриден состанок на Подгрупата 1 на ЕРГА за конзистентна примена и спроведување на европската рамка за аудиовизуелни медиумски услуги. На состанокот беа презентирани нацрт-извештаите од работните групи за примена на процедурите за прекугранично спроведување на регулативата и за имплементација на Директивата поврзани со одредбите за инфлуенсерите и европските дела. Беше информирано и за првичните сознанија од оценката на ефикасноста на Меморандумот за разбирање на ЕРГА и за досегашната соработка на ЕРГА и Европската комисија во однос на Актот за дигитални услуги.

На 17 ноември, претставничка на Агенцијата учествуваше на четвртиот онлајн состанок на Акциската група 2 на ЕРГА за медиумска писменост (ERGA Action Group 2 – Media Literacy). На состанокот беше презентиран нацрт-извештајот за начинот на имплементација на обврската од член 33а од Директивата за известување на Европската комисија за преземените активности за медиумска писменост. Се разговараше и за улогата на Акциската група за време на неделата на медиумска писменост, како и за програмата за работа на групата за следната година.

На 23 ноември, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на вториот состанок на Контакт мрежата на ЕРГА за 2023 година, што се одржа во хибриден формат во Брисел, Кралство Белгија. Целта на состанокот беше разгледување на материјалите што ќе се најдат на дневен ред на вториот пленарен состанок на ЕРГА, закажан за 14 декември. На состанокот учествуваа и претставници на Европската комисија кои ги информираа членовите на Контакт мрежата за статусот на Предлог-регулативата за транспарентноста и таргетирањето на политичкото рекламирање (Regulation on the transparency and targeting of political advertising) и на Европскиот акт за слобода на медиумите (European Media Freedom Act).

На 13 декември, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на две работилници на ЕРГА организирани во хибриден формат. Првата беше посветена на ирскиот Нацрт-Кодекс за онлајн безбедност, а втората беше посветена на обезбедувањето ефективно прекугранично спроведување на регулативата.

На 14 декември, претставници на Агенцијата учествуваа на вториот пленарен состанок на ЕРГА за 2023 година, организиран во хибриден формат. На состанокот беа усвоени повеќе извештаи подготвени од подгрупите и акциските групи на ЕРГА. Беа избрани нови членови на Одборот, како и претседавач и заменик-претседавач. Исто така, беа назначени претставниците на ЕРГА кои ќе учествуваат во работата на други тела. Се разговараше за можните активности во рамките на Програмата за следната година, како и за улогата на ЕРГА во имплементацијата на Актот за дигитални услуги.

**ЕПРА**

Претставници на Агенцијата во текот на годината учествуваа и на бројни состаноци во организација на Европската платформа на регулаторни тела во областа на електронските медиуми (ЕПРА).

На 31 јануари, претставничката на Агенцијата во ЕМИЛ - Групата за медиумска писменост на ЕПРА, учествуваше на првиот онлајн состанок на Управувачката група на ЕМИЛ во 2023. На него се разговараше за подготовката за првиот состанок на ЕМИЛ во март, за правилата за работа, како и за текот на пополнувањето на профилите на членките на ЕМИЛ и нивните најзначајни проекти. Во почетокот на јануари, во посебните онлајн документи подготвени од Секретаријатот на ЕПРА, беа пополнети податоците во врска со Агенцијата и Мрежата за медиумска писменост како членки на ЕМИЛ.

На 2 март, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на 10-от состанок на ЕМИЛ, посветен на изработката на стратешки документи за медиумска писменост.

Претставничка на Агенцијата на 3 мај учествуваше на онлајн настанот на ОФКОМ, на кој беа презентирани наодите од истражувањето на британскиот регулатор за медиумската писменост кај возрасните и децата.

На 5 мај претставничка на Агенцијата учествуваше на заедничкиот онлајн состанок на ЕМИЛ и Групата на ЕПРА за вештачката интелигенција и регулаторните тела.

Претставници на Агенцијата во периодот од 31 мај до 3 јуни, во Осло, Кралството Норвешка, присуствуваа на 57-та средба на ЕПРА. Првата пленарна сесија беше посветена на поновите случувања во рамките на мрежата и меѓу нејзините членки. Присутните беа информирани и за соработката на ЕПРА со партнерите и со одредени проекти, а беа претставени и насоките на УНЕСКО за регулација на дигиталните платформи, како и соработката со мрежите на регулатори (со фокус на ПРАИ – Платформа на иберо-американските регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги). На средбата беа отворени и две тематски теми - „Иднината на испораката на содржини“, посветена на новите начини на испорака на содржини и нивното влијание врз политиките, регулативата и регулаторите и „Медиуми и информации за јавното добро“, посветена на јавните медиумски сервиси и содржините од јавен интерес, како и на начинот на градење онлајн информациски екосистем за поддршка на пристапот до содржините од јавен интерес.

На 21 август, претставничка на Агенцијата учествуваше на онлајн состанок на Управувачката група на ЕМИЛ (Групата за медиумска писменост на ЕПРА) на кој се подготвуваше третиот состанок на ЕМИЛ.

На 18 септември, претставничка на Агенцијата учествуваше на третиот онлајн состанок на ЕМИЛ во 2023.

Претставници на Агенцијата во периодот од 18 до 21 октомври 2023 година, во Букурешт, Романија, присуствуваа на 58-та средба на Европската платформа на регулаторни тела во областа на електронските медиуми. Во фокусот на дискусиите што се водеа на средбата беше зајакнувањето на медиумското опкружување, и тоа низ две тематски сесии – „Медиуми и информации за јавното добро“ и „Иднината на испораката на содржини“, на кои членките на ЕПРА ги споделија своите знаења и експертизата со надворешни експерти, и меѓу себе.

Агенцијата достави одговори на прашалникот за „Состојбата на медиумската писменост на национално ниво“ до грчката експертка Ирене Андриополу за докторска теза „Развој и индикатори за оценување на медиумската писменост и предлог државен модел за медиумска писменост кон општество со конкурентно знаење“, на Факултетот за новинарство и масовни комуникации, Аристотел Универзитетот во Солун, Грција. Прашалникот беше одговорен како дел од активностите кои произлегуваат од членството во ГАПМИЛ и ЕМИЛ.

**МНРА**

Претставници на Агенцијата од 27 до 29 септември во Тирана, Албанија, учествуваа на 22-от состанок на МНРА. Во рамки на состанокот беа организирани две панел дискусии – „Новинарството и проверка на факти“ и „Платформи за видео споделување“, како и неколку презентации – „Новите насоки од УНЕСКО за регулација на дигиталните медиуми“, „Родот и медиумите за медиумската писменост“, „Родот и медиумите во спортските програми“ и „Забранета содржина“.

На 23 ноември, претставник на Агенцијата учествуваше на онлајн состанок на Работната група за медиумска писменост на МНРА, на кој ги запозна колегите од другите регулаторни тела со тековното истражување на нивото на медиумска писменост кај учениците од прва и втора година средно образование.

**Други меѓународни активности**

На 17 јануари, претставници на Агенцијата одржаа онлајн средба со претставници на регулаторните тела од Србија, Бугарија, Португалија и Грција – во организација на Центарот за европско уставно право – Фондација Темистоклес и Димитрис Цацос од Грција, на која беа разгледувани можностите за заедничко учество на проекти финансирани од Европската комисија (CERV-2023-EQUAL). На 17 февруари беше остварена повторна комуникација со Центарот за европско уставно право – Фондација Темистоклес и Димитрис Цацос од Грција и останатите членови на конзорциумот од регулаторните тела во регионот и од португалското регулаторно тело, околу иницијативите за соработка на заеднички проекти.

Делегација од Комитетот за политички систем, правосудство и управа на Црна Гора на 17 февруари беше во работна посета на Агенцијата. На средбата беа споделени искуства и размислувања во повеќе сегменти од медиумската сфера, меѓу кои усогласувањето со ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, мерките за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави, правилата кои се однесуваат на сопственичката структура на медиумите.

Претставнички на Агенцијата од 28 до 31 март престојуваа во Кралството Холандија, каде се сретнаа со претставници на холандското регулаторно тело Комесаријат за медиуми (ЦвдМ), со Холандскиот институт за класификација на аудиовизуелните медиуми (НИКАМ), Јавниот радиодифузен сервис НПО, претставници на Министерството за образование, култура и наука и на Министерството за внатрешни односи во Кралството, Холандската власт за потрошувачи и пазари (АМЦ), иницијативата за борба против дезинформациии ДРОГ и со претставници на Институтот за информациски закони (ИВиР). Посетата беше реализирана во рамки на проект финансиски поддржан од ОДИХР.

На 13 април, претставничка на Агенцијата учествуваше на првиот состанок на Советодавниот одбор на проектот Инклузивно и креативно медиумско образование што заеднички го спроведуваат Институтот за комуникациски студии, Националниот аудиовизуелен институт – KAVI од Финска и Универзитетот во Фиренца од Италија, којшто ќе се имплементира во периодот 2023 – 2024 година со поддршка на програмата Креативна Европа на Европската Унија.

На 5 јуни, претставник на Агенцијата одржа работен состанок со претставници на пет меѓународни медиумски организации за прашања поврзани со слободата на изразување и независноста на медиумите во замјава. На состанокот, кој се одржа на барање на ЗНМ, беше разговарано за медиумската ситуација во државата и безбедноста на новинарите.

На 19 септември, претставник на Агенцијата учествуваше на Десеттиот Црноморски форум на регулаторните тела - BRAF 10th Annual Meeting“ на кој се реализираше „Работилница за дезинформации, дигитална и медиумска писменост“, организирана во две сесии: „Борба со дезинформациите од радиодифузерите и медиумите“ и „Регулаторните тела и дигиталната и медиумска писменост“. Настанот се одржа во Турција по покана од турскиот регулатор RTÜK.

На 10 ноември беше доставен придонесот кон националниот извештај на Универзалниот периодичен преглед (УПП).

На 20 ноември, претставнички на Агенцијата одржаа состанок со експертката Марина Тунева за концептот „медиумски интегритет“ за потребите на Проектот на УНДП насловен „Miss the misinformation (Strengthening the capacities of local communities to respond to misinformation and gender-based disinformation)“.

На 28 и 29 ноември 2023 година во Подгорица, Црна Гора, во организација на црногорската Агенцијата за електронски медиуми, претставници на Агенцијата учествуваа на Меѓународната конференција „Медиумски хоризонти: Идни предизвици“ и тематскиот состанок на независни регулаторни тела за медиуми. Меѓународната конференција беше поделена на четири панел дискусии. Првата беше посветена на иднината на новинарството, предизвиците со кои може да се соочи новинарската професија, надворешните влијанија врз медиумите и примената на новинарските стандарди, додека вториот панел дискусија се фокусираше на иднината на медиумите, нивната одржливост и следењето и адаптирањето на новите технологии. Третата се однесуваше на иднината на регулативата, европската медиумска регулатива, нејзиното транспонирање во земјите во регионот и прашањето за регулирање на онлајн публикациите, а последната панел дискусија беше посветена на корисниците на аудиовизуелни медиумски услуги, одговорното новинарство во времето на технолошки промени, развој и примена на вештачката интелигенција, генерациски јаз обележан со поделени и спротивставени очекувања и поинаков однос кон важноста на слободата на изразување, човековите права, медиумската писменост. Тематскиот состанок се фокусираше на усогласувањето на националната медиумската регулатива со ревидираната Директива на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги и Актот за дигитални услуги. Претставниците од регулаторните тела споделија информации за своите искуства и предизвици со кои се соочуваат во процесот на хармонизација на националната медиумската регулатива со европското законодавство.

Во извештајниот период Агенцијата одговори и на три прашалници на теми поврзани со гласноста на телевизиската програма - имплементација на Препораката R128 на ЕБУ; систем за мониторирање, снимање и архивирање и пролиферација на нелегални понуди ИПТВ.

**Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ/ОДИХР и со други меѓународни тела, чијашто активност е поврзана со слободата на медиумите и со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања**

На 28 февруари, Агенцијата одржа состанок со претставници на Метаморфозис, Македонскиот институт за медиуми, Здружението на новинари и Центарот за развој на медиуми на кој се разговараше за можноста да се изработи кодекс за однесување на политичарите, онлајн медиумите и социјалните мрежи за време на избори, во рамки на проектот на ОДИХР „Поддршка за изборите во Западен Балкан“. Во текот на следните два месеци, во дискусиите се вклучија и претставници на Советот за етика во медиумите и Институтот за комуникациски студии. Во меѓувреме, Агенцијата изработи Нацрт - кодекс за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси, во кој беа вградени предлозите и ставовите на учесниците на работната средба, а потоа и забелешките и коментарите на Нацрт-документот. По финализирањето, Кодексот беше доставен на експертско мислење во ОБСЕ/ОДИХР.

Агенцијата кон крајот на април ги доби забелешките и ставовите од експертите на ОБСЕ/ОДИХР за Нацрт - кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми. По детално разгледување, Агенцијата ги вгради коментарите во текстот, а потоа одржа состанок со претставниците на релевантните здруженија и организации кои континуирано работат на процесот на унапредување на професионалните стандарди во новинарството, медиумите и јавната комуникација и на зајакнување на свесноста и капацитетот на граѓаните и граѓанското општество. На состанокот беше разговарано за следните чекори за финализирање на Кодексот, како и за Меморандумот за соработка со кој се регулира пристапувањето и примената на Кодексот.

Агенцијата, со поддршка на Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) на ОБСЕ, го промовираше Кодексот на 12 октомври 2023 година. Покрај содржината на самиот Кодекс, начинот на

функционирање на Координативното тело и наменската веб страница, на настанот, свои видувања за Кодексот и неговото спроведување во пракса споделија претставниците на Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување корупција, Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Кодексот го опфаќа однесувањето на политичките партии, нивните кандидати и независните кандидати во онлајн просторот (вклучително на социјалните мрежи) за време на изборните циклуси и референдуми. Со него се опфатени и интернет изданијата на радиодифузерите, онлајн медиумите, проверувачите на факти, инфлуенсерите и други субјекти кои можат да извршат влијание врз јавноста во функција на кампања за време на избори или референдуми. Тој ќе служи како насока за добро однесување заради обезбедување интегритет на информациите за време на избори и референдуми и транспарентност на политичкото рекламирање и неговото финансирање, приватност и безбедност на обработката на личните податоци на граѓаните, како и за спречување на ширењето дезинформации (неточни, нецелосни, лажни или злонамерни информации), говор на омраза и дискриминација по која било основа.

Почитувањето на овој Кодекс е на доброволна основа, преку потпишување Пристапница, и не е замена за постоечките или за идни законски правила и прописи, но е алатка којашто ги повикува на индивидуална одговорност субјектите на кои се однесува.

Почитувањето на начелата и стандардите посочени во Кодексот од страна на политичките партии, нивните кандидати, независните кандидати, интернет изданијата на радиодифузерите, онлајн медиумите, проверувачите на факти, инфлуенсерите и други субјекти кои можат да извршат влијание врз јавноста во функција на кампања за време на избори или референдуми, ќе го следи Координативно тело.

Координативното тело е составено од претставници на иницијаторите на Кодексот, кои потпишаа Меморандум за соработка. Доколку се јави потреба, составот на Координативното тело може да се прошири и со претставници на други релевантни институции и организации, и за таа цел ќе биде потпишан Анекс на Меморандумот за соработка. Секој потписник делегираше по 1 (еден) член/ка, како и негов/нејзина заменик/чка. Телото ќе постапува по претставки и одговорот на претставката покрај тоа што ќе се достави до нејзиниот подносител, ќе биде објавен на посебната веб страна.

Во функција на запознавање на јавноста со Кодексот и работата на Координативното тело е изработена посебна веб страница www.izborenkodeksonline.mk, која е веќе пуштена во употреба. На неа се објавени релевантните закони и подзаконски акти кои се земаат предвид при постапувањето по претставките, Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборните процеси и референдуми, образецот на пристапница кон Кодексот, начинот на дејствување на Координативното тело и роковите за постапување, а по започнување на работата на Координативното тело, задолжително ќе се објавуваат сите претставки и нивни одговори. Воедно, ќе биде објавена и листа на потпишани пристапници. Страницата ја администрира Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и истата е достапна на македонски, албански и англиски јазик, и е прилагодена за лица со оштетување на видот.

Претставник на Агенцијата на 16 мај учествуваше на 9-та Регионална конференција на ОБСЕ за медиумите во Југоисточна Европа, со наслов „На крстопат: Штитење на слободата на медиумите заради заштита на демократијата“. Конференцијата беше посветена на препораките од извештајот на претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, и истата беше поделена на три пленарни сесии, „Поддршка на независното новинарство“, „Соочување со предизвици во дигиталната област“ и „Подобрување на условите за слободата на медиумите“. Со трите панел сесии беа опфатени препораките од извештајот на претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите.

**Соработка со Советот на Европа во активности насочени кон поттикнување на слобода на изразување и слобода на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите**

Претставници на Агенцијата на 10 март одржаа состанок со претставнички на Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје во врска со плановите на АВМУ за активности кои би биле поддржани во рамки на третата фаза од проектот ЈУФРЕКС, под новото име ПРО-ФРЕКС. За време на состанокот беше разговарано за досегашната соработка, како и за следните чекори во рамки на четиригодишниот проект.

Првиот Управен одбор на проектот „Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)" се одржа на 4 мај. На состанокот беа разменети ставови и мислења за активностите од претходната фаза на проектот (ЈУФРЕКС), за степенот на соработка, како и за планираните активности во следните четири години.

На 31 мај, во рамките на овој проект се одржа Конференција за промоција на препораката на Комитетот на министри за борба против говор на омраза, под наслов „Општество без омраза: Заеднички труд и заедничка цел". Во рамките на вториот панел, „Медиумите и нивната улога во спречување на говор на омраза и покривањето на случаи на говор на омраза", говореше претставник на Агенцијата.

Дел од проектот е и публикацијата „Проценка - Економска виталност и одржливост на аудиовизуелната медиумска индустрија во дигиталната средина - Северна Македонија", која претставува водечки инструмент за унапредување на националната дискусија и активностите поврзани со одржливиот развој на медиумскиот сектор во земјата. Во неа, меѓу другото е направена проценка на правната рамка и на медиумскиот пазар во земјава, анализа на политиките за одржлив развој на аудиовизуелниот медиумски сектор во неколку европски земји, вклучувајќи ги и мерките за обезбедување заштита на медиумските слободи и истражувачко известување, како и анализа на моделите за поддршка на медиумите од коишто може да се увидат добри практики кои можат да се искористат за креирање на најсоодветен модел за поддршка на домашната продукција во земјава. Публикацијата нуди повеќе предлози и препораки кои имаат за цел зајакнување на улогата на аудиовизуелните медиуми.

На 16 јуни беше одржан состанок со претставничка на Канцеларијата на Совет на Европа во Скопје, на кој подетално се разговараше за активностите што треба, односно кои се планирана да се реализираат во рамките на проектот ПРО-ФРЕКС.

Во ноември и декември, претставници на Агенцијата имаа онлајн работни средби со експерткта Диадре Кевин, ангажирана во рамки на Проектот како консултантка за подготовка на подзаконскиот акт за обезбедувањето пристапност на медиумските содржини за лицата со попреченост во согласност со измените на ЗААВМУ од јули 2023 година.

На 5 декември, вработените од Агенцијата учествуваа на работилницата „Унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите во Северна Македонија", организирана во рамките на ПРО-ФРЕКС. Работилницата беше примарно наменета за професионалци/ки од регионалните медиуми. Свои презентации имаа Ана Нушкова – Аврамовска од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, медиумската експертка д-р Марина Тунева, Драгана Дрндаревска од Коалиција Маргини и д-р Катерине Сарикакис, експертка на Совет на Европа.

На 14 декември се одржа состанок на Управниот одбор, на кој беше реферирано за досегашните, тековните и идните активности на Агенцијата во рамките на ПРО-ФРЕКС, кој ќе трае до крајот на 2026 година.

На 19 и 20 декември, претставник на Агенцијата учествуваше на средба на Мрежата за борба против говор на омраза во медиумите и во интернет просторот како дел од работната група за координиран пристап во справувањето со говорот на омраза. Средбата се одржа во Велес, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Советот за етика во медиумите на Македонија.

## ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Агенцијата учествуваше на неколку билатерални скрининзи со Европската комисија за различни поглавја, а во текот на целата година, претставнички на Агенцијата беа активно вклучени во изработката на документите кои произлегоа како обврска за нашата држава од билатералните скрининзи за Функционирање демократски институции и за Поглавје 23 – Фундаментални права. Станува збор за Патоказот за владеење на правото и Патоказот за функционални демократски институции, како и за Нацрт-акцискиот план за заштита и промовирање на правата на лицата што им припаѓаат на националните малцинства или заедници. Подготовката на овие документи подразбираше активно учество на серија состаноци, работилници, консултации, изработка на повеќе верзии од актите со цел да се дојде до текстови кои се соодветни по содржина, суштина и по форма со оглед на фактот дека патоказите, како документи од кои ќе се раководат пристапните преговори, произлегуваат од новата Методологија на Унијата за проширување и, нашата земја (заедно со Република Албанија), е првата која ги изготвува. Агенцијата има свои претставници и во Работната група за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија, за кластер 1, „Фундаментални вредности”, област/поглавје Правосудство и фундаментални права.

На 26 јануари, претставнички на Агенцијата учествуваа на првиот работен состанок на работната група номинирана за подготовка на материјалите за билатералниот скрининг со ЕК за Поглавје 10 – Информациско општество и медиуми, кој се одржа на 21 и 22 март во Брисел.

Претставници на Агенцијата на 25 и 26 јануари во Брисел, во рамки на Кластерот 2 учествуваа на билатералниот скрининг за Поглавје 07 – Право на интелектуална сопственост. На почетокот на состанокот, Микела Матуела, в.д. директор за Западен Балкан и Мерет Клаузен, директор (DG GROW), дадоа генерален вовед во кој ја потенцираа важноста на самиот кластер, како и правата од интелектуална сопственост во однос на функционирањето на внатрешниот заеднички пазар и бенефитите кои државите ги имаат од функционалниот систем за заштита на таквите права. Од македонска страна, воведно излагање имаше заменикот на Претседателот на Владата за европски прашања и главен преговарач Бојан Маричиќ. Работниот дел од средбата беше организиран во два дена со повеќе сесии во кои детално се презентираше националната регулатива која се однесува на уредување на авторските права и сродните права, како и правата од индустриска сопственост. Претставниците на Агенцијата имаа свои излагања на сесиите „Enforcement of IPRs“, „Broadcasting via satellite and retransmission by cable“, „Sat Cab II Directive“, „Database Directive“ и на сесијата „Computer programs“.

Претставнички на Агенцијата на 13 и 14 март, во Брисел, беа дел од државната делегација која учествуваше на билатералниот скрининг со Европската комисија за Поглавјето 8 – Политика на конкуренција. Првиот дел од состанокот што се одржа на 13 март беше посветен на прашањата во врска со контролата на спојувањата. Вториот дел од состанокот беше посветен на државната помош – правилата за контрола на државната помош, правилата што ја уредуваат примената на членот 108 од Договорот за функционирање на Европската унија, известувањата што давателите на државна помош се должни да ги доставуваат во

врска со доделената помош, примената на правилата за државна помош од страна на судовите, проценета на незаконски доделена државна помош и друго.

На 21 и 22 март во Брисел, претставнички на Агенцијата учествуваа на билатералниот скрининг со ЕК за Поглавје 10 – Информациско општество и медиуми. На состанокот, претставничките на Агенцијата ги презентираа податоците за усогласеноста на националната правна рамка со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги и за нејзината примена и спроведување, како и за националните активности во поглед на прашањата што ги уредуваат Препораката на ЕУ за безбедност на новинарите, Предлог-актот за слобода на медиумите и Извештајот на ЕК од 2022 година за владеење на правото.

На 13 јуни претставничка на Агенцијата учествуваше на работилница за подготовка на Патоказот за владеење на правото, како последователна активност од билатералниот скрининг одржан во декември 2022 година во Брисел. Во следните неколку месеци се одржаа серија состаноци во Секретаријатот за европски прашања (СЕП) за финално утврдување на содржината на Патоказот за владеење на правото и тековно се доставуваа коментари на неговиот текст.

На 26 јули, претставничка на Агенцијата учествуваше на состанок во СЕП за утврдување на содржината на Патоказот за функционални демократски институции, како последователна активност од билатералниот скрининг одржан во декември 2022 година во Брисел. За ова прашање се одржаа состаноци и во октомври и ноември.

Во септември, претставници на Агенцијата учествуваа и на 19-от состанок на Поткомитетот за иновации, информациско општество и социјална политика, што се одржа во хибриден формат во СЕП и онлајн.

На 13 октомври, до МП и СЕП беа испратени информации за клучните реформски активности постигнати во делот на слободата на изразување за периодот од јуни до октомври 2023 година, во пресрет на објавувањето на Извештајот на Европската комисија за напредокот на земјата.

Во ноември, исто така до МП и до СЕП беше испратен придонес од Агенцијата кон реформската агенда за Планот за раст за Западен Балкан 2024-2027, во врска со мерките предвидени во делот на слободата на изразување.

Во ноември Агенцијата одговори на барањето на Институтот за европска политика (ЕПИ) за доставување придонес за активностите на регулаторот за медиуми поврзани со Поглавје 23 - Фундаментални права.

**Оценска мисија на Европската комисија**

На 24 февруари, претставници на Агенцијата учествуваа на онлајн подготвителниот состанок со експерти на Оценската мисија на Европската комисија за работата на независните тела и регулаторите. Состанокот во рамки на Оценската мисија на ЕК со експертката Лина Раиниене од литванското регулаторно тело, лидерката на експертскиот тим Биргит Линдснес, Виктор Тилеа и Клои Лоренс-Динсдејл од ДГ НЕАР на ЕК и Сања Фрковиќ – Гелевска од Делегацијата на ЕУ, се одржа на 22 март во просториите на Агенцијата. Експертите се интересираа за финансирањето и отчетноста на Агенцијата, како и за специфичните случаи по кои постапувал регулаторот.

На 24 март се одржа дебрифинг, а на 6 април Агенцијата достави одговори на прашалникот што експертите од Оценската мисија го доставија преку Секретаријатот за европски прашања. Експертите побараа подетални информации за приходите и финансирањето на регулаторот, за бројот на вработени,

активностите на полето на медиумската писменост и родовите прашања, како и линкови до подзаконските акти на Агенцијата.

На 16 ноември, Агенцијата до Секторот за европски прашања достави коментари на нацрт-извештајот од Оценската мисија на ЕК за независни и регулаторни тела.

**Твининг проект „Засилување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“**

Агенцијата од јуни 2023 година е корисник на Твининг проектот „Засилување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“, со времетраење од 18 месеци, финансиран од Европската Унија. На 18, 19, 20, 24 и 25 април, претставници на Агенцијата учествуваа во комисија за избор на партнер во проектот, при што за реализација на проектот беше избрана германската Фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ).

На 28 април, претставници на Агенцијата беа номинирани за проектен лидер на земјата корисник, резидентен твининг советник од земјата корисник и за лидер на првата компонента од твининг проектот.

На 23 мај, претставници на Агенцијата учествуваа на првиот онлајн состанок со експертите ангажирани во рамки на проектот - Андреа Поп, Катерина Тагедер, Улрих Хермански, Верена Шнајдер и Леа Плум, како и Маја Дамјановска од јавниот радиодифузен сервис МРТВ.

Во периодот од 1 до 8 јуни, претставници на Агенцијата одржаа серија состаноци со експертите од германската Фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ) кои ќе го предводат ЕУ Твининг проектот, на кои беа разменети информации и мислења за актуелната состојба, за претстојните измени на ЗААВМУ во насока на усогласувањето со европската Директива, како и за активностите кои ќе се преземаат во следните 18 месеци од проектот.

Од 5 до 9 јуни, во рамките на првата посета на германските експерти, се одржаа повеќе состаноци, на кои претставниците на Агенцијата дадоа свој придонес и предлози за Иницијалната фаза за реализација на проектот, како и за подготовка на Првичниот план и распоред на активностите и Планот за видливост и комуникација.

На 12 јули се одржа првиот состанок на Управниот комитет на Твининг, во хибриден формат. На состанокот се зборуваше за почетниот работен план кој беше ревидиран, ревидираниот План за комуникација и видливост, Прегледот на буџетот и за Деловникот за работа.

На 31 јули беше одржан заеднички состанок со претставници на Агенцијата, Твининг проектот и на Јавниот радиодифузен сервис“.

Од 4 до 9 септември се реализираше експертска посета на Верена Шнајдер и Холгер Албрич од германскиот партнер во Твининг проектот, а во врска со подготовките на подзаконските акти: за европски дела за сервисите по барање; регистрирањето на физички лица како обезбедувачи на аудиовизуелни услуги на барање (инфлуенсери), како и за надградба на постоечките правила за мониторирање на говорот на омраза. За време на посетата тие имаа повеќе средби со раководителот на тимот за првата компонента на проектот.

Претставникот на Агенцијата и резидентен твининг советник од земјата корисник на 12 и 13 септември во Брисел, Кралството Белгија, учествуваше на дводневната обука за Резидентни твининг советници (РТА), на

кој беа презентирани измените во Твининг упатството од 2022 година, разменети искуства со други РТА претставници од други земји, како и други проекти на Европската Унија.

На 19 септември се одржа вториот Управен одбор на Твининг проектот, на кој беа презентирани досегашните, како и планираните активности за следниот квартал.

На 24 октомври, во рамките на Деновите на медиумска писменост 2023, Агенцијата со поддршка на проектот организираше конференција за „Медиумска писменост во дигиталните простори“.

На 25 октомври беше организирана работилница за стручната служба на Агенцијата и за членовите на Советот. Работилницата, која ја одржа експерткaта Мајке Исенберг од регулаторот на Северна Рајна Вествалија, се осврна на основните вредности на медиумската регулатива во дигиталниот свет (на пр. неутралност на државата, заштита на малолетници и на корисници, човеково достоинство, плуралност на медиумите), преразгледување на начинот на размислување како регулатори: справување со говор на омраза и дезинформации во дигиталниот простор, прашања во врска со регистрацијата (за услуги по барање - правни лица и инфлуенсери) или лиценцирањето (за линеарни услуги), обврските за услугите по барање и за линеарните услуги итн., помошните технологии т.е. како да ги прилагодиме нашите софтвери (ако има потреба) и сл.

На 8 ноември, претставници на Агенцијата имаа онлајн работна средба со експертите Питер Малцнер и Кристијане Клаин, во функција на подготовка на работилница за стручната служба и за членовите на Советот на Агенцијата, за Актот за дигитални услуги и за Предлог-Актот за слободата на медиумите. Работилницата се одржа на 11 декември во просториите на Агенцијата.

На 9 ноември се одржа онлајн состанок со претставници од германскиот конзорциум – партнер во Твининг проектот и колегите од хрватското регулаторно тело, на кој беа разгледувани евентуалните можности за експертска соработка.

На 28 ноември, лидерот на компонента 1 одржа онлајн состанок со партнерите од германскиот конзорциум, на кој се договараа активностите за периодот од крајот на 2023 и првиот дел од 2024 година.

На 18 декември се одржа состанок на Управниот одбор на Твининг проектот, на кој се реферираше за досега сработеното, за текот на соработката, како и за идните активности.

**Изготвување извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската комисија во аудиовизуелната област**

На 13 февруари, Агенцијата до Министерството за правда достави придонес од својот делокруг на работа за 17-от Поткомитет за правда и внатрешни работи, закажан за 15 и 16 март 2023 година во Брисел. Регулаторот реферираше за промовирањето на својата специјализирана страница rodotimediumite.mk, за активностите во рамки на проектот „ЕУ за слободата на изразување: Усогласување на националното законодавство за медиуми со ЕУ законодавството и медиумските стандарди“, поддржан од ЕУ, како и за безбедноста на новинарите и заштита од мешање во медиумите, односно за случаите за кои Агенцијата реагираше.

Во март и во јуни, Агенцијата до Министерство за правда и до Министерството за информатичко општество и администрација, во рамки на изработката на Придонесот кон извештајот на Европската комисија за напредокот на земјата, достави одговори на прашалници од делокругот на нејзината работа поврзани со

Поглавје 23 – Фундаментални права и слобода на изразување и Поглавје 10 – Информатичко општество и медиуми.

На 27 јули, Агенцијата до Министерството за информатичко општество и администрација достави придонес за 19-от Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика. Во материјалот беше реферирано за активности поврзани со сопственичката структура на радиодифузерите, со подигањето на капацитетите на АВМУ, за организираните Денови на медиумска писменост и за трите изработени анализи - Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Анализа на структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија и Анализата „Проценка - Економска виталност и одржливост на аудиовизуелната медиумска индустрија во дигиталното опкружување“.

На 21 септември, претставници на Агенцијата учествуваа на 19-от Поткомитет за иновации информатичко општество и социјална политика, кој се одржа во онлајн формат. На состанокот се разговараше за усогласеноста на македонското медиумско законодавство со европската легислатива, а стана збор и за независноста и финансирањето на јавниот радиодифузен сервис и АВМУ.

На 13 октомври, до МП и СЕП беа испратени информации за клучните реформски активности (напредок) постигнати во делот на слободата на изразување за периодот од јуни до октомври 2023 година, во пресрет на објавувањето на Извештајот на Европската комисија за напредокот на земјата.

На 29 ноември, до МП и СЕП беше испратен придонес на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кон реформската агенда за Планот за раст за Западен Балкан 2024-2027, во врска со мерките предвидени во делот на слободата на изразување.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

### Организирање јавни состаноци на Агенцијата

Агенцијата во 2023 година одржа четири јавни состаноци на кои беа презентирани активностите на регулаторот во изминатиот квартал, спроведени согласно Годишната програма за работа на Агенцијата.

На првиот јавен состанок за 2023 година, одржан на 28 март, освен спроведените квартални активности на Агенцијата беа презентирани и наодите од Анализата на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите во 2022 година.

На 23 јуни, на вториот јавен состанок беа презентирани и наодите од Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година и реализацијата на Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година. На крајот на состанокот се одржа јавна консултација за Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, а во врска со одлуката на Уставниот суд со која делумно се укинува ставот 6 од член 9 од овој правилник.

На третиот јавен состанок, одржан на 28 септември, беа презентирани и преземените мерки од страна на Агенцијата и најчестите прекршувања на радиодифузерите и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи (ОЈЕКМ) во 2020, 2021 и 2022 година. На крајот од состанокот беше отворена панел дискусија на која присутните имаа можност да поставаат прашања поврзани со презентациите и други прашања од нивен интерес.

Агенцијата на 21 декември го одржа последниот јавен состанок за 2023 година, на кој беше направен пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во изминатите три месеци. Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со спроведените надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, издавачите на печатени медиуми, давателите на АВМУ по барање, изречените мерки јавна опомена, активностите на полето на меѓународната соработка. На барање на националните терестријални телевизии Канал 5 и Телма, на состанокот се отвори дебата за справувањето со говорот на омраза во медиумите и во онлајн просторот.

**Комуникација со јавноста**

Во врска со одлуката на Министерството за надворешни работи да потроши 100.000 евра за кампањи со цел промовирање на претседавањето со ОБСЕ, Агенцијата на 5 јануари преку соопштение за јавност, меѓу другото потенцираше дека користењето буџетски средства за рекламирање во медиумите е во спротивност со член 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. За вакви и слични настани кои се од голема важност за државата, граѓаните не само што имаат право, туку и треба да бидат информирани, но на други начини, а не преку трошење буџетски средства.

Во врска со спречувањето на новинарските екипи на „Радио Лидер" и на „Курир" да ја проследат посетата на владини претставници на фабриката „Пекабеско", Агенцијата на 11 јануари преку соопштение за јавност апелираше дека попречувањето на работата на новинарите претставува загрозување на слободата и правото на информирање. Медиумските работници во ниту еден момент не смеат да бидат попречени во вршењето на своите работни задачи и треба да им се овозможи слободен пристап до сите настани, имајќи ја предвид нивната улога во отворањето прашања од јавен интерес и обезбедувањето транспарентност и одговорност на јавните органи.

На 16 јануари, најостро беа осудени заканите упатени кон вработените во телевизија Канал 5 од страна на физичко лице на социјалната мрежа „Фејсбук". Во соопштението беше посочено дека нападите и заканите кон новинари се неприфатливи и сите надлежни органи мора да ги преземат потребните мерки за да се создаде опкружување во кое ќе постојат професионални, слободни и независни медиуми. За да се овозможи демократски развој на државата, од суштинско значење е новинарите да бидат безбедни во секој момент и да им биде овозможено непречено да ја извршуваат својата работа, односно да можат навремено да ги информираат граѓаните за различни општествени случувања, без закани и заплашувања.

Истиот ден, најостро беше осудена и изјавата на претседателот на ДУИ Али Ахмети, со која телевизиите Телма и Алфа ги етикетираше како непријатели на Албанците. Агенцијата потенцираше дека јавните личности, а особено претседателите на политичките партии треба да бидат свесни дека слободата на изразување подразбира и одговорност. Наместо да се служат со непримерна комуникација, тие треба да служат за пример и да покажат највисоко ниво на почитување на еден од клучните столбови на демократијата – медиумите.

На 17 јануари, од страна на Агенцијата беше осудено етикетирањето на уредувачката политика на одредени медиуми од страна на премиерот Димитар Ковачевски и беше потенцирано дека носителите на јавни функции треба да се воздржат од искажување лични, субјективни ставови со кои се поткопува слободата на медиумите. Наместо да употребуваат наративи со кои се дискредитираат и се врши притисок врз медиумите, тие треба да бидат пример за одговорно и професионално однесување. Истовремено, Агенцијата потсети дека улогата на медиумите е да информираат и да отвораат прашања кои се предмет на јавен интерес, поради што сите релевантни чинители во државата треба да вложат максимални напори

за обезбедување поволен амбиент за јакнење на слободата на медиумите и на уредничката независност и самостојност.

Во врска со недоличниот однос на министерот за економија Крешник Бектеши, кон новинари на ТВ Телма и ТВ Канал 5, за време на прес конференција, на 2 февруари Агенцијата уште еднаш посочи дека упатувањето навреди и омаловажувања кон новинари е апсолутно недозволиво. Носителите на јавни функции треба да се воздржат од изнесување лични ставови, коментари и етикетирања со кои се загрозува слободата на медиумите и може да води кон појава на самоцензура. Медиумите се еден од клучните столбови на демократијата и имаат важна улога во креирањето на критичкото мислење за прашања кои се од посебен јавен интерес. Исклучително е важно да им се овозможи на новинарите непречено да ги извршуваат своите професионални задачи за навремено и точно информирање на јавноста. Наместо омаловажувања и навреди, треба да се покаже почит кон новинарската професија и достоинството на медиумските работници.

Во врска со недоличните зборови на пратеникот Димитар Апасиев упатени кон новинарот Љупчо Златев на социјалната мрежа „Фејсбук“, на 14 февруари преку соопштение беше потенцирано дека носителите на јавни функции треба да покажат највисоко ниво на почитување на новинарската професија и на достоинството на медиумските работници. Сите, а особено политичарите и носителите на јавни функции треба да се воздржат од омаловажување, навредување и непримерна комуникација и јавните дебати треба да ги водат со аргументи, меѓусебно почитување и на јазик којшто ги промовира демократските вредности.

На 14 февруари беше осуден и селективниот пристап на Владата за акредитирање на дел од медиумите за следење на настанот за одбележување на 151-та годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев. Во соопштението беше посочено дека улогата на медиумските работници е да документираат и пренесат информации од настани кои се од висок јавен интерес, дури и во услови кога се воспоставени посебни безбедносни мерки. Секое попречување на нивната работа претставува загрозување на слободата и правото на информирање. Агенцијата апелираше да се најде соодветен и неселективен начин, на сите медиумски работници да им се овозможи еднаков и слободен пристап до сите настани што се од големо општествено значење.

На 3 мај, Агенцијата преку соопштение за јавност информираше за одбележувањето на Светскиот ден на слобода на медиумите, кој годинава се одржа под мотото „Обликување на иднината на правата: Слободата на изразување како двигател за сите други човекови права“. Целта на меѓународниот ден е да се зголеми свесноста за улогата на новинарите и медиумите во промовирање на демократијата и на човековите права и да се потсети дека без слобода на медиумите нема слобода на изразување. Во соопштението беше посочено дека според последниот извештај на Репортери без граници за 2023 година, земјава бележи значајно подобрување на полето на слободата на медиумите, но и понатаму има предизвици со кои треба да се справи, а Агенцијата како и досега ќе продолжи да делува проактивно на зголемување на свеста за улогата на медиумите.

Имајќи ги предвид случувањата во Србија, како и претставките кои македонските граѓани ги упатуваа за начинот на информирање, Агенцијата на 10 мај преку соопштение за јавност ги повика сите медиуми, при известувањето за трагични настани, да се придржуваат до највисоките професионални стандарди и етички вредности. Ова особено се однесува на информирањето за настани во кои се вклучени малолетни лица кои се сторители или жртви на кривични дела. Вестите и информативните програми да не се темелат на сензационализам, туку да содржат проверени информации. Вклучувањето описи, сцени и/или глетки на насилство или друг материјал којшто може да го загрози физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите, мора да биде засновано на одговорна уредничка проценка за неопходноста на нивното прикажување. Професионалната одговорност подразбира и дека жртвите на насилство треба да се третираат со максимална почит и да се води сметка за заштита на приватноста, човековото достоинство,

како и личната болка и жалост на жртвите. Во соопштението беше посочено дека покрај медиумите, и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи треба да покажат максимална општествена одговорност при реемитување сервиси кои содржат програми со насилство, вулгарен говор и други непримерни содржини кои лошо влијаат врз малолетниците и генерално, можат да ја вознемират општата јавност. Тоа значи дека треба да бидат особено внимателни при одлучувањето какви сервиси ќе реемитуваат и да применуваат најстроги технички мерки за родителска контрола.

На 10 мај, Агенцијата го осуди отстранувањето на присутните сниматели од седница на Судскиот совет и посочи дека ваквиот непрофесионален однос кон медиумите придонесува не само за фрлање сенка врз транспарентноста на судството, туку и за нарушување на правото на јавноста да биде целосно информирана за работата на судските власти. Беше посочено дека е особено важно на сите новинарски екипи да им се обезбеди непречен пристап за известување од настани кои се од јавен интерес, во насока на обезбедување транспарентност и отчетност на институциите.

На 29 јуни беа осудени вербалните закани упатени кон сите новинари и медиумски работници, вклучувајќи го и новинарот Огнен Јанески, искажани во две контактни емисии на ТВ 24 Вести. Во соопштението беше наведено дека сите форми на напади врз новинарите се апсолутно неприфатливи и претставуваат директен напад врз демократијата и слободата на говорот во едно општество. Медиумите се чувари на јавниот интерес и креатори на јавната свест, поради што безбедноста на медиумските работници во ниту еден момент не смее да биде загрозена. Агенцијата како многупати досега, апелираше да се почитува достоинството на медиумските работници и да се овозможат услови за професионална работа на медиумите.

Агенцијата на 7 јули преку соопштение го осуди повлекувањето на текстот објавен и уреден од новинарот и уредник Жарко Настоски, во онлајн изданието на медиумот Слободен печат. Во соопштението беше посочено дека новинарите имаат право и обврска да информираат и да отвораат прашања кои се предмет на јавен интерес, особено кога станува збор за сомнежи за евентуални злоупотреби од страна на власта и носителите на јавни функции. Целосното повлекување на објавен текст не само што негативно се одразува на слободата на информирање и на слободата на изразување, туку може да се толкува и како обид за цензура, што е изречно забрането според Уставот.

Согласно заложбите за транспарентност и отчетност и следејќи ја воспоставената пракса, на 7 јули Агенцијата ги објави трошоците на директорот д-р Зоран Трајчевски, при вршење на својата функција во периодот од 01.01.2023 – 30.06.2023 година.

На 17 јули, Агенцијата ја извести јавноста дека на 13 јули, од страна на непознато лице, на мобилниот телефон на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, се упатени пораки со заканувачка содржина. Пораките беа пратени откако Агенцијата, на седницата одржана на 11 јули, ја отфрли поднесената анонимна Иницијатива за одземање на дозволата на ТВ Алсат-М. Агенцијата ја разгледа доставената Иницијатива, меѓутоа се утврди дека не може да се пристапи до линковите кои беа посочени како наводен доказ дека Ве Ве Гроуп, сопственик на Алсат М, ја злоупотребува телевизијата и врши притисок врз државните институции за остварување на своите бизнис потреби. Воедно, Иницијативата беше доставена како анонимна пријава и немаше можност да се извести подносителот да ги отстрани недостатоците во неа. Агенцијата случајот го пријави во Министерството за внатрешни работи и останатите надлежни институции и посочи дека очекува брза разрешница, утврдување одговорност на лицето кое упатило закани и негово соодветно санкционирање и дека се известени и релевантните меѓународни организации. Меѓу другото, во соопштението беше наведено дека ваквите случаи рефлектираат не само врз медиумите, туку и врз безбедноста и сигурноста на новинарите и медиумските работници.

Во врска со вербалниот и физички напад врз снимателот на ТВ 24 Вести, Иван Камчев кај Росоман, Агенцијата на 19 јули преку соопштение потсети дека сите видови на напади врз претставниците на медиумите се апсолутно неприфатливи и дека во ниту еден момент нивната безбедност не смее да биде доведена во прашање. Медиумските работници својата работа треба да ја извршуваат непречено, во согласност со професионалните стандарди и принципи утврдени во Кодексот на новинарите, вклучително и оние кои се однесуваат на начинот на информирање за време на несреќи.

Преку соопштение за јавност најостро беа осудени и експлицитните закани упатени кон новинарката на ТВ Алсат-М, Рита Бехадини, од страна на физичко лице на социјалната мрежа „Фејсбук“ на 25 јули 2023 година. Во соопштението беше посочено дека е неопходно новинарите и медиумските работници да ја вршат својата работа непречено, без какви било заплашувања и притисоци. Заканите по живот, вклучително и оние на социјалните мрежи, претставуваат кривично дело и надлежните органи треба да дејствуваат во насока на брзо разрешување на случајот и изрекување соодветни санкции.

На 28 јули, од страна на Агенцијата најостро беше осудено попречувањето на новинарската екипа на ТВ Телма при нејзиното известување за седницата на Судскиот совет претходниот ден, на која учествуваа и експерти на оценувачката мисија на Европската Унија. Во соопштението беше наведено дека на новинарите и медиумските екипи треба да им се овозможи слободен пристап до сите настани, имајќи ја предвид нивната улога во информирањето за прашања од јавен интерес и во обезбедувањето транспарентност и одговорност на јавните органи. Работа на медиумските работници е да известуваат секогаш и од секаде, а обврска на институциите е тоа право да не им го попречува со цел да се заштити слободата на известување и јавно информирање.

На 20 август, преку соопштение за јавност најостро беа осудени изнесените навреди и дисквалификации од страна на компанијата „Брако”, упатени кон новинарите на Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ) во врска со документарниот филм „Убиство во Тетово“. Беше посочено дека истражувачкото новинарство е клучно во остварувањето на улогата на медиумите, поради што новинарите не смеат да бидат навредувани и јавно дискредитирани при отворањето и анализирањето прашања кои се од висок интерес. Напротив, медиумските работници треба да бидат поттикнувани и охрабрувани во вршењето на својата работа и информирањето на јавноста. Доколку некоја засегната страна смета дека објавените информации не се точни или дека не се целосни, треба да го искористи законско загарантираното право на одговор и исправка, односно демант. Воедно, за евентуалното непочитување на принципите и стандардите утврдени во новинарските кодекси можат да се искористат механизмите кои ги имаат воспоставено саморегулаторните тела.

Беше осуден и вербалниот и физички напад врз снимателот и новинарките на ТВ Алсат-М, како и упатените закани кон нив за време на снимањето инсерти во Скопската чаршија на 22 август 2023 година. Во соопштението беше истакнато дека сите видови на напади врз медиумските работници се апсолутно неприфатливи и во ниту еден момент нивната безбедност не смее да биде доведена во прашање. Заканите по живот претставуваат сериозно дело и оние кои го прекршуваат законот треба да бидат соодветно санкционирани со цел да се превенираат вакви и слични дела во иднина.

Во врска со навредите и заканите упатени кон новинарската екипа на ТВ Коха, како и спречувањето на телевизиски екипи од повеќе медиуми и дописници од полошкиот регион да снимат инсерти во врска со пожарот во општина Брвеница, Агенцијата на 24 август потенцираше дека е апсолутно неприфатливо попречувањето на медиумските работници во вршењето на нивната работа. Во соопштението беше посочено дека медиумите имаат круцијална улога во информирањето за прашања од јавен интерес и во обезбедувањето транспарентност и одговорност, поради што, неопходно е на новинарите и останатите

медиумски работници да им се овозможи слободен, непречен и безбеден пристап до сите настани. Секое попречување на извршувањето на нивните работни задачи е директно загрозување на слободата и правото на информирање.

На 24 август, Агенцијата и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпишаа Меморандум чија цел е продлабочување на соработката, особено во спречувањето дискриминација во програмите на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на платформите за споделување видеа.

На 14 октомври Агенцијата го осуди некоректниот однос на премиерот Ковачевски и на вицепремиерот за економски прашања Фатмир Битиќи, кон новинарот Матеја Петровски од ТВ Алфа. Во соопштението беше посочено дека медиумите се еден од клучните столбови на демократијата и имаат важна улога во креирањето на критичкото мислење и известувањето за прашања што се од јавен интерес. Оттаму, не смее да постои начин на комуникација кој е несоодветен и навредлив кон новинарите, а со тоа и кон целата јавност на која треба да ѝ бидат пренесени информациите. Носителите на јавна функција треба да вложат максимални напори да дадат одговори на сите новинарски прашања кои се од интерес на јавноста, и истовремено да покажат почит кон новинарската професија и достоинството на медиумските работници.

На 2 ноември, во врска со емисијата „Само вистина“, емитувана на ТВ Канал 5, Агенцијата преку соопштение за јавност укажа дека дебатите за политичко – општествените прашања треба да придонесуваат кон остварување на слободата на изразување, кон културата на толеранција и во ниту еден момент не смеат да поттикнуваат нетрпеливост. Сите учесници во јавниот дискурс, а особено политичарите и носителите на јавни функции, треба да бидат свесни за тежината на јавно искажаниот збор и да се воздржуваат од изјави, особено преку медиумите, кои го поткопуваат дијалогот меѓу различните етнички групи во општеството. Во соопштението беше посочено дека етикетирање медиуми и новинари, како што тоа во емисијата го направи Исмет Рамадани, советникот за евроатлантски вредности на премиерот, негативно се одразува на слободата на медиумите и го нарушува новинарскиот дигнитет. Истовремено, медиумите треба да бидат простор за отворена дебата, место каде ќе се изнесуваат различните мислења и ставови (и позитивни и негативни) на учесниците во интервјуа, дискусии и други емисии. Уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика треба да бидат самостојни и независни. Секое попречување и, особено, прекинување на емисиите од страна на управителите или сопствениците на медиумите, како вмешувањето на Иван Мирчевски, управителот на ТВ Канал 5, во емисијата „Само вистина“ претставува мешање во таа независност и самостојност.

На 12 ноември, во врска со судската пресуда донесена од судијката Јованка Спировска Панева во случајот „Фероинвест против ИРЛ“, за сторијата „Заговор против воздухот“, Агенцијата преку соопштение информираше дека се приклучува кон реакциите дека слободата на изразување е уставно гарантирана категорија и како таква е неприкосновена. Во соопштението беше потенцирано дека оваа слобода може да биде ограничена само во одредени, точно определени случаи кога се загрозува јавната безбедност и мир, јавното здравје и слично. Граѓаните имаат право да бидат објективно, навремено и точно информирани за сите прашања кои се од исклучителна важност и се однесуваат на јавниот интерес и остварувањето на ова право треба да биде поттикнувано и охрабрувано од сите релевантни чинители во општеството. Објавувањето уреднички обликувани содржини, во кои не се прекршени професионалните новинарски стандарди кои притоа се емитувани и на јавниот сервис, е во насока на остварување на слободата на говор и слободата на информирање и зачувувањето на интересот на граѓаните.

На 1 декември, Агенцијата ги повика медиумите и медиумските работници, при известувањето за случајот поврзан со исчезнатото малолетно девојче од Скопје, да се придржуваат до највисоките професионални стандарди и етички вредности. При објавување на содржините задолжително да се користат точни и

проверени информации и да се користат кредибилни извори со цел да не се подгрева ситуацијата дополнително и да не се предизвикува страв и паника кај јавноста. Новинарите треба да бидат особено внимателни при преземање објави од социјални мрежи, како и од други извори чија веродостојност не може да се утврди. Професионалната одговорност на медиумите подразбира и почитување на личната болка на семејството, поради што личните и семејните детали треба да се изнесуваат особено внимателно, со почитување на приватноста и достоинството и без сензационализам.

**Ажурирање на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk на македонски, албански и англиски јазик**

Со цел редовно и навремено информирање на јавноста и сите заинтересирани страни за активностите на Агенцијата, постојано се ажурираше веб страницата на три јазика: македонски, албански и англиски јазик. Во текот на 2023 година објавувани се информации за:

- седниците на Агенцијата: дневен ред и за објавениот дневен ред известени се сите радија и телевизии, дневни весници и портали; хроники од седници; записници од седници; одлуки, акти, информации усвоени на седниците на Агенцијата;
- изречените мерки јавна опомена на радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми;
- извештаите од извршените надзори врз телевизиите, радијата, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на АВМУ по барање и печатените медиуми;
- прегледите на прекршочни постапки против радиодифузерите и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
- ажурираните регистри на телевизиите, радијата, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на АВМУ по барање и печатените медиуми;
- издадените потврди за регистрирање програмски сервиси и филмски, спортски и други права и регистрираните пакети и листата на дозволи (лиценци) за вршење радиодифузна дејност на странски радиодифузери кои се доставени до Агенцијата од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
- постапките за јавни набавки (кои се во тек, завршените постапки, поништените постапки, известувањата за склучените договори за јавна набавка);
- барањата и одговорите за информации од јавен карактер;
- поднесените претставки и нивен одговор;
- месечните гласила (newsletters) на Агенцијата за месец декември 2022 година и од јануари до ноември 2023 година, каде се опфатени сите поважни реализирани активности на Агенцијата на месечно ниво.

**Ажурирање на веб страницата „Родот и медиумите“ на македонски, албански и англиски јазик**

На 24 јануари, претставници на Агенцијата заедно со претставнички на МТСП одржаа средба за консултации во врска со финализирањето на содржините за новата веб страница на Агенцијата www.rodotimediumite.mk.

На 7 февруари, министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска и директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски одржаа заедничка прес-конференција посветена на прашањата за родовите, родово базираното насилство и начинот на известување на медиумите. На настанот директорот Трајчевски ја презентираше новата специјализирана веб страница за родот и медиумите. Веб страницата претставува ресурсен центар за медиумите, место каде што можат да најдат ресурси, информации, линкови за различни аспекти на родовите прашања, вклучувајќи го и родовозаснованото насилство, но и место на кое граѓаните

можат да најдат корисни линкови и информации – вклучувајќи ги и институциите и организациите од кои можат да побараат помош во случај да се подложени на родовозасновано насилство. Страницата се администрира од страна на Агенцијата и истата е достапна на македонски, албански и англиски јазик, а е прилагодена и за лица со оштетување на видот.

Во текот на годината веб страницата континуирано се ажурираше со содржина на македонски, албански и англиски јазик. На веб страницата беа објавени текстовите: Индексот на Родовата Еднаквост носи напредок во РСМ во однос на прашањето за родовата еднаквост; Феминизмот и младинскиот активизам, теми на „ENGAGE 2023"; Најмалку 200 девојки од средните училишта ќе бидат опфатени со менторската програма на мрежата Стела и НМСМ; Поимникот за родово базирано насилство со (зло)употреба на технологијата ќе придонесе за подигање на свеста и полесно препознавање на насилството; информација за регионалната конференција „Гласно и храбро ги поместуваме границите", во организација на Министерството за труд и социјална политика; публикацијата „Анализа на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2022 година"; информација за Индексот на родовата еднаквост подготвен од Министерството за труд и социјална политика; информација за настанот „Има помош за живот без насилство – Инвестирање во родовата еднаквост денес е инвестиција во заедничката иднина; Анализата „Сексистички говор на омраза кон млади девојки"; кампањата „Сложувалка" во рамки на глобалната кампања 16 дена активизам за борба против насилството врз жените; конференцијата „Фемицид во Северна Македонија и Западниот Балкан – Меѓународни стандарди и практика на судовите – презентација на извештаи".

**Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата**

На YouTube каналот на Агенцијата се објавени видеата од прес конференцијата на АВМУ и Министерството за труд и социјална политика за промовирање на новата веб страница rodotimediumite.mk, видеата од четирите јавни состаноци на Агенцијата, видео со клучните наоди од Анализата на родовите прашања во забавната програма во 2022 година, документарниот филм - 5 години Денови на медиумска писменост на македонски, албански и англиски јазик, аудио и ТВ спотот за најавата на Деновите на медиумска писменост на македонски, албански и англиски јазик и видеото од конференцијата за медиумска писменост на ЕУ „Disinfo", одржана на 11-12.10.2023 година во Краков. На каналот редовно беа споделувани и седниците на Советот на Агенцијата.

**Ажурирање на содржините на Facebook страницата на Агенцијата**

На Facebook страница на Агенцијата редовно беа споделувани информации за седниците на Советот, информации за четирите јавни состаноци на Агенцијата, за поддршката и приклучувањето на Агенцијата кон протестниот марш на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и Здружението на новинари, посетата на делегацијата од Комитетот за политички систем, правосудство и управа на Црна Гора, заедничката прес-конференција на министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска и директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, посветена на прашањата за родовите, родово базираното насилство и начинот на известување на медиумите, за донацијата за Република Турција и Сириска Арапска Република за санирање на последиците од земјотресот, настанот за промоција на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми и информација за потпишувањето на меморандум за соработка меѓу АВМУ и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

За време на одржувањето на Деновите за медиумска писменост 2023 споделени се повеќе објави за најава на настаните – Конференцијата „Медиумска писменост во дигиталните простори“, панел-дискусијата „Градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите“, панел-дискусијата „Постојано поврзани: Влијанието на дигиталниот свет врз децата и младите”, работилницата „Низ дигиталното - нови предизвици за медиумската писменост?“, онлајн дебатата на тема „Медиумите на заедницата и плуралистичката демократија“, мултимедијалната изложба „Стаклена соба: Дигиталниот свет - стапица за вашите лични податоци“, презентацијата на моделот на МП во рамки на проектот „Инклузивно и креативно медиумско образование“, отворениот медиумски ден во радио Моф, прес аголот со д-р Марјан Танушевски, новинар во МИА, тридневната обука „Градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите”, јавната седница на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија, УНЕСКО студентската школа за медиумска и информациска писменост, настанот „Многу лица, една мисија – прогрес и безбедност“, онлајн дебатата „Пресек меѓу традиционалните и современите медиуми“.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА

Во 2023 година беа извршени три внатрешни ревизии – врз процесот на јавните набавки, врз процесот на пресметка и исплата на платите на вработените во Агенцијата и врз системот за заштита на личните податоци во Агенцијата.

Ревизијата врз процесот на јавните набавки беше извршена во периодот од 9 јануари до 13 април 2023 година. Целта на оваа ревизија беше да му овозможи на внатрешниот ревизор да добие разумно уверување дали процесот на спроведување на јавните набавки е соодветен, односно дали набавките се вршат согласно релевантните закони и подзаконски акти.
Ревизијата врз процесот на пресметка и исплата на платите за вработените во Агенцијата беше извршена во периодот од 15 мај до 11 август 2023 година, а нејзината цел беше на внатрешниот ревизор да му овозможи да добие разумно уверување дали процесот на пресметка и исплата на платите за вработените во стручната служба на Агенцијата е соодветен и се врши согласно релевантните закони и подзаконски акти.

Последната ревизија беше врз системот за заштита на личните податоци во Агенцијата, извршена во периодот од 4 септември до 30 ноември 2023 година. Целта на ревизијата беше на внатрешниот ревизор да му овозможи да добие разумно уверување дека системот за заштита на личните податоци во Агенцијата е соодветен и истиот е во согласност со релевантните закони и подзаконски акти.

За секоја од трите ревизии беше подготвен извештај во кој е наведено мислењето на внатрешниот ревизор за состојбата на системот на внатрешната контрола, како и за усогласеноста на активностите во рамки на процесите кои беа предмет на ревизија со законите и подзаконските акти што ги уредуваат тие прашања.

Извршените внатрешни ревизии беа предвидени во Стратешкиот план на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 2023 до 2025 година и Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година. Двата планови се засноваа на анализи и проценки на ризик, како и врз согледување на реално поставените цели, приоритетите и мерките кои требаше да се преземат за ефективно остварување на обврските во наведениот период. Веднаш по донесувањето, во законски предвиден рок, Агенцијата ги достави овие два

документа до Централната единица за хармонизација на системот на јавна внатрешна финансиска контрола при Министерството за финансии на РС Македонија.

Имајќи го предвид Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, според кој внатрешната ревизија се врши врз основа на стратешки план за период од три години и годишен план за период од една година, во 2023 година беа подготвени Стратешки план на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 2024 до 2026 година и Годишен план на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година и истите беа доставени до Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија при Министерството за финансии.

## МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Со финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година беа планирани расходи во износ од 149.830.505,00 денари и приходи во износ од 149.830.505,00 денари. Во усвоениот финансиски план беа предвидени активности согласно надлежностите на Агенцијата кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Вкупно планираните средства на приходната страна во усвоениот финансиски план за 2023 година се однесуваа на планирани приходи од: финансиски средства од Буџетот на РСМ во износ од 54.000.000,00 денари, надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 26.300.000,00 денари, надоместоци за надзор на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа кои реемитуваат програмски сервиси и на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 11.000.000,00 денари, транзитни фактури во износ од 4.000.000,00 денари и пренесени вишок средства од минати години во износ од 54.530.505,00 денари.

**Вкупните остварени приходи во 2023 година изнесуваат 97.085.706,00 денари. Овие приходи се остварени од следните извори**:

- Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 54.351.919,00 денари;
- Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 30.931.171,00 денари;
- Приходи од надзор на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа кои реемитуваат програмски сервиси и од надзор на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 10.620.245,00 денари;
- Приходи од транзитни фактури во износ од 1.045.762,00 денари;
- Приходи од позитивни курсни разлики во износ од 1.026,00 денари и
- Други приходи во износ од 135.583,00 денари.

Средствата од Буџетот на РСМ Агенцијата ги обезбедува во согласност со членот 105 од ЗААВМУ, според кој 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната завршна сметка на Буџетот на РСМ се одвојуваат годишно за финасирање на радиодифузната дејност, односно за работењето и развојот на Македонската радиотелевизија, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги. Овие средства, согласно измените на ЗААВМУ од јули 2023 година, се распоредени на следниот начин:

- 80% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,
- 15% за ЈП „Македонска радиодифузија“ за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 5% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со цитираното законско решение, последна донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија е сметката за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.250/22), каде е наведено дека вкупните реализирани даночни приходи во 2021 година изнесуваат 125.689.306.584,00 денари, од кои средствата за финансирање на радиодифузната дејност за Агенцијата треба да изнесуваат 62.844.653,00 денари на годишно ниво, односно 5.237.054,00 денари на месечно ниво. За месеците август, септември, октомври, ноември и декември 2023 година, на месечно ниво на Агенцијата и беа префрлани по 4.500.000,00 денари, наместо по 5.237.054,00 денари.

За помалку префрлените средства, Агенцијата во два наврати реагираше до Министерството за информатичко општество и администрација, кое е задолжено за распределба на средствата за финансирање на радиодифузната дејност, и тоа преку:

- Информација за префрлени парични средства за финансирање на радиодифузната дејност (арх.бр.03-3777/1 од 17.10.2023 година) и
- Последна опомена пред тужба (арх.бр.03-3777/2 од 14.11.2023 година).

Информација во врска со финансирањето на Агенцијата од средствата за финансирање на радиодифузна дејност, беше испратена и до Собранието на Република Северна Македонија, односно до претседателот на Собранието (арх.бр.05-4357/1 од 23.11.2023 година), до Комисијата за транспорт, врски и екологија (арх.бр.05-4357/2 од 23.11.2023 година) и Комисијата за финансирање и буџет (арх.бр.05-4357/3 од 23.11.2023 година).

На 25.12.2023 година, Министерството за информатичко општество и администрација до Агенцијата достави „Одговор на Опомена“, со кој не извести дека со последните измени на Буџетот на РСМ од октомври 2023 година, во буџетот на министерството не биле *„дообезбедени и следствено респределени дополнителни средства како би се реализирал бараниот пренос на средства до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“* за да се реализира законската обврска.

По добиениот одговор од Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата на 15.01.2024 година достави Информација во врска со непочитувањето на законските одредби за финансирање на Агенцијата и до Н.Е. Дејвид Гир, Шеф на Делегацијата на Европската Унија во Р.С.Македонија, со која информира дека се повеќе се зголемува разликата помеѓу уплатените средства за финансирање и законски предвидениот износ кој месечно треба да и се исплаќа на Агенцијата.

До јули 2023 година, постоеше дискреционо право во однос на утврдување на висината на средствата за радиодифузна дејност, додека со последните измени на Законот, точно е пропишано утврдувањето на висината на овие средства.

Вкупните приходи од средствата за финансирање на радиодифузната дејност и од присилна наплата на радиодифузна такса за изминати години изнесуваа 54.351.919,00 денари, од кои 54.000.000,00 денари се од Министерството за информатичко општество и администрација, кои на месечно ниво изнесуваа

4.500.000,00 денари, додека останатите 351.919,00 денари се евидентираа на дневна основа, како приходи од наплата на радиодифузна такса.

Од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување Агенцијата оствари приходи во износ од 30.931.171,00 денари. На 21.12.2022 година, Агенцијата донесе Одлука (арх.бр.05-4695/1) за доделување финансиска помош (донација) за радиодифузерите во 2023 година, во висина од 25% од надоместокот за дозволата за телевизиско и радио емитување, пресметан согласно формулата утврдена во член 80 од ЗААВМУ. Намалувањето се однесуваше на оние радиодифузери (комерцијални и непрофитни) кои во моментот на донесувањето на одлуката имаа дозвола за телевизиско и радио емитување на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно член 142 од ЗААВМУ, Агенцијата остварува приходи и од надзор на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, кои во извештајната година изнесуваа 10.620.245,00 денари.

Во 2023 година се остварени и приходи од транзитни фактури во износ од 1.045.762,00 денари, и тоа врз основа на издадени транзитни фактури за потрошена електрична енергија, за одржување на лифтови и платформа и за одржување и сервисирање на системот за греење, ладење и вентилација.

Приходите од позитивни курсни разлики изнесуваат 1.026,00 денари, а другите приходи 135.583,00 денари.

<u>Структурата на вкупните приходи е претставена во Прилог бр.1, составен дел на Извештајот.</u>

**<u>Вкупните расходи во 2023 година изнесуваат 111.337.058,00 денари и истите се однесуваат:</u>**

- за потрошени суровини и материјали, за набавка на горива за службените моторни возила, за набавка на канцелариски материјали, средства за лична хигиена, за потрошена вода, за плаќање на комунална хигиена, за набавка на потрошен информатички материјал, се потрошени средства во износ од 787.372,00 денари;
- за потрошена електрична енергија во која влегува и потрошувачката на ЧИЛЕРОТ и топлинска енергија се потрошени средства во износ од 3.131.709,00 денари;
- за инвестиционо одржување на средствата, односно за редовно одржување и сервисирање на службените возила, миење на службените возила, за одржување и сервис на компјутерскиот систем на Агенцијата, за одржување на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа), за одржување на постојните веб страни на Агенцијата, за одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми (НАВС), за одржување на дополнителниот модул на постојното апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи", за одржување на модулот за архивско работење и одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, за одржување и сервис на фотокопир апарати и принтери, за одржување на противпожарна – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП апарати, за ангажирање на фирма за водоинсталатерски и електричарски услуги, за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, како и за техничко одржување на лифтови и платформа се потрошени средства во износ од 8.640.590,00 денари;
- за печатарски услуги се потрошени средства во износ од 273.151,00 денари;
- за поштенски трошоци, за телефонски давачки во кои влегуваат мобилната и фиксната телефонија, како и за други давачки за превозни услуги, се потрошени средства во износ од 1.495.219,00 денари;
- за издатоци за репрезентација се потрошени средства во износ од 820.178,00 денари;

- за наемнина за користење градежни објекти, односно средства наменети за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема на осум различни локации во РСМ се потрошени средства во износ од 1.110.371,00 денари;
- за издатоци за судски и административни такси, за издатоци за набавка на весници, списанија, стручна литература, интернет пристап до електронски изданија на Службен весник на РСМ, како и печатени изданија на Службен весник за тековната година и за учество на семинари, работилници, конференции, советувања и сл. се потрошени средства во износ од 352.943,00 денари;
- за технички преглед и регистрација на службените моторни возила се потрошени средства во износ од 28.135,00 денари;
- за одржување на денови на медиумска писменост од страна на Агенцијата се потрошени средства во износ од 1.404.000,00 денари;
- за провизија за платен промет и банкарска провизија се потрошени средства во износ од 88.421,00 денари;
- за осигурување на деловниот објект на Агенцијата, за осигурување на опремата која ја поседуваме, за осигурување на службените моторни возила, за осигурување за автоодговорност при регистрација, за зелени картони и патничко осигурување, се потрошени средства во износ од 201.898,00 денари;
- за исплата на патни трошоци, дневници за службени патувања во земјата и странство, за надомест на трошоци за превоз за службени патувања во земјата и странство и за трошоци за ноќевање во земјата и странство, се потрошени средства во износ од 1.475.715,00 денари;
- за јубилејни награди се потрошени средства во износ од 81.362,00 денари;
- за други надоместоци за вработените се потрошени средства во износ од 2.531.648,00 денари;
- за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата се потрошени средства во износ од 10.331.245,00 денари;
- за пресметани негативни курсни разлики се потрошени средства во износ од 410,00 денари;
- за годишна членарина во европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА) се потрошени средства во износ од 222.300,00 денари;
- за договорни услуги, односно за ангажман преку Агенција за привремени вработувања за надворешни соработници - правници во сектор за правни работи и јавни набавки и надворешен соработник во сектор за информатичка поддршка и општи работи, за ангажирање на биро за преведување и за одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата се потрошени средства во износ од 4.574.035,00 денари;
- за адвокатски услуги се потрошени средства во износ од 366.000,00 денари;
- за нотарски услуги и услуги од извршители се потрошени средства во износ од 8.139,00 денари;
- за други лични и интелектуални услуги наменети за обуки за вработените во Агенцијата се потрошени средства во износ од 92.521,00 денари;
- за анализа на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите се потрошени средства во износ од 511.000,00 денари;
- за изработка на студија со која се утврдува оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво и за истражување на компетенциите на децата за медиумска писменост се потрошени средства во износ од 1.789.153,00 денари;
- за други расходи, односно за интернет дистрибутивниот систем на Централен регистар, за ревизорски услуги, за интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници на Агенцијата, за закуп на простор за објавување огласи во дневни весници, за службени огласи, за пренос на податоци од далечински локации (осум локации во РСМ) со неограничен вклучен

сообраќај по локација во двата правци (download/upload) во седиштето на Агенцијата и за други трошоци се потрошени средства во износ од 2.802.259,00 денари;
- за извршена набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема, лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall) и за набавка на Системот за автоматско управување со документи (ДМС) се потрошени средства во износ од 6.268.968,00 денари;
- за дигитален сертификат за електронски потпис на токен и за исплата на последна рата за ISO (9001:2015) сертификација по постоечки договор се потрошени средства во износ од 98.291,00 денари;
- за финансиска помош - донација се потрошени средства во износ од 1.300.000,00 денари и
- за исплата на бруто плати на вработените во стручната служба се потрошени средства во износ од 60.550.025,00 денари.

Во 2023 година Агенцијата додели финансиска помош (донациии) во вкупен износ од 1.300.000,00 денари, и тоа:

- На 09.02.2023 година донесе одлука (арх.бр.05-681/1) за доделување финансиска помош – донација за настраданото население во Република Турција и Сириската Арапска Република од катастрофалниот земјотрес на ден 06.02.2023 година. За таа цел, Агенцијата потпиша договор со Црвен Крст на РСМ за да се префрлат средства во износ од 1.000.000,00 денари, кои по добиеното позитивно мислење за јавен интерес од страна на Министерството за правда на РСМ, на 01.06.2023 година ги префрли на сметката на Црвениот крст.
- Втората финансиска помош беше доделена на Здружението Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје врз основа на одлуката (арх.бр.05-2641/1) од 27.06.2023 година. Имено, за овозможување непречено функционирање на Извршната канцеларија и Комисијата за жалби, на 11.09.2023 година, Агенцијата префрли 300.000,00 денари со оглед дека работата на Советот за етика во медиумите во Македонија (Извршната канцеларија и Комисијата за жалби) е исклучително важна за одржување на дијалогот меѓу граѓаните и медиумите, за подобрување на квалитетот на медиумските содржини во земјата, како и е во насока на засилување на професионалноста во медиумите.

Вкупните расходи во 2023 година се поголеми за 14.251.352,00 денари во однос на вкупно остварените приходи во истата година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

# ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ

# 1. ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ И ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ

**ПРИЛОГ БР. 1.1.**

## Доделување дозволи по пат на јавен конкурс

### Дозволи за радио емитување

| 1. Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје (со сегашен назив - Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ - Скопје) | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање арх.бр. 03-10/1 од 13.01.2023 година (наш арх.бр. 08-223/1 од 13.01.2023 година) |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Регионално ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола / Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр. 08-96 од 09.03.2023 година за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на регионално ниво |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | Уп1 бр. 08-187 од 15.05.2023 година |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување дозвола | Уп1 бр. 08-187 од 16.06.2023 година |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Службен весник на РСМ бр. 55 од 14.03.2023 година |
| Година на доделување на дозволата / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2023 година |
| Доделена дозвола / Одбивање на барањето / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Доделена дозвола |
| **2. Универзитет во Тетово - Република Северна Македонија** | |
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање арх.бр. 02-32/1 од 01.02.2023 година (наш арх.бр. 08-611/1 од 01.02.2023 година) |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Локално ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола / Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр. 08-98 од 09.03.2023 година за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | Уп1 бр. 08-192 од 17.05.2023 година |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување дозвола | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Службен весник на РСМ бр. 55 од 14.03.2023 година |
| Година на доделување на дозволата / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2023 година |
| Доделување дозвола / Одбивање на барање / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Одлука Уп1 бр. 08-192 од 16.06.2023 година за одбивање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово (Уп1 бр. 08-192 од 17.05.2023 година) |

| | |
|---|---|
| | Одлука Уп1 бр. 08-96 од 16.06.2023 година за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување, поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс не беше примена ниту една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот. |

| **3. Гзим Шаќири од Скопје** | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање арх.бр. 08-3212/1 од 17.08.2023 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (технички средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Регионално ниво |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола / Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр. 08-319 од 27.09.2023 година за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на регионално ниво на подрачјето на град Скопје |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | / |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување на дозвола | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | / |
| Година на доделување на дозволата / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2023 година |
| Доделување дозвола / Одбивање на барање / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Одбиено писмено барање |

**ПРИЛОГ БР. 1.2.**

## Доделување дозволи без објавување јавен конкурс

### Дозволи за телевизиско емитување

| **1. Друштво за производство туризам промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје** | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Барање бр. 08-339 од 07.11.2022 година, дополнето на 21.12.2022 година и на 25.01.2023 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (технички средство за пренос) | Јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Регионално ниво |
| Уп1 број и датум на Одлуката за доделување дозвола / Решение за отфрлање на Барањето за доделување дозвола без објавување јавен конкурс | Уп1 бр. 08-81 од 28.02.2023 година |
| Година на доделување на дозволата / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2023 година |
| Доделување дозвола / Одбивање на барање / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Доделена дозвола |

| **2. Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци** | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Барање бр. 08-209 од 06.06.2023 година, дополнето на 26.07.2023 година и на 07.09.2023 ггодина |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | Регионално ниво |
| Уп1 број и датум на Одлуката за доделување дозвола / Решение за отфрлање на Барањето за доделување дозвола без објавување јавен конкурс | Уп1 бр. 08-209 од 10.10.2023 година |
| Година на доделување на дозволата / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2023 година |
| Доделување дозвола / Одбивање на барање / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Доделена дозвола |

**ПРИЛОГ БР. 1.3.**

**Одлука за продолжување на дозволите за телевизиско и радио емитување**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр. 08-258**
**15.08.2023 година**
**С к о п ј е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 20 став 1 алинеја 10, член 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23) и член 33 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23), а согласно член 15 став 1 алинеја 2 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 51 ставови 1 и 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) и Заклучокот арх.бр.02-3115/2 од 15.08.2023 година, на 26-та седница одржана на 14.08.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

за продолжување на дозволите за телевизиско или радиоемитување,
чијашто важност истекува заклучно со 31 декември 2024 година

**1.** Се продолжуваат дозволите за телевизиско или радиоемитување на 90 (деведесет) радиодифузери, чијашто важност од девет години истекува заклучно со 31 декември 2024 година, за период од дополнителни три години од денот на истекот на дозволата, и тоа:

**1.1. На државно ниво** (за подрачје на целата територија на Република Северна Македонија)

1.1.1 **Дозволите за телевизиско емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, и тоа:**

1. Дозвола, Уп1 бр.08-1 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.
2. Дозвола, Уп1 бр.08-2 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.
3. Дозвола, Уп1 бр.08-3 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.
4. Дозвола, Уп1 бр.08-4 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.
5. Дозвола, Уп1 бр.08-5 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

1.1.2 **Дозволите за телевизиско емитување на државно ниво, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, и тоа:**

6. Дозвола, Уп1 бр.08-737 од 14.04.2015 г. на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 29.03.2024 г.
7. Дозвола, Уп1 бр.08-778 од 13.05.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 05.04.2024 г.

1.1.3 **Дозволите за телевизиско емитување на државно ниво, преку сателит, и тоа:**

8. Дозвола, Уп1 бр.08-6 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.
9. Дозвола, Уп1 бр.08-8 од 05.01.2015 г. на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

1.1.4 **Дозволите за радиоемитување на државно ниво, преку радиофреквенции, и тоа:**

10. Дозвола, Уп1 бр.08-63 од 05.01.2015 г. на Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.
11. Дозвола, Уп1 бр.08-64 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.
12. Дозвола, Уп1 бр.08-65 од 05.01.2015 г. на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

### 1.2. На регионално ниво

1.2.1. **Дозволите за телевизиско емитување на регионално ниво, преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, со подрачја на емитување, и тоа:**

- **Подрачје за емитување, Д1-Црн Врв/Скопје:**

13. Дозвола, Уп1 бр.08-14 од 05.01.2015 г. на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.
14. Дозвола, Уп1 бр.08-15 од 05.01.2015 г. на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.
15. Дозвола, Уп1 бр.08-16 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.
16. Дозвола, Уп1 бр.08-18 од 05.01.2015 г. на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

- **Подрачје за емитување Д1 - Црн Врв/Велес:**

17. Дозвола, Уп1 бр.08-19 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

- **Подрачје за емитување Д8 – Попова Шапка:**

18. Дозвола, Уп1 бр.08-35 од 05.01.2015 г. на Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

1.2.2. **Дозволите за телевизиско емитување на регионално ниво, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, со подрачја на емитување, и тоа:**

- **Подрачје за емитување Д5 – Пелистер:**

**19.** Дозвола, Уп1 бр.08-38 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво тв студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, со важност на дозвола до 23.12.2023 г.

- **Подрачје за емитување Д6 – Мали влај**

**20.** Дозвола, Уп1 бр.08-39 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, со важност на дозвола до 23.12.2023 г.

- **Подрачје за емитување Д3 – Туртел**

**21.** Дозвола, Уп1 бр.08-817 од 03.06.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, со важност на дозвола до 26.05.2024 г.

- **Подрачје за емитување Д4 – Боскија**

**22.** Дозвола, Уп1 бр.08-816 од 03.06.2015 г. на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, со важност на дозвола до 26.05.2024 г.

**23.** Дозвола, Уп1 бр.08-989 од 26.08.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво телевизија КОБРА ДОО Радовиш, со важност на дозвола до 19.08.2024 г.

1.2.3. **Дозволите за радиоемитување на регионално ниво, преку радиофреквенции, со подрачје на емитување Скопје, и тоа:**

**24.** Дозвола, Уп1 бр.08-67 од 05.01.2015 г. на Радиодифузното трговско друштво АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

**25.** Дозвола, Уп1 бр.08-68 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

**26.** Дозвола, Уп1 бр.08-69 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

**27.** Дозвола, Уп1 бр.08-70 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

**28.** Дозвола, Уп1 бр.08-71 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

**29.** Дозвола, Уп1 бр.08-72 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

**30.** Дозвола, Уп1 бр.08-73 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

**31.** Дозвола, Уп1 бр.08-74 од 05.01.2015 г. на Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА - АБ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

**32.** Дозвола, Уп1 бр.08-75 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

**33.** Дозвола, Уп1 бр.08-76 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

- член 60 – *„Давателите на аудиовозуелни медиумски услуги по барање, тогаш кога тоа е изводливо и со соодветни средства, треба да го промовираат производството и пристапот до европски аудиовизуелни дела“.*

| **Редовни програмски надзори во 2023 година** | | |
|---|---|---|
| р.бр. | Дават ел по барање | Констатирани прекршувања на ЗААВМУ |
| **мај** | | |
| 1 | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје | / |
| 2 | А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | / |
| 3 | СВОД Мастер ДОО Скопје | / |
| **ноември** | | |
| 4 | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје | / |
| 5 | А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | / |
| 6 | СВОД Мастер ДОО Скопје | / |

Сите извештаи од реализираните надзори се достапни за јавноста на веб сајтот на Агенцијата преку линкот: https://avmu.mk/davateli-na-avmu-po-baranje/nadzori-izreceni-merki-na-davateli-na-avmu-po-baranje/

# 3. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ, РАСХОДИ, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ ЗА 2023 ГОДИНА

**Вкупните остварени приходи во 2023 година изнесуваат 97.085.706,00 денари. Овие приходи се остварени од следните извори**:

- Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 54.351.919,00 денари;
- Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 30.931.171,00 денари;
- Приходи од надзор на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа кои реемитуваат програмски сервиси и од надзор на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 10.620.245,00 денари;
- Приходи од транзитни фактури во износ од 1.045.762,00 денари;
- Приходи од позитивни курсни разлики во износ од 1.026,00 денари и
- Други приходи во износ од 135.583,00 денари.

Средствата од Буџетот на РСМ Агенцијата ги обезбедува во согласност со членот 105 од ЗААВМУ, според кој 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната завршна сметка на Буџетот на РСМ се одвојуваат годишно за финасирање на радиодифузната дејност, односно за работењето и развојот на Македонската радиотелевизија, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Овие средства, согласно измените на ЗААВМУ од јули 2023 година, се распоредени на следниот начин:

- 80% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,
- 15% за ЈП „Македонска радиодифузија“ за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 5% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со цитираното законско решение, последна донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија е сметката за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.250/22), каде е наведено дека вкупните реализирани даночни приходи во 2021 година изнесуваат 125.689.306.584,00 денари, од кои средствата за финансирање на радиодифузната дејност за Агенцијата треба да изнесуваат 62.844.653,00 денари на годишно ниво, односно 5.237.054,00 денари на месечно ниво. За месеците август, септември, октомври, ноември и декември 2023 година, на месечно ниво на Агенцијата и беа префрлани по 4.500.000,00 денари, наместо по 5.237.054,00 денари.

За помалку префрлените средства, Агенцијата во два наврати реагираше до Министерството за информатичко општество и администрација, кое е задолжено за распределба на средствата за финансирање на радиодифузната дејност, и тоа преку:

- Информација за префрлени парични средства за финансирање на радиодифузната дејност (арх.бр.03-3777/1 од 17.10.2023 година) и
- Последна опомена пред тужба (арх.бр.03-3777/2 од 14.11.2023 година).

Информација во врска со финансирањето на Агенцијата од средствата за финансирање на радиодифузна дејност, беше испратена и до Собранието на Република Северна Македонија, односно до претседателот на Собранието (арх.бр.05-4357/1 од 23.11.2023 година), до Комисијата за транспорт, врски и екологија (арх.бр.05-4357/2 од 23.11.2023 година) и Комисијата за финансирање и буџет (арх.бр.05-4357/3 од 23.11.2023 година).

На 25.12.2023 година, Министерството за информатичко општество и администрација до Агенцијата достави „Одговор на Опомена", со кој не извести дека со последните измени на Буџетот на РСМ од октомври 2023 година, во буџетот на министерството не биле *„дообезбедени и следствено респределени дополнителни средства како би се реализирал бараниот пренос на средства до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги"* за да се реализира законската обврска.

По добиениот одговор од Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата на 15.01.2024 година достави Информација во врска со непочитувањето на законските одредби за финансирање на Агенцијата и до Н.Е. Дејвид Гир, Шеф на Делегацијата на Европската Унија во Р.С.Македонија, со која информира дека се повеќе се зголемува разликата помеѓу уплатените средства за финансирање и законски предвидениот износ кој месечно треба да и се исплаќа на Агенцијата.

До јули 2023 година, постоеше дискреционо право во однос на утврдување на висината на средствата за радиодифузна дејност, додека со последните измени на Законот, точно е пропишано утврдувањето на висината на овие средства.

Вкупните приходи од средствата за финансирање на радиодифузната дејност и од присилна наплата на радиодифузна такса за изминати години изнесуваа 54.351.919,00 денари, од кои 54.000.000,00 денари се од Министерството за информатичко општество и администрација, кои на месечно ниво изнесуваа 4.500.000,00 денари, додека останатите 351.919,00 денари се евидентираа на дневна основа, како приходи од наплата на радиодифузна такса.

Од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување Агенцијата оствари приходи во износ од 30.931.171,00 денари. На 21.12.2022 година, Агенцијата донесе Одлука (арх.бр.05-4695/1) за доделување финансиска помош (донација) за радиодифузерите во 2023 година, во висина од 25% од надоместокот за дозволата за телевизиско и радио емитување, пресметан согласно формулата утврдена во член 80 од ЗААВМУ. Намалувањето се однесуваше на оние радиодифузери (комерцијални и непрофитни) кои во моментот на донесувањето на одлуката имаа дозвола за телевизиско и радио емитување на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно член 142 од ЗААВМУ, Агенцијата остварува приходи и од надзор на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, кои во извештајната година изнесуваа 10.620.245,00 денари.

Во 2023 година се остварени и приходи од транзитни фактури во износ од 1.045.762,00 денари, и тоа врз основа на издадени транзитни фактури за потрошена електрична енергија, за одржување на лифтови и платформа и за одржување и сервисирање на системот за греење, ладење и вентилација.

Приходите од позитивни курсни разлики изнесуваат 1.026,00 денари, а другите приходи 135.583,00 денари.

Структурата на вкупните приходи е претставена во Прилог бр.1, составен дел на Извештајот.

**Вкупните расходи во 2023 година изнесуваат 111.337.058,00 денари и истите се однесуваат:**

- за потрошени суровини и материјали, за набавка на горива за службените моторни возила, за набавка на канцелариски материјали, средства за лична хигиена, за потрошена вода, за плаќање на комунална хигиена, за набавка на потрошен информатички материјал, се потрошени средства во износ од 787.372,00 денари;

- за потрошена електрична енергија во која влегува и потрошувачката на ЧИЛЕРОТ и топлинска енергија се потрошени средства во износ од 3.131.709,00 денари;
- за инвестиционо одржување на средствата, односно за редовно одржување и сервисирање на службените возила, миење на службените возила, за одржување и сервис на компјутерскиот систем на Агенцијата, за одржување на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа), за одржување на постојните веб страни на Агенцијата, за одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми (НАВС), за одржување на дополнителниот модул на постојното апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“, за одржување на модулот за архивско работење и одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, за одржување и сервис на фотокопир апарати и принтери, за одржување на противпожарна – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП апарати, за ангажирање на фирма за водоинсталатерски и електричарски услуги, за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, како и за техничко одржување на лифтови и платформа се потрошени средства во износ од 8.640.590,00 денари;
- за печатарски услуги се потрошени средства во износ од 273.151,00 денари;
- за поштенски трошоци, за телефонски давачки во кои влегуваат мобилната и фиксната телефонија, како и за други давачки за превозни услуги, се потрошени средства во износ од 1.495.219,00 денари;
- за издатоци за репрезентација се потрошени средства во износ од 820.178,00 денари;
- за наемнина за користење градежни објекти, односно средства наменети за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема на осум различни локации во РСМ се потрошени средства во износ од 1.110.371,00 денари;
- за издатоци за судски и административни такси, за издатоци за набавка на весници, списанија, стручна литература, интернет пристап до електронски изданија на Службен весник на РСМ, како и печатени изданија на Службен весник за тековната година и за учество на семинари, работилници, конференции, советувања и сл. се потрошени средства во износ од 352.943,00 денари;
- за технички преглед и регистрација на службените моторни возила се потрошени средства во износ од 28.135,00 денари;
- за одржување на денови на медиумска писменост од страна на Агенцијата се потрошени средства во износ од 1.404.000,00 денари;
- за провизија за платен промет и банкарска провизија се потрошени средства во износ од 88.421,00 денари;
- за осигурување на деловниот објект на Агенцијата, за осигурување на опремата која ја поседуваме, за осигурување на службените моторни возила, за осигурување за автоодговорност при регистрација, за зелени картони и патничко осигурување, се потрошени средства во износ од 201.898,00 денари;
- за исплата на патни трошоци, дневници за службени патувања во земјата и странство, за надомест на трошоци за превоз за службени патувања во земјата и странство и за трошоци за ноќевање во земјата и странство, се потрошени средства во износ од 1.475.715,00 денари;
- за јубилејни награди се потрошени средства во износ од 81.362,00 денари;
- за други надоместоци за вработените се потрошени средства во износ од 2.531.648,00 денари;
- за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата се потрошени средства во износ од 10.331.245,00 денари;
- за пресметани негативни курсни разлики се потрошени средства во износ од 410,00 денари;
- за годишна членарина во европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА) се потрошени средства во износ од 222.300,00 денари;

- за договорни услуги, односно за ангажман преку Агенција за привремени вработувања за надворешни соработници - правници во сектор за правни работи и јавни набавки и надворешен соработник во сектор за информатичка поддршка и општи работи, за ангажирање на биро за преведување и за одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата се потрошени средства во износ од 4.574.035,00 денари;
- за адвокатски услуги се потрошени средства во износ од 366.000,00 денари;
- за нотарски услуги и услуги од извршители се потрошени средства во износ од 8.139,00 денари;
- за други лични и интелектуални услуги наменети за обуки за вработените во Агенцијата се потрошени средства во износ од 92.521,00 денари;
- за анализа на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите се потрошени средства во износ од 511.000,00 денари;
- за изработка на студија со која се утврдува оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво и за истражување на компетенциите на децата за медиумска писменост се потрошени средства во износ од 1.789.153,00 денари;
- за други расходи, односно за интернет дистрибутивниот систем на Централен регистар, за ревизорски услуги, за интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници на Агенцијата, за закуп на простор за објавување огласи во дневни весници, за службени огласи, за пренос на податоци од далечински локации (осум локации во РСМ) со неограничен вклучен сообраќај по локација во двата правци (download/upload) во седиштето на Агенцијата и за други трошоци се потрошени средства во износ од 2.802.259,00 денари;
- за извршена набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема, лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall) и за набавка на Системот за автоматско управување со документи (ДМС) се потрошени средства во износ од 6.268.968,00 денари;
- за дигитален сертификат за електронски потпис на токен и за исплата на последна рата за ISO (9001:2015) сертификација по постоечки договор се потрошени средства во износ од 98.291,00 денари;
- за финансиска помош - донација се потрошени средства во износ од 1.300.000,00 денари и
- за исплата на бруто плати на вработените во стручната служба се потрошени средства во износ од 60.550.025,00 денари.

Во 2023 година Агенцијата додели финансиска помош (донациии) во вкупен износ од 1.300.000,00 денари, и тоа:
На 09.02.2023 година донесе одлука (арх.бр.05-681/1) за доделување финансиска помош – донација за настраданото население во Република Турција и Сириската Арапска Република од катастрофалниот земјотрес на ден 06.02.2023 година. За таа цел, Агенцијата потпиша договор со Црвен Крст на РСМ за да се префрлат средства во износ од 1.000.000,00 денари, кои по добиеното позитивно мислење за јавен интерес од страна на Министерството за правда на РСМ, на 01.06.2023 година ги префрли на сметката на Црвениот крст.
Втората финансиска помош беше доделена на Здружението Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје врз основа на одлуката (арх.бр.05-2641/1) од 27.06.2023 година. Имено, за овозможување непречено функционирање на Извршната канцеларија и Комисијата за жалби, на 11.09.2023 година, Агенцијата префрли 300.000,00 денари со оглед дека работата на Советот за етика во медиумите во Македонија (Извршната канцеларија и Комисијата за жалби) е исклучително важна за одржување на дијалогот меѓу граѓаните и медиумите, за подобрување на квалитетот на медиумските содржини во земјата, како и е во насока на засилување на професионалноста во медиумите.

**Поединечните расходи се наведени во Прилог бр.1, составен дел на овој Извештај.**

Вкупните расходи во 2023 година се поголеми за 14.251.352,00 денари во однос на вкупно остварените приходи во истата година.

Сметководствената вредност на основните средства во Агенцијата на крајот на 2023 година изнесува 277.644.417,00 денари. Пресметаната амортизација (исправка на вредноста) за 2023 година изнесува 9.964.343,00 денари.

По годишната сметка за 2023 година Агенцијата има побарувања за повеќе платени даноци во износ од 6.179.192,00 денари. Тие се однесуваат на побарувања по основ на данок на вкупен приход и данок на додадена вредност.

Вкупните побарувања на Агенцијата по основ на издадени фактури во минати години, според годишната сметка за 2023 година изнесуваат 3.150.728,00 денари.

Вкупните обврски кои ги има Агенцијата кон доверителите, според годишната сметка за 2023 година изнесуваат 2.057.137,00 денари. Овие долгови се однесуваат на недоспеани обврски, кои во најголем дел се платени во ануари 2024 година.

Агенцијата, според годишната сметка за 2023 година, има обврска за уплата на данок на вкупен приход на непрофитни организации во износ од 415.972,00 денари.

**Прилог бр. 1**

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 ГОДИНА

А РАСХОДИ

| Поставка | Расходи | Планирано 2023 | Реализирано 2023 |
|---|---|---|---|
| | Вкупно расходи | **149.830.505,00** | **111.337.058,00** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **1.898.000,00** | **787.372,00** |
| 400002 | Ситен инвентар во употреба | 150.000,00 | 0,00 |
| 400100 | Потрошено гориво,мазиво и сл. | 450.000,00 | 180.140,00 |
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 360.000,00 | 111.551,00 |
| 400500 | Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл. | 612.000,00 | 320.080,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 236.000,00 | 175.601,00 |
| 400900 | Потрошени резервни делови | 90.000,00 | 0,00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **16.650.000,00** | **3.131.709,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 16.000.000,00 | 2.288.871,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 650.000,00 | 842.838,00 |
| **402** | **Инвестиционо одржување на средствата** | **12.758.000,00** | **8.640.590,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-леки коли | 410.000,00 | 159.725,00 |
| 402020 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-мебел | 40.000,00 | 0,00 |
| 402030 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-хардвер и софтвер | 8.816.000,00 | 7.250.835,00 |
| 402040 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-опрема | 2.792.000,00 | 1.127.134,00 |
| 402050 | Поправка, одржување на градежни објекти | 700.000,00 | 102.896,00 |
| **403** | **Други услуги** | **708.000,00** | **273.151,00** |
| 403400 | Печатарски услуги | 708.000,00 | 273.151,00 |
| **404** | **Превозни транспортни услуги** | **1.855.000,00** | **1.495.219,00** |
| 404500 | Поштарина (писма,печ.материјал,пакети и сл.) | 400.000,00 | 212.306,00 |
| 404600 | Телефонски давачки, давачки за тел. и слично | 1.535.000,00 | 1.282.913,00 |
| 404900 | Други давачки за превозни услуги | 20.000,00 | 0,00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **900.000,00** | **820.198,00** |
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 900.000,00 | 820.198,00 |
| **408** | **Наемнини** | **1.400.000,00** | **1.110.371,00** |
| 408000 | Наемнина за користење градежни објекти | 1.300.000,00 | 1.110.371,00 |
| 408100 | Наемнина за користење опрема | 50.000,00 | 0,00 |
| 408500 | Останати видови наемнини | 50.000,00 | 0,00 |
| **409** | **Други материјални расходи** | **2.767.000,00** | **1.785.078,00** |
| 409000 | Судски и административни такси | 200.000,00 | 167.246,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература | 313.000,00 | 117.944,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар,советување и сл, | 90.000,00 | 67.753,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 40.000,00 | 28.135,00 |
| 409500 | Расходи за одржување на конгреси, работилници | 2.124.000,00 | 1.404.000,00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **110.000,00** | **88.421,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 80.000,00 | 82.179,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 30.000,00 | 6.242,00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **400.000,00** | **201.898,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 412100 | Премии за осигурување недвижности и права | 250.000,00 | 105.666,00 |
| 412200 | Премии за осигурување на моторни возила | 150.000,00 | 96.232,00 |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **3.370.000,00** | **1.475.715,00** |
| 413000 | Дневници за службени патувања во земјата | 80.000,00 | 55.080,00 |
| 413100 | Дневници за службени патувања во странство | 400.000,00 | 284.090,00 |
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во земјата | 180.000,00 | 10.490,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во странство | 1.200.000,00 | 399.329,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци за ноќевање на сл.пат во земјата | 550.000,00 | 102.521,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање на сл.пат во странство | 900.000,00 | 620.794,00 |
| 413720 | Др.надом.во врска со служ.пат. во странство | 60.000,00 | 3.411,00 |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** | **13.630.000,00** | **12.944.255,00** |
| 414800 | Јубилејни награди | 80.000,00 | 81.362,00 |
| 414900 | Други надоместоци | 2.700.000,00 | 2.531.648,00 |
| 414901 | Други надоместоци-Членови на Совет на Агенцијата | 10.850.000,00 | 10.331.245,00 |
| **415** | **Курсни разлики** | **0,00** | **410,00** |
| **415000** | Негативни курсни разлики | 0,00 | 410,00 |
| **416** | **Членарини** | **243.000,00** | **222.300,00** |
| 416300 | Членарини на меѓународни и други организации | 243.000,00 | 222.300,00 |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **14.683.600,00** | **7.340.848,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 6.984.600,00 | 4.574.035,00 |
| 417400 | Адвокатски услуги | 450.000,00 | 366.000,00 |
| 417500 | Нотарски услуги | 50.000,00 | 8.139,00 |
| 417700 | Други лични и интелектуални услуги | 1.450.000,00 | 92.521,00 |
| 417800 | Други неспомнати услуги-истражување | 5.349.000,00 | 2.300.153,00 |
| 417900 | Други услуги од правни лица | 400.000,00 | 0,00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **4.215.000,00** | **2.802.259,00** |
| 418800 | Други расходи | 4.215.000,00 | 2.802.259,00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **11.426.000,00** | **6.268.968,00** |
| 441000 | Купување на канцелариски мебел | 300.000,00 | 0,00 |
| 441500 | Купување-набавка на друга опрема | 11.126.000,00 | 6.268.968,00 |
| **442** | **Други капитални средства** | **178.000,00** | **98.291,00** |
| 442100 | Откуп на патенти, лиценци и други права | 178.000,00 | 98.291,00 |
| **450** | **Помошти, донации и други давања на субјекти** | **1.300.000,00** | **1.300.000,00** |
| 450100 | Помошти, донации и други давања на субјекти | 1.300.000,00 | 1.300.000,00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **61.278.905,00** | **60.550.025,00** |
| 460000 | Нето плати и нодомести на плати | 39.718.856,00 | 39.822.564,00 |
| 460200 | Персонален данок на плати и надомест на плати | 4.401.956,00 | 3.772.410,00 |
| 460300 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 11.520.434,00 | 11.384.089,00 |
| 460310 | Придонес за вработување | 735.347,00 | 726.652,00 |
| 460320 | Придонес за здравствено осигурување | 4.595.918,00 | 4.541.529,00 |
| 460330 | Придонес за професионално заболување | 306.394,00 | 302.781,00 |

## Б ПРИХОДИ

| Ставка | Приходи | Планирано 2023 | Реализирано 2023 |
|---|---|---|---|
| | Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса | 54.000.000,00 | 54.351.919,00 |
| | Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување | 26.300.000,00 | 30.931.171,00 |
| | Приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | 11.000.000,00 | 10.620.245,00 |
| | Приходи од транзитни фактури | 4.000.000,00 | 1.045.762,00 |
| | Приходи од позитивни курсни разлики | 0,00 | 1.026,00 |
| | Други приходи | 0,00 | 135.583,00 |
| | Пренесени вишок средства од минати години | 54.530.505,00 | |
| | Вкупно | **149.830.505,00** | **97.085.706,00** |

**Прилог бр. 2**

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2023 ГОДИНА, ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

### РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2023 ГОДИНА КОИ НЕ СЕ ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

| Ставка | Приходи | Реализирани средства |
|---|---|---|
| | Приходи од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса | 54.351.919,00 |
| | Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување | 30.931.171,00 |
| | Приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | 10.620.245,00 |
| | Приходи од транзитни фактури | 1.045.762,00 |
| | Приходи од позитивни курсни разлики | 1.026,00 |
| | Други приходи | 135.583,00 |
| | Вкупно | **97.085.706,00** |

### ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2023 ГОДИНА КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ГРУПИРААТ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

| | | |
|---|---|---|
| **401** | **Потрошена енергија** | **3.131.709,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 2.288.871,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 842.838,00 |
| **404** | **Превозни транспортни услуги** | **1.495.219,00** |
| 404500 | Поштарина (писма, печ.материјал, пакети и сл.) | 212.306,00 |
| 404600 | Телефонски давачки, давачки за тел. и слично | 1.282.913,00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **820.178,00** |
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 820.178,00 |
| **408** | **Наемнини** | **1.110.371,00** |
| 408000 | Наемнина за користење градежни објекти | 1.110.371,00 |
| **409** | **Други материјални расходи** | **381.078,00** |
| 409000 | Судски и административни такси | 167.246,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература, весници и сл. | 117.944,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар, советување и сл, | 67.753,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 28.135,00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **88.421,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 82.179,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 6.242,00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **201.898,00** |
| 412100 | Премии за осигурување на недвижности и права | 105.666,00 |
| 412200 | Премии за осигурување на моторни возила | 96.232,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1.475.715,00** |
| 413000 | Дневница за службени патувања во земјата | 55.080,00 |
| 413100 | Дневница за службени патувања во странство | 284.090,00 |
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во земјата | 10.490,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во странство | 399.329,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци за ноќевање за службен пат во земјата | 102.521,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање за службен пат во странство | 620.794,00 |
| 413720 | Други надоместоци во врска со службени патувања во странство | 3.411,00 |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** | **12.944.255,00** |
| 414800 | Јубилејни награди | 81.362,00 |
| 414900 | Други надоместоци | 2.531.648,00 |
| 414901 | Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата | 10.331.245,00 |
| **415** | **Курсни разлики** | **410,00** |
| 415100 | Негативни курсни разлики | 410,00 |
| **416** | **Членарини** | **222.300,00** |
| 416300 | Членарини во меѓународни и други организации | 222.300,00 |
| **417** | **Интелектуални и други расходи** | **4.666.556,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 4.574.035,00 |
| 417700 | Други лични и интелектуални услуги | 92.521,00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **2.802.259,00** |
| 418800 | Други расходи | 2.802.259,00 |
| **442** | **Други капитални средства** | **98.291,00** |
| 442100 | Откуп на патенти, лиценци и други права | 98.291,00 |
| **450** | **Помошти, донации и други давања на субјекти** | **1.300.000,00** |
| 450100 | Помошти, донации и други давања на субјекти | 1.300.000,00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **60.550.025,00** |
| 460000 | Нето плати и надомести на плати | 39.822.564,00 |
| 460200 | Персонален данок на плати и надомест на плати | 3.772.410,00 |
| 460300 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 11.384.089,00 |
| 460310 | Придонес за вработување | 726.652,00 |
| 460320 | Придонес за здравствено осигурување | 4.541.529,00 |
| 460330 | Придонес за професионално заболување | 302.781,00 |
| | **Вкупно** | **91.288.685,00** |

# ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2023 ГОДИНА КОИ СЕ ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

## СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ И НА СОВЕТОТ

| **403** | **Други услуги** | **273.151,00** |
|---|---|---|
| 403400 | Печатарски услуги | 273.151,00 |
| | **Вкупно** | **273.151,00** |

## СЕКТОР ЗА ПРОГРАМСКИ РАБОТИ

| **409** | **Други материјални расходи** | **1.404.000,00** |
|---|---|---|
| 409500 | Расходи за одржување работилници | 1.404.000,00 |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **511.000,00** |
| 417800 | Други неспомнати услуги - истражување | 511.000,00 |
| | **Вкупно** | **1.915.000,00** |

## СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И ЈАВНИ НАБАВКИ

| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **374.139,00** |
|---|---|---|
| 417400 | Адвокатски услуги | 366.000,00 |
| 417500 | Нотарски услуги | 8.139,00 |
| | **Вкупно** | **374.139,00** |

## СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ И ЛОГИСТИКА

| **400** | **Потрошени материјали** | **607.232,00** |
|---|---|---|
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 111.551,00 |
| 400500 | Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл. | 320.080,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 175.601,00 |
| **402** | **Инвестиционо одржување на средствата** | **1.230.030,00** |
| 402040 | Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа-опрема | 1.127.134,00 |
| 402050 | Поправка, одржување на градежни објекти | 102.896,00 |
| | **Вкупно** | **1.837.262,00** |

## СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ОПШТИ РАБОТИ

| **400** | **Потрошени материјали** | **180.140,00** |
|---|---|---|
| 400100 | Потрошено гориво, мазиво и сл. | 180.140,00 |
| **402** | **Инвестиционо одржување на средствата** | **7.410.560,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-леки коли | 159.725,00 |
| 402030 | Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа-хардвер и софтвер | 7.250.835,00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **6.268.968,00** |
| 441500 | Купување-набавка на друга опрема | 6.268.968,00 |
| | **Вкупно** | **13.859.668,00** |

СЕКТОР ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И АВТОРСКИ ПРАВА

| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **1.789.153,00** |
|---|---|---|
| 417800 | Други неспомнати услуги-истражувања | 1.789.153,00 |
| | Вкупно | **1.789.153,00** |

Групирањето на трошоците по организациона структура е направено врз основа на надлежноста на секој соодветен сектор за спроведување на одредена активност на Агенцијата.

## СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ВО 2022 И 2023 ГОДИНА

Од споредбената анализа на реализираните приходи во 2022 година со реализираните приходи во 2023 година, може да се забележи следново:

Министерството за информатичко општество и администрација во двете години на сметката на Агенцијата префрли ист износ на средства – 54.000.000,00 денари. Од присилната наплата на радиодифузната такса во 2022 година беа остварени 430.568,00 денари, а во 2023 година 351.919,00 денари.

Наплатените средства од дозволи за телевизиско и радио емитување во 2022 година изнесуваа 17.931.404,00 денари, а во 2023 година 30.931.171,00 денар. Разликата се должи на тоа што во 2023 година Агенцијата им додели финансиска помош на радиодифузерите во висина од 25% од надоместокот за дозволата, а во 2022 година оваа финансиска помош изнесуваше 50% од надоместокот.

Надоместокот за надзор од операторите кои реемитуваат програмски сервиси и од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во 2022 година изнесуваше 10.525.447,00 денари, додека во 2023 година истиот е малку повисок и изнесува 10.620.245,00 денари.

Во 2022 година се остварени приходи и од позитивни курсни разлики во износ од 959,00 денари, додека по истиот основ во 2023 година се остварени повисоки средства и истите изнесуваа 1.026,00 денари.

Од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување на лифтови и платформа, за одржување и сервисирање на системот за греење, ладење и вентилација во 2022 година се остварени средства во износ од 1.047.263,00 денари, кои во 2023 година се малку пониски и изнесуваа 1.045.762,00 денари.

Во 2022 година се остварени и други приходи во износ од 77.195,00 денари, кои во 2023 година изнесуваа 135.583,00 денари. Во 2023 година поголем дел од овие средства се од уплати за тендерски документации за јавни конкурси за доделување дозволи за емитување на ТВ и радио програми, како и наплатени средства по судска одлука.

Разликите помеѓу расходите кај одредени ставки во 2022 и 2023 година се од следните причини:

На позицијата (401000) – Потрошена електрична енергија, во 2022 година се исплатени средства во износ од 4.216.216,00 денари, додека во 2023 година се исплатени 2.288.871,00 денари. Разликата се должи на тоа што во 2022 година цената на електричната енергија беше повисока отколку во 2023 година, како и на тоа што Наредбата за мерки за штедење што на 31.08.2022 година ја донесе Агенцијата, во 2023 година се спроведуваше во текот на целата година, а во 2022 година само четири месеци.

На позицијата (403400) – Печатарски услуги, во 2022 година се реализирани 490.752,00 денари, додека во 2023 година 273.151,00 денар. Разликата повторно се должи на мерките за штедење што ги спроведе Агенцијата во 2023 година.

На позицијата (409500) – Расходи за одржување конгреси и работилници, поточно за одржување на Денови на медиумска писменост во 2022 година се потрошени средства во износ од 289.586,00 денари, додека во 2023 година 1.404.000,00 денари. Разликата се должи на фактот што во 2023 година, за Деновите на медиумската писменост беа изработени видео и аудио спот, банер на македонски, албански и англиски јазик, електронска верзија на трите јазици, се одржа конференција во живо и се изработи документарен филм во времетраење од 10 минути.

На позицијата (413300) – Надомест за трошоци за превоз за службен пат во странство, во 2022 година се порошени средства во износ од 655.368,00 денари, додека во 2023 година 399.329,00 денари.

На позицијата (417100) - Договорни услуги, во 2022 година се потрошени средства во износ од 3.989.396,00 денари, додека во 2023 година 4.574.035,00 денари. Разликата е резултат на тоа што во 2023 година се реализираа договори со повисока цена од претходните години.

На позицијата (441200) – Купување – набавка на машини, уреди, инструменти (набавка на информатичка опрема), во 2022 година се потрошени средства во износ од 2.034.780,00 денари, додека во 2023 година не се потрошени средства за таа намена, односно во 2023 година Агенцијата не изврши набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема.

На позицијата (441500) – Купување – набавка на друга опрема, во 2022 година се потрошени средства во износ од 29.990,00 денари, додека во 2023 година се потрошени 6.268.968,00 денари. Разликата е резултат на тоа што во 2023 година Агенцијата изврши набавка на Систем за автоматско управување со документи (ДМС), што овозможува воспоставување инфраструктура за ефикасно менаџирање на сите административни процеси кои вклучуваат работа со документи.

На позицијата (450100) - Помошти, донации и други давања на субјекти, во 2022 година се потрошени средства во износ 250.000,00 денари, додека во 2023 година се потрошени средства во износ од 1.300.000,00 денари. Разликата се должи на фактот што во 2022 година Агенцијата додели 250.000,00 денари финансиска помош – донација на ЕФ-ЕМ 90.3 – СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со цел да даде поддршка на активностите на радиодифузерот за организирање на 30-тиот традиционален јубилеен меѓународен „Турнир во мал фудбал на медиуми 2022“, што придонесе за промоција на професионалниот и рекреативен спорт, стимулирање и развој на спортската култура и содржина, како и афирмација на здрави спортски навики и фер-плеј култура. Во 2023 година Агенцијата додели две донации, од кои едната, во износ од 1.000.000,00 денари, за настраданото население во Република Турција и Сириската Арапска Република од катастрофалниот земјотрес кој се случил на 06.02.2023 година и втората, во износ од 300.000,00 денари за Здружението Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје за овозможување непречено функционирање на ова саморегулаторно тело за медиуми во земјата, со оглед дека работата на Советот за етика во медиумите во Македонија (Извршната канцеларија и Комисијата за жалби) е исклучително важна за одржување на дијалогот меѓу граѓаните и медиумите, за подобрување на квалитетот на медиумските содржини во земјата, што е во насока на засилување на професионалноста во медиумите.

На расходнатата ставка (460) - Вкалкулирани плати, во 2022 година се потрошени срества во износ од 51.194.894,00 денари, додека во 2023 година потрошените средства изнесуваат 60.550.025,00 денари.

**Прилог 2.1**

Реализирани приходи и расходи во 2022 и 2023 година

## А РАСХОДИ

| Поставка | Расходи | **Реализирано 2022** | **Реализирано 2023** |
|---|---|---|---|
| | Вкупно расходи | **94.601.988,00** | **111.337.058,00** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **799.091,00** | **787.372,00** |
| 400002 | Ситен инвентар во употреба | 165.342,00 | 0,00 |
| 400100 | Потрошено гориво, мазиво и сл. | 192.467,00 | 180.140,00 |
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 110.508,00 | 111.551,00 |
| 400500 | Потрошени матер.за лична хигиена, вода и сл. | 316.495,00 | 320.080,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 14.279,00 | 175.601,00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **4.841.756,00** | **3.131.709,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 4.216.216,00 | 2.288.871,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 625.540,00 | 842.838,00 |
| **402** | **Инвестиционо одржување на средствата** | **8.267.410,00** | **8.640.590,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-леки коли | 34.064,00 | 159.725,00 |
| 402030 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-хардвер и софтвер | 7.052.288,00 | 7.250.835,00 |
| 402040 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-опрема | 1.181.058,00 | 1.127.134,00 |
| 402050 | Поправка, одржување на градежни објекти | 0,00 | 102.896,00 |
| **403** | **Други услуги** | **490.752,00** | **273.151,00** |
| 403400 | Печатарски услуги | 490.752,00 | 273.151,00 |
| **404** | **Превозни транспортни услуги** | **1.282.332,00** | **1.495.219,00** |
| 404500 | Поштарина (писма, печ.материјал, пакети и сл.) | 174.113,00 | 212.306,00 |
| 404600 | Телефонски давачки, давачки за тел. и слично | 1.108.219,00 | 1.282.913,00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **767.591,00** | **820.198,00** |
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 767.591,00 | 820.198,00 |
| **408** | **Наемнини** | **1.316.938,00** | **1.110.371,00** |
| 408000 | Наемнина за користење градежни објекти | 1.316.938,00 | 1.110.371,00 |
| **409** | **Други материјални расходи** | **496.241,00** | **1.785.078,00** |
| 409000 | Судски и административни такси | 34.550,00 | 167.246,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература | 126.474,00 | 117.944,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар, советување и сл., | 18.961,00 | 67.753,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 26.670,00 | 28.135,00 |
| 409500 | Расходи за одржување на конгреси, работилници | 289.586,00 | 1.404.000,00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **90.149,00** | **88.421,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 73.917,00 | 82.179,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 16.232,00 | 6.242,00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **113.487,00** | **201.898,00** |
| 412100 | Премии за осигурување недвижности и права | 51.240,00 | 105.666,00 |
| 412200 | Премии за осигурување на моторни возила | 62.247,00 | 96.232,00 |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1.713.738,00** | **1.475.715,00** |
| 413000 | Дневници за службени патувања во земјата | 25.400,00 | 55.080,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 413100 | Дневници за службени патувања во странство | 314.368,00 | 284.090,00 |
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во земјата | 29.560,00 | 10.490,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во странство | 655.594,00 | 399.329,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци за ноќевање за сл.пат во земјата | 25.132,00 | 102.521,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање за сл.пат во странство | 661.173,00 | 620.794,00 |
| 413720 | Други надоместоци во врска со службен пат во странство | 2.511,00 | 3.411,00 |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** | **11.274.199,00** | **12.944.255,00** |
| 414800 | Јубилејни награди | 408.916,00 | 81.362,00 |
| 414900 | Други надоместоци | 1.844.982,00 | 2.531.648,00 |
| 414901 | Други надоместоци – Членови на Совет на Агенцијата | 9.020.301,00 | 10.331.245,00 |
| **415** | **Курсни разлики** | **1.712,00** | **410,00** |
| **415000** | Негативни курсни разлики | 1.712,00 | 410,00 |
| **416** | **Членарини** | **222.300,00** | **222.300,00** |
| 416300 | Членарини на меѓународни и други организации | 222.300,00 | 222.300,00 |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **6.856.138,00** | **7.340.848,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 3.989.396,00 | 4.574.035,00 |
| 417400 | Адвокатски услуги | 366.000,00 | 366.000,00 |
| 417500 | Нотарски услуги | 7.085,00 | 8.139,00 |
| 417700 | Други лични и интелектуални услуги | 93.210,00 | 92.521,00 |
| 417800 | Други неспомнати услуги-истражување | 2.400.447,00 | 2.300.153,00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **2.457.001,00** | **2.802.259,00** |
| 418800 | Други расходи | 2.457.001,00 | 2.802.259,00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **2.064.770,00** | **6.268.968,00** |
| 441200 | Купување-набавка на машини, уреди, инструменти (информатичка опрема) | 2.034.780,00 | 0,00 |
| 441500 | Купување – набавка на друга опрема | 29.990,00 | 6.268.968,00 |
| **442** | **Други капитални средства** | **100.831,00** | **98.291,00** |
| 442100 | Откуп на патенти, лиценци и други права | 100.831,00 | 98.291,00 |
| **450** | **Помошти, донации и други давања на субјекти** | **250.000,00** | **1.300.000,00** |
| 450100 | Помошти и други давања на субјекти | 250.000,00 | 1.300.000,00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **51.194.894,00** | **60.550.025,00** |
| 460000 | Нето плати и надомести на плати | 33.733.792,00 | 39.822.564,00 |
| 460200 | Персонален данок на плати и надомест на плати | 3.126.540,00 | 3.772.410,00 |
| 460300 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 9.624.629,00 | 11.384.089,00 |
| 460310 | Придонес за вработување | 614.351,00 | 726.652,00 |
| 460320 | Придонес за здравствено осигурување | 3.839.603,00 | 4.541.529,00 |
| 460330 | Придонес за професионално заболување | 255.979,00 | 302.781,00 |
| **470** | **Данок на додадена вредност** | **658,00** | **0,00** |
| 470 | Данок на додадена вредност | 658,00 | 0,00 |

## Б ПРИХОДИ

| **Ставка** | Приходи | **Реализирано 2022** | **Реализирано 2023** |
|---|---|---|---|
| | Приходи од Буџетот на РСМ за изборен процес во 2021 година (локални избори) искористени на почетокот на 2022 година (за банкарски провизии, месечни провизии и за затварање на сметката на Агенцијата). | 7.962,00 | 0,00 |
| | Приходи од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса | 54.430.568,00 | 54.351.919,00 |
| | Приходи од надоместок за дозволи за телевизиско и радио емитување | 17.931.404,00 | 30.931.171,00 |
| | Приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | 10.525.447,00 | 10.620.245,00 |
| | Приходи од транзитни фактури | 1.047.263,00 | 1.045.762,00 |
| | Приход од позитивни курсни разлики | 959,00 | 1.026,00 |
| | Други приходи | 77.195,00 | 135.583,00 |
| | **Вкупно** | **84.020.798,00** | **97.085.706,00** |